Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 236, 12 јули 2019 година

јули 2019 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област токсикологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен доцент за наставно-научната област онкологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во научно-стручно звање лектор за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 94

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: доц. д-р Кирил Барбареев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Марија Манева
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТОКСИКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр 2007-76/1 од 18.3.2019 година донесена на 217. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 17.3.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник за наставно-научна област токсикологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 1.3.2019 година и во предвидениот рок се пријави вон. проф. д-р Андон Чибишев.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Андон Чибишев е роден на 11.11.1959 година во Чирчик, Русија, каде што неговите родители емигрирале по завршувањето на Граѓанската војна во Грција. Во 1965 година се доселува во Р. Македонија, во Скопје, каде што го завршува основното и средното образование. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломира во 1985 година. Во 1988 година се вработува во Воената болница во Скопје, а од август 1988 година е вработен на Универзитетската клиника за токсикологија. Специјализација по интерна медицина завршува во 1993 година, а во 2002 година е избран во звањето примариус. Во периодот 1999-2001 година и 2007-2014 година е стручен директор на Клиниката, а од 21.8.2001 година до 30.10.2002 година е член на Владата на РМ како државен секретар во Министерството за здравство. Во периодот од 2014 до крајот на 2016 година е пратеник во Собранието на Република Македонија.

Во 1994 година е избран за асистент на Медицинскиот факултет во Скопје и до 2005 година учествува во изведувањето на практични вежби по предметот Интерна медицина за студентите по медицина и стоматологија. Интензивно учествува во едукација на специјализанти по интерна медицина, инфектологија и неврологија.

На 9.10.2012 година е избран за насловен доцент по предметот Интерна медицина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

На 2.9.2014 година е избран за вонреден професор по предметот Интерна медицина (научна област токсикологија) на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Член е на многу домашни и меѓународни стручни организации (токсиколози, ЕСПЕН, критично болни пациенти), како и на Стручната комисија за хемикалии во Министерството за здравство. Учествува како експерт во изработка на многу закони и подзаконски акти, стратегии, национални извештаи, програми и сл. Раководител е и учесник во повеќе меѓународни и домашни научни проекти и студии. Стручен соработник и рецензент на научната база на McMaster University во Канада, списанието „American Journal Of Gastroenterology“, списанието „Toxicology and Industrial health“.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

1. Избран е во звање асистент на Медицинскиот факултет во Скопје, Одлука број 02-14-14 од 11.7.1994 година за наставно-научната област токсикологија; избран е за насловен доцент на Медицинскиот факултет во Скопје со Одлука бр.02-4341/16 од 10.10.2012 година; избран е за вонреден професор со Одлука бр.2502-207/15 од 2.9.2014 година.
2. Има објавено потребен број на научноистражувачки трудови во соодветната област во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор или меѓународни научни списанија со импакт фактор;
3. Има објавено монографија од областа во којашто работи;
4. Постигнувања во примената на истражувачките резултати и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност;
5. Научните трудови објавени во последните пет години со кои проф. д-р Андон Чибишев ги исполнува законските критериуми за избор во звање редовен професор се:

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/ со импакт фактор во последните пет години:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Chibishev A, Zdravkovska M, Jankulovska M. | Wild Mushrooms: An Exclusive Delicacy or Last Meal. | Am J Gastroenterol. 2018 Jun;112(6):971-972 | 10,4 |
| 2. | Chibishev A, Davceva N, Shikole E,Bozinovska C. | Acute corrosive poisonings - Frequent cause for fatal outcome. | Am J Emerg Med. 2018 Oct;36(10):1904-1905 | 1,494 |
| 3. | Chibishev A, Bozinovska C, Gulabovski R. | Clinical evaluation and management of acute corrosive poisoning in adult patients - A ten year experience. | Am J Emerg Med. 2018 Jul 21. pii: S0735-6757(17)30615-0 | 1,494 |
| 4. | Chibishev A, Petkovska L, Tozija L, Zdravkovska M, Shikole E s.. | The role of hemodialysis in treatment of acute acetic acid poisoning | Int J Artif Organs. 2017 May 29;40(5):219-223. | 1,169 |
| 5. | Andon Chibishev, Zanina Perevska, Natasha Simonovska, Lidija Petkovska, Milena Miletic, Emilija Shikole | Severe mushroom poisoning in one Macedonian family, | Int J Artif Organs 2015; 38 (8): 425-432 | 1,169 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Simonovska N, Chibishev A, Bozinovskal C, Grchevska L, Dimitrovskil K, Neceva V. w | The Presence of Some Humoral Immunologic Indicators and Clinical Manifestations in Cryoglobulin Positive Heroin Addicts without Evidence of Hepatitis Virus Infection. | Srp Arh Celok Lek. 2015 May-Jun;143(5-6):296-300. | 0,285 |
| 7. | A.Chibishev, N,Simonovska,;, | Acute unintentional intoxication with paraffin in a 25-year old patient_ Clinical case report | Journal of forensic and legal medicine; 2014, 26, (1-4 ) | 1,135 |

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание |
|---|---|---|---|
| 1. | Chibishev A, Markoski V, Smokovski I, Shikole E, Stevcevska A. | NUTRITIONAL THERAPY IN THE TREATMENT OF ACUTE CORROSIVE INTOXICATION IN ADULTS. | Mater Sociomed. 2016 Feb;28(1):66-70. doi: 10.5455/msm.2016.28.66-70. Epub 2016 Jan 30 |
| 2. | Chibishev A, Glasnovic M, Miletic M, Smokovski I, Chitkushev L. | Influence of age on the survival and mortality rate in acute caustic poisonings. | Mater Sociomed. 2014 Aug;26(4):272-6. doi: 10.5455/msm.2014.26.272-276. Epub 2014 Aug 26 |
| 3. | Petkovska L, Chibishev A, Stevcevska A, Smokovski I, Petkovski D, Antova E. | Multi-System Complications after Intravenous Cocaine Abuse. | Open Access Maced J Med Sci. 2017 Mar 22;5(2):231-235 |
| 4. | Lidija Petkovska, Zvezdana Petronievic, Andon Chibishev, Dushan Petkovski et all. | Monoxidil overdosage: A case report | Мак.мед.преглед 2016; 70 (2) : 105-108 |
| 5. | Petkovska L , Chibishev A, Smokovski I, Petronievic Z et all. | Prevalence and risk factors for pre-diabetes and diabetes after kidney transplantation | Physioacta Vol .11 –N 1 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот проф. д-р Андон Чибишев е вклучен во наставно-образовната дејност од 1994 година кога е избран за асистент на Клиниката за токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје (Одлука бр.02-14-14 од 11.7.1994). Во звање насловен доцент е

избран во 2012 година (Одлука бр.02-4341/16 од 10.10.2012 година), а на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е избран за вонреден професор за наставно-научната област клиничка токсикологија со Одлука бр. 2502-207/15 од 2.9.2014 година. Во периодот по неговиот избор во звање вонреден професор учествува во наставно-образовниот процес / во едукација на студенти преку предавања на ФМН при УГД на I циклус студии.

Во периодот по неговиот избор во звање вонреден професор учествува во наставно-образовниот процес во едукација на студенти преку предавања на ФМН при УГД на I циклус студии. Предмети од прв циклус студии – студиска програма Општа медицина:

- Интерна медицина 2 (Клиничка токсикологија);
- Ургентна медицина со нега.

Проф. д-р Андон Чибишев има големо искуство во наставно-образовната дејност со студенти по медицина и стоматологија, специјализанти по интерна медицина, медицина на трудот, инфектологија и психијатрија.

- Учествува во практичната настава за студенти по медицина и стоматологија и специјализанти по интерна медицина, медицина на трудот, инфектологија и психијатрија;
- Одржување на вежби по предметот Интерна медицина;
- Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика;
- Практична настава за специјализанти по интерна медицина, медицина на трудот, инфектологија и психијатрија.
- Настава во школи и работилници;
- Учествува како учесник во повеќе школи и работилници од областа на интерна медицина, токсикологија, анестезиологија со реанимација, адиктологија;
- Консултации со студенти;
- Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка пракса;
- Ментор и едукатор на здравствена едукација;
- Ментор на специјалистичка работа;
- Одржување на теренска настава (теренска едукација на екипите за итна медицинака помош);
- Одржување на настава во институции од јавен интерес.

Кандидатот проф. д-р Андон Чибишев бил ментор на дипломски трудови и ментор на 6 специјализанти од областа на интерна медицина.

Кандидатот проф. д-р Андон Чибишев е автор на монографија „Начин на работа на тимовите за итна медицина помош“ и рецензиран учебник „Клиничка токсикологија - итна дијагноза и третман“.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Во последните пет години кандидатот проф. д-р Андон Чибишев има објавено 12 труда во меѓународни списанија од кои седум (7) труда се во списанија со импакт фактор, додека пет (5) труда се во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

Кандидатот проф. д-р Андон Чибишев има објавено вкупно 58 научни труда (in extenzo) од кои 11 труда се објавени во списанија со импакт фактор, а 24 труда се објавени во списанија кои се индексирани во базата Pub Med.

1. Кандидатот е супервизор и рецензент на научни трудови кои се архивираат во научната база на McMaster University, McMaster Online Rating of Evidence (MORE), Health Information Research Unit;
2. Рецензент на списанието „American Journal of gastroenterology“;
3. Рецензент на списанието „Toxicology and Industrial Health“.

Кандидатот има повеќе од 100 цитати на авторски трудови во периодот 2009-2018 г., од кои повеќето се во најпрестижни списанија со импакт фактор.

Учествува на повеќе научни состаноци и советувања на кои презентирал сопствени научни трудови од обласста на клиничката токсикологија.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот во периодот на неговото долгогодишно работење во Универзитетската клиника за токсикологија во Скопје е на повеќе раководни функции во установата. Во периодот 1999-2001 година и периодот 2007-2014 година е стручен директор на Клиниката. Во периодот 2001-2002 година е член на Владата на РМ како државен секретар во Министерството за здравство. Во периодот 2014-2016 година е пратеник во Собранието на РМ.

Во овој период активно учествува како поканет гостин на стручни предавања во земјава, како и во стручно-популарни емисии на електронски и пишани медиуми. Член е на неколку стручни здруженија во земјава и надвор од неа.

Кандидатот во последниве пет години учествува на повеќе конгреси, семинари и работилници како поканет предавач:

1. Употреба на смартфони, консумирање на алкохол и психотропни супстанции - опасно по живот на младите во сообраќајот (учество како модератор на тркалезна маса). Организација на Републички совет за безбедност во сообраќајот;
2. Учество со усна презентација на научна конференција: Coordination and national reporting for drugs and drugs issue;
3. Злоупотреба на алкохол и дрога во сообраќајот. Одржано предавање по покана на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје;
4. Усна презентација на стручен состанок на Здружение на токсиколози на Македонија. Тема: „Клиничка ентерална и парентерална нутриција“ (2017);
5. Усна презентација на стручен состанок на Здружение на токсиколози на Македонија. Тема: „Акутни корозивни труења-честа причина за фатален исход“ (2019).

***Учество во владини или универзитетски комисии и работни групи***

1. Кандидатот бил член на 18 владини стручни комисии формирани од министерот за здравство.
2. Има учествувано како експерт во 15 комисии за изработка на национални документи (закони, стратегии).
3. Како член на владини комисии има направено:

- Супервизија на 50 (педесет) експертски мислења во Комисијата за опасност и класификација на хемикалии и Комисијата за отрови.
- Ревизија на 52 (педесет и два) предмети во Етичка комисија.
- Стручна ревизија на 13 (тринаесет) судски предмети со барање и решение на судски органи (како лиценциран судски вештак од токсикологија).
- Стручна ревизија на 13 (тринаесет) медицински предмети со решение на министерот за здравство.

***Членство во стручни здруженија***

- Член на Здружение на токсиколози на РМ.
- Член на Здружение на критично болни пациенти.

***Листа на трудови и евалуација на трудовите за изборот на проф. д-р Андон Чибишев (публикувани во последните 5 години)***

1. **Chibishev A**, Petkovska L, Tozija L, Zdravkovska M, Shikole E The role of hemodialysis in treatment of acute acetic acid poisonings..Int J Artif Organs. 2017 May 29;40(5):219-223.

Трудот обработува десетгодишен материјал на труења со концетрирана оцетна киселина на клинички материјал од Универзитетската клиника за токсикологија во Скопје.

Посебно внимание е насочено кон активните методи кои се користат при третманот на овие труења, односно при компликациите кои се јавуваат како резултат на токсичното дејство на кророзивот и неговите составни компоненти. Акутните труења со концетрирана оцетна киселина често како компликација пројавуваат акутна бубрежна и/или хепатална слабост заради што имаат потреба од екстракорпорална дијализа. Нашата студија покажа дека оваа метода често може да биде од пресудно значење при третманот на овие труења и нивните компликации.

Chibishev A, Davceva N, Shikole E, Bozinovska C. Acute corrosive poisonings - Frequent cause for fatal outcome, Am J Emerg Med. 2018 Oct;36(10):1904-1905. Epub 2018 Feb 9.

Трудот ја обработува проблематиката на акутните корозивни труења односно еден од сè уште нерешливите проблеми кај овие труења, а тоа е високата смртност. Евалуиран е десетгодишен клинички материјал од Универзитетската клиника за токсикологија и селектирани се случаите кои имале неповолен исход. Проучени се возраста, полот, корозивното средство, интервалот на преживување кај пациенти со акутно корозивно труење хоспитализирани и третирани на клиниката. Заклучокот е дена и покрај напредокот во поглед на клиничката презентација, дијагнозата и менаџментот на овие труења процентот на смртни случаи сè уште е висок и треба и понатаму да се работи на негово намалување.

1. **Chibishev A**, Zdravkovska M, Jankulovska M. Wild Mushrooms: An Exclusive Delicacy or Last Meal. Am J Gastroenterol. 2018 Jun;112(6):971-972.

Трудот е десетгодишна студија на автентичен клинички материјал од Универзитетската клиника за токсикологија. Обработени се полот, возраста, годишното време кога најчесто се појавуваат, типот на диви печурки кои најчесто се причина за труењата, биолошките компликации и смртноста. Заклучокот е дена и покрај секојдневните едукативни и популарни статии и укажувања упоребата на диви печурки без основните познавања на својствата на истите не се намалува и затоа несаканите инциденти кои притоа настануваат се во постојан пораст.

2. **Chibishev A**, Bozinovska C, Gulabovski R. Clinical evaluation and management of acute corrosive poisoning in adult patients - A ten year experience. Am J Emerg Med. 2018 Jul 21.

Трудот е десетгодишна студија на материјал од Универзитетската клиника за токсикологија во кој е направена клиничка евалуација на 734 случаи на акутни корозивни труења. Пациентите се обработени по пол, возраст, тип на ингестирано средство, мотив на труењето, терапискиот менаџмент кој бил применет при третманот на труењата. Заклучокот е дека акутините корозивни труења се најчести во средната возраст кога и работоспособноста е најголема, почеста е кај жените, труењата се во голем број суицидални и современата терапијата која денес се користи дава задоволителни резултати.

3. **Andon Chibishev,** Zanina Perevska, Natasha Simonovska, Lidija Petkovska, Milena Miletic, Emilija Shikole Severe mushroom poisoning in one Macedonian family, Int J Artif Organs 2015; 38 (8): 425-432

Трудот е приказ на серија од 9 пациенти кои се дел од едно пошироко македонско семејство кај кое настанало труење заради консумација на диви печурки. Детално се опишани сите случаи, нивната клиничка слика, биолошките параметри, епикризата. Потенцирано е тоа што двајца членови на семејството заради тешките црнодробни и бубрежни компликации починале додека останатите по спроведениот тераписки менаџмент успешно закрепнале и се пуштени во добра општа состојба.

4. **A.Chibishev,** N,Simonovska, Acute unintentional intoxication with paraffin in a 25-year old patient_ Clinical case report; Journal of forensic and legal medicine, 2014, 26, 1-4

Трудот е приказ на специфичен случај на физички изгореници на горниот дел на респираторниот тракт и компликации изразени како тешка пневмонија кај пациент кој аматерски се обидувал да стане голтач на пламен. Млад човек од љубопитство се обидел да голтне пламен и притоа тешко се повредил. Заради тешката пневмонија која притоа настанала беше хоспитализиран во одделот за итна медицинска помош. По успешно спроведената терапија е пуштен на домашно лекување.

5. **Simonovska N, Chibishev A,** Bozinovskal C, Grchevska L, Dimitrovskil K, Neceva V. The Presence of Some Humoral Immunologic Indicators and Clinical Manifestations in Cryoglobulin Positive Heroin Addicts without Evidence of Hepatitis Virus Infection. Srp Arh Celok Lek. 2015 May-Jun;143(5-6):296-300.

Трудот е клиничка студија на пациенти зависници од опојни дроги хоспитализирани и третирани на Универзитетската клиника за токсикологија. При евалуацијата на пациентите посебен интерес е изразен на имунолошките индикатори и клиничките манифестации кај хепатитис Ц позитивните пациенти.

6. **Andon Chibishev,** Marija Glasnovic, Milena Miletic, Ivica Smokovski, Lou Chitkushev. Influence of Age on the Survival and Mortality Rate in Acute Caustic Poisonings; Mater Sociomed 2014; 26(4): 272-276

Трудот е клиничка студија на автентичен материјал од Универзитетската клиника за токсикологија. Евалуирани се возраста на пациентите и поврзаноста со интервалот на преживување. Заклучокот е дека кај повозрасни пациенти процентот на преживување е помал, компликациите се почести и потешки, а третманот на пациентите е потешко спроведлив.

7. **Petkovska L, Chibishev A,** Stevcevska A, Smokovski I, Petkovski D, Antova E.Multi-System Complications after Intravenous Cocaine Abuse.Open Access Maced J Med Sci. 2017 Mar 22;5(2):231-235.

Трудот е ревијална студија за мултисистемските компликации кај интравенска злоупотреба на кокаин. Опишан е случај кај кој заради интравенско инјектирање на кокани се јавиле бројни системски компликации кои можат да го загрозат животот на пациентот. Заклучокот е дека ваквите експерименти со опојните дроги кои понекогаш ги прават зависниците кои се наши пациенти можат да го загрозат и нивниот живот.

8. **Andon E.Chibishev,** Natasa Simonovska, Cvetanka Bozinovska, Zanina Pereska, Ivica Smokovski, Marija Glasnovic. Respiratory Complications from Acute Corrosive Poisonings in Adults; MSM. 2014; 26(2): 80-83

Трудот е оригинална студија од автентичен материјал од Универзитетската клиника за токсикологија. Опишани се случаи кај кои поради акутно труење со корозивни супстанции настанале тешко респираторни компликации како што се аспирација на корозивот и трахеjална некроза, бронхопневмонија, ларингитис. Заклучокот е дека ваквите компликации се чести и можат сериозно да го искомплицираат пациентот и да го загрозат неговиот живот.

9. **Lidija Petkovska, Zvezdana Petronievic, Andon Chibishev,** Dushan Petkovski et all Monoxidil overdosage: A case report , Мак.мед.преглед 2016; 70 (2) : 105-108

Трудот е приказ на случај, опишана е злоупотреба на моноксидил кај млад пациент. Опишани се сите придружни компликации кои притоа се јавуваат и кои можат да му направат сериозни нарушувања на пациентот и да го искомплицираат иследувањето на пациентот и неговиот третман.

10. **Petkovska L , Chibishev A,** Smokovski I, Пetronievic Z et all. Prevalence and risk factors for pre-diabetes and diabetes after kidney transplantation, Physioacta Vol .11 –N 1 ( 2018)

Трудот е извадок од докторска дисертација во која се евалуирани пациенти кои имале ризик од дијабетес, а биле кандидати за трансплантација на бубрези. Заклучокот е дека ваквите пациенти можат да бидат непогодни за трансплантација заради бројните компликации кои притоа се јавуваат.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Вонреден професор д-р Андон Чибишев, вработен со двоен работен однос на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Универзитетската клиника за токсикологија во Скопје е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област токсикологија за Факултетот за медицински науки, УГД - Штип.

Рецензентската комисија е со мислење дека со целокупната своја досегашна работа вонреден професор д-р Андон Чибишев има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност.

Согласно со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип и според анализата на приложената документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вонреден професор д-р Андон Чибишев ги исполнува критериумите да биде избран во звањето редовен професор. Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага н Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да го прифати предлогот на Комисијата, вонреден професор д-р Андон Чибишев да биде избран во звање редовен професор во наставно-научната област токсикологија и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатот да биде избран во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област токсикологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Лабачевски**, претседател, с.р.
**Проф. д-р Даниела Чапароска**, член,
**Проф. д-р Мирјана Ѓукиќ**, член, с.р.

**ТАБЕЛА**
**на активности кои се бодираат при изборот во звање редовен професор за вон. проф. д-р Андон Чибишев**

| Ред.бр. | Наставно -образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| 1. | Избор во звање асистент | 15 | |
| 2. | Избор во звање доцент | 30 | |
| 3. | Избор во звање вонреден професор | 40 | |
| 4. | Вкупно бодови | 85 | |
| Ред.бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | |
| 1. | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) | во земјава | во странство |
| 1/1 | Acute corrosive poisonings - Frequent cause for fatal outcome.<br>Chibishev A, Davceva N, Shikole E, Bozinovska C.Am J Emerg Med. 2018 Oct;36(10):1904-1905. doi: 10.1016/j. ajem.2018.02.010. Epub 2018 Feb 9.<br>IF.1,169 | | 15+ 1,494 |
| 1/2 | Clinical evaluation and management of acute corrosive poisoning in adult patients - A ten year experience.<br>Chibishev A, Bozinovska C, Gulabovski R.<br>Am J Emerg Med. 2018 Feb;36(2):328-329. doi: 10.1016/j. ajem.2017.07.067. Epub 2017 Jul 21. | | 15 + 1,494 |
| 1/3 | Wild Mushrooms: An Exclusive Delicacy or Last Meal.<br>Chibishev A, Zdravkovska M, Jankulovska M.<br>Am J Gastroenterol. 2017 Jun;112(6):971-972. doi: 10.1038/ ajg.2017.86. | | 15 +10,4 |
| 1/4 | The role of hemodialysis in treatment of acute acetic acid poisonings.<br>Chibishev A, Petkovska L, Tozija L, Zdravkovska M, Shikole E.Int J Artif Organs. 2017 May 29;40(5):219-223. doi: 10.5301/ijao.5000588. Epub 2017 May 10. | | 15+1,169 |
| 1/5 | Severe mushroom poisoning in one Macedonian family.<br>Chibishev A, Perevska Z, Simonovska N, Petkovska L, Miletic M, Shikole E.<br>Int J Artif Organs. 2015 Aug;38(8):425-32. doi: 10.5301/ ijao.5000428. Epub 2015 Sep 5. | | 15 =1,169 |
| 1/6 | The Presence of Some Humoral Immunologic Indicators and Clinical Manifestations in Cryoglobulin Positive Heroin Addicts without Evidence of Hepatitis Virus Infection.<br>Simonovska N, Chibishev A, Bozinovskal C, Grchevska L, Dimitrovskil K, Neceva V. Srp Arh Celok Lek. 2015 May-Jun;143(5-6):296-300. | | 10+0,285 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | | |
| 2/1 | NUTRITIONAL THERAPY IN THE TREATMENT OF ACUTE CORROSIVE INTOXICATION IN ADULTS. Chibishev A, Markoski V, Smokovski I, Shikole E, Stevcevska A. Mater Sociomed. 2016 Feb;28(1):66-70. doi: 10.5455/msm.2016.28.66-70. Epub 2016 Jan 30. | | 9 |
| 2/2 | Influence of age on the survival and mortality rate in acute caustic poisonings. Chibishev A, Glasnovic M, Miletic M, Smokovski I, Chitkushev L. Mater Sociomed. 2014 Aug;26(4):272-6. doi: 10.5455/msm.2014.26.272-276. Epub 2014 Aug 26. | | 9 |
| 2/3 | Multi-System Complications after Intravenous Cocaine Abuse. Petkovska L, Chibishev A, Stevcevska A, Smokovski I, Petkovski D, Antova E. Open Access Maced J Med Sci. 2017 Mar 22;5(2):231-235. doi: 10.3889/oamjms.2017.046. eCollection 2017 Apr 15. | | 6 |
| 2/4 | Monoxidil overdosage: A case report<br>Lidija Petkovska, Zvezdana Petronievic, Andon Chibishev, Dushan petkovski et all. Мак.мед.преглед 2016; 70 (2) : 105-108 | | 3 |
| 2/5 | Prevalence and risk factors for pre-diabetes and diabetes after kidney transplantation<br>Petkovska L , Chibishev A, Smokovski I, petronievic Z et all.<br>Physioacta Vol .11 –N 1 | | 6 |
| 3. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | | |
| 3/1 | 3/1 Употреба на смартфони, консумирање на алкохол и психотропни супстанции-опасно по живот на младите во сообраќајот - (учество како модератор на тркалезна маса) | 3 | |
| 3/2 | Учество со усна презентација на научна конференција: Coordination and national reporting for drugs and drugs issue | | 6 |
| 4. | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | | |
| 4/1 | Одржано предавање на покана на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје<br>Злоупотреба на алкохол и дрога во сообраќајот | 2 | |
| 5 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5/1 | - Усна презентација на стручен состанок на Здружение на токсиколози на Македонија.<br><br>Тема: Клиничка ентерална и парентерална нутриција (2017)<br>Тема: Акутни корозивни труења - честа причина за фатален исход | 3<br><br>3 | |
| 6. | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 7. | Одбранета магистерска теза | 4 | |
| 8. | Раководител на научен проект | 4 | |
| 9. | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | | |
| 9/1 | Рецензент на Mc master University, Mc master online rating of evidence, health infiormation research unit (7 recenzii) | 14 | |
| 9/2 | Рецензент на American journal of gastroenterology | 2 | |
| 9/3 | Рецензент на Toxicology and industrial health | 2 | |
| 10. | Вкупно бодови | 185,11 | |
| Ред.бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | | |
| | Книга<br>Клиничка токсикологија-итна дијагноза и третман | 10 | |
| 2. | Стручна монографија<br>„Начин на работата на тимовите во итната медицинска помош“ (коавтор) | 3 | |
| 3. | Изготвување на извештаи од анализи | | |
| 3/1 | Изготвување на национална стратегија за дроги | 0,1 | |
| 3/2 | Изготвување на национална програма за дроги | 0,1 | |
| 3/3 | Изготвување на процедури за респираторен, уринарен и дигестивен систем во пилот-проектот за упатување на осигурениците при користење на правото на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита | 0,3 | |
| 3/4 | Член на универзитетски или владини тела<br>Член на Комисија за дроги и психотропни супстанции | 5 | |
| 4. | Вкупно бодови | 18,5 | |
| | Вкупен број бодови по сите основи | 288,61 | |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ОНКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-11/3 од 5.6.2019 година донесена на 223. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 5.6.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област онкологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 23.5.2019 година и во предвидениот рок се пријави д-р Дева Петрова.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Дева Петрова** е родена во 1971 година во Скопје. Средно училиште завршува во Скопје. Додипломските студии по општа медицина ги завршува во 1996 година на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, со просечен успех 8.73.

Од 2000 до 2013 година работи на Клиниката за онкологија и радиотерапија во Скопје. Завршува специјализација по онкологија и радиотерапија на Медицинскиот факултет во Скопје во октомври 2005 година. Остварува повеќе стручни престои на Универзитетската клиника во Брисел, како и во болницата „Маслак“ од групацијата Аџибадем во Истанбул, Турција.

Учествува на голем број стручни собири, конгреси, симпозиуми во земјава и во странство со свои изложувања. Учествува на повеќе курсеви од областа на радиотерапијата организирани од Меѓународната агенција за атомска енергија и тоа во Даблин, Братислава и Виена.

Во 2011 година се запишува на докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Докторира на Медицинскиот факултет во Скопје на 15.3.2018 година со просечна оценка 9.2 и се стекнува со звање доктор на медицински науки од областа на клиничка медицина, на тема „Елективна конформална радиотерапија надополнета со сегментни полиња наспроти конформална радиотерапија со тангенцијални полиња кај пациенти со рак на дојка”.

Од 2013 година до денес работи како специјалист по радиотерапија и онкологија во Клиничката болница „Аџибадем систина“, каде што е и шеф на Одделот за онкологија и радиотерапија.

Вклучена е во меѓународни, мултицентрични, научноистражувачки проекти во полето на онкологијата. Зборува течно англиски јазик.

***Потребни документи за исполнување на условите од Конкурсот:***

- Пријава/има.
- Диплома и уверение за завршено соодветно образование, одбранета докторска дисертација – има.
- Уверение за положени испити со просек од студиите 8.73 – има,
- Кратка биографија – има.
- Потврда дека се служи активно со еден од светските јазици – има.

- Список на објавени научни и стручни трудови и публикации – има.
- По еден примерок од трудовите – има.
- Препорака од двајца редовни професори од соодветната област од која се врши изборот – има.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

- Доктор на науки од областа на медицински науки - клиничка медицина, радиотерапија и онкологија (15 март 2018 година, Медицински факултет – Скопје).
- Остварен просечен успех од 8.73 од студиите на Медицински факултет – Скопје.
- Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Petrova D, Smichkoska S, Lazarevska E. | Conformity Index and Homogeneity Index of the Postoperative Whole Breast Radiotherapy | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 7 години (списанието излегува од 2012 година), меѓународно списание |
| 2 | Petrova D, Smickoska S,Stefanovski Z | Elective conformal radiotherapy with additional segment fields in patients with breast cancer | Journal of Macedonian Association of Physiologists and Antropologist, | 7 години (списанието излегува од 2012 година), меѓународно списание |
| 3 | Petrova D,Kraleva S, Muratovska L, Crcareva B | Primary Seminoma Localized in Mediastinum : Case Report “ | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 7 години (списанието излегува од 2012 година), меѓународно списание |
| 4 | Petrov A,Kraleva S, Kubelka-Sabit K, Petrova D | Treatment of a Patient with Merkel Cell Skin Carcinoma Using Radiation Therapy –A Case Report | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 7 години (списанието излегува од 2012 година), меѓународно списание |

1. Или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Petrova D,Kraleva S, Muratovska L, Crcareva B | Primary Seminoma Localized in Mediastinum : Case Report | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 7 години (списанието излегува од 2012 година), меѓународно списание |
| 2 | Petrova D, Smichkoska S, Lazarevska E. | Conformity Index and Homogeneity Index of the Postoperative Whole Breast Radiotherapy | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 7 години (списанието излегува од 2012 година), меѓународно списание |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

**Д-р Дева Петрова** е избрана за помлад асистент по предметот Онкологија и радиотерапија на Медицинскиот факултет во Скопје во 2009 година, а во 2011 година е избрана за асистент по истиот предмет на Медицинскиот факултет во Скопје.

Учествувала во домашни и меѓународни научноистражувачки проекти од областа на онкологија и радиотерапија.

Учествувала на голем број стручни собири, конгреси, симпозиуми во земјава и во странство со свои изложувања.

Реализирала неколку стручни престои во странство на Универзитетската клиника во Брисел, како и во Аџибадем во Истанбул (Турција).

Докторирала на Медицинскиот факултет во Скопје на 15 март 2018 година.

***Трудови***

1. **Petrova D**, Smichkoska S, Lazarevska E. “Conformity Index and Homogeneity Index of the Postoperative Whole Breast Radiotherapy“, објавен во Oppen Access Macedonian J Med Sci.2017 Oct 15; 5 (6):736-739.

Во трудот е направена анализа на два параметри и тоа конформалниот индекс и индексот на хомогеност компаративно кај две различни техники на спроведување на конформална радиотерапија кај пациентки со конзервативно третиран карцином на дојка. Анализата била направена на радиотераписките планови на 58 пациентки кај кои е спроведена радиотерапија на дојка, при што преку анализа на конформалниот индекс и индексот на хомогеност се дошло до заклучок дека додавањето на сегментните полиња при планирањето на зрачниот третман кај овие пациентки обезбедува подобра хомогеност и конформалност на дозата во целниот волумен.

2. **Petrova D**, Smickoska S, LS tefanovski Z. “Elective conformal radiotherapy with additional segment fields in patients with breast cancer“, објавен во Physioacta, Journal of Macedonian Association of Physiologists and Antropologist,Vol.10(1):41-50.

Во овој труд се анализирани 28 пациентки со карцином на дојка и тоа 20 пациентки со конзервативно хируршки третиран на карцином на дојка и 8 пациентки кај кои е спроведена радикална мастектомија. Сите вклучени пациентки се третирани со радиотерапија на линеарен акцелератор со користење на x зраци со енергија од 6MV. За секој пациент се генерирани два плана, еден со користење на стандардна техиника на зрачење со тангенцијални полиња и еден со користење на техника со сегментни полиња. Анализирана е дозната покриеност на планираниот целен волумен означен како PTV-EVAL и дозата во органите од ризик. Од добиените резултати е заклучено дека техниката со сегменти полиња е алтернатива во зрачниот третман кај пациенти со рак на дојка каде што не може да се постигне оптимална дозна покриеност со користење на техника со две тангенцијални полиња.

3. **Petrova D,**Kraleva S, Muratovska L, Crcareva B “Primary Seminoma Localized in Mediastinum : Case Report“, објавен во Oppen Access Macedonian J Med Sci.2019 Feb 15; 7(3):384-387.

Презентираниот труд прикажува случај на 34-годишен маж со медијастинален тумор со големина од 19 см, со присутен плеврален и перикарден излив. По спроведените клинички иследувања кај пациентот била поставена дијагноза на примарен медијастинален семином. Примарните екстрагонадални герминативни тумори се ретки и опфаќаат 1-5% од сите герминативни малигни тумори (germ cell malignancies). Најчестите екстрагонадални локализации се медијастинум и ретроперитонеум. Со оглед на реткоста на овој случај истиот е обработен низ приказ на дијагностичките процедури, спроведениот онколошки третман со хемотерапија по БЕП протокол и анализа на одговорот на истата. Пациентот е третиран во Клиничката болница „Аџибадем систина“ на Одделот за онкологија и радиотерапија, при што се спроведени 4 циклуси на хемотерапија по БЕП протокол и зрачен третман на резидуалниот тумор во медијастинум. По спроведениот третман кај пациентот е направен контролен ПЕТ-ЦТ и добиен наод за комплетна ремисија на болеста. Пациентот сè уште се јавува на редовни контролни прегледи и е без знаци за активна болест во период од 5 години на следење.

4. Petrov A, Kraleva S, Kubelka-Sabit K, **Petrova D** "Treatment of a Patient with Merkel Cell Skin Carcinoma Using Radiation Therapy – A Case Report"објавен во Oppen Access Macedonian J Med Sci.2018 Apr 15; 6(4):669-672

Во овој труд е прикажан редок случај на пациентка на 93-годишна возраст со дијагностициран Merkel Cell Skin Carcinoma, а со оглед на возраста, коморбидитетите, болеста е третирана со радиотерапија. Примарната локализација на туморот е на кожата во фронталната регија, од каде што е земена биопсија и е поставена хистопатолошка дијагноза. Пациентката е третирана во Клиничката болница „Аџибадем систина", каде што се спроведе зрачен третман на линеарен акцелератор и дојде до комплетен одговор и повлекување на туморот. Случајот е прикажан поради раритетноста на овој хистопатолошки ентитет и индивидуализираниот начин на третман согласно со возраста на пациентката и неможноста од спроведување на оперативен третман.

5. Carcinomas of maxillary sinus- treatment and results, Trajkova s, Todorovska V, **Petrova D,** Grozdanovska B, Stojkovski I, Second Macedonian Congress of radiology with international participation, Ohrid, Macedonia, 2000

Трудот претставува анализа на 44 пациенти со дијагностициран карцином на максиларен синус лекувани на Институтот за онкологија и радиотерапија во период од 1990 до 1995 година. Пациените се лекувани со комбиниран третман во 56% од случаите и со дефинитивна хеморадиотерапија во 44% од случаите. Направена е анализа на одговорот на терапијата и корелацијата со начинот на третман, големината на туморот, како и анализа на појавата на локален и далечен релапс на болеста.

6. Gastrointestinal non-Hodgkin's lymphomas : Tretment outcome, Dimitrovska A,Nikolova L, Tolevska C, Stojkovski I, **Petrova D**, Ristevski M, Cakalarovski P, Institute of Radiotehrapy and Oncology ,Skopje, Macedonia, World Congress of Gastroinetstinal cancer 15-18 June 2005, Barcelona, Spain

Во овој труд е направена анализа на исходот од третманот кај 56 пациенти со примарен гастроинтестинален non-Hodgkin's лимфом. 39% од пациентите се третирани со комбиниран оперативен и хемотераписки третман и 61% од пациентите се третирани конзервативно со радиотерапија и хемотерапија. Стапката на петгодишно преживување е без значителна разлика во двете групи, т.е. оперативниот третман немал сигнификантно влијание врз преживувањето.

***Трудови презентирани како постери или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми:***

7. Influence of PRV margins on volume deses of lung and heart during left breast irradiation

Z.Stefanovski, E.Lazareva, S.Smickoska, S.Kraleva, **D.Petrova**,University Clinic of radiotherapy and Oncology, Skopje, Macedonia, Balkan Union of Oncology- BUON, 8 Th congress, Proceedings PP 100, 8-11 September 2010,Sibiu, Romania.

8. Rectal carcinoma review of patients characteristics and treatment options

B.Angelovska. Grozdanovska, N. angelovska, S.Aleksovska-Koseva, V.Stojmenovska, **D.Petrova** , Institute of radiotherapy and oncology, Skopje, Macedonia, 6Th Congress, Balkan Union of Oncology B.U.O.N Book of abstracts OP86,13-16 September 2006, Sofia, Bulgaria.

9. Postoperative adjuvant therapy for colon cancer with capecitabine - toxicity evaluation,

N.Angelovska, S. Aleksovska-Coseva, B.Angelovska-Grozdanovska, V.Stojmenovska, **D.Petrova** ,Institute of radiotherapy and oncology, Skopje,Macedonia,6Th Congress, balkan Union of Oncology B.U.O.N. Book of abstracts, PP91, 13-16 September 2006, Sofia, Bulgaria.

10. Tumor markers and bone scan in breast cancer patients

Ugrinska a, Kraleva s, **Petrova D**, Smickoska S, Vaskova O, World Jurnal of Nuclear Medicine Vol 3, Suppl, 1:222, 2004.

***Научноистражувачка работа***

Д-р Дева Петрова учествува како коистражувач во неколку меѓународни мултицентрични студии од областа на онкологијата и тоа:

1. A multicenter single arm phase II trial of trastuzumab (Herceptin) continuation in combination with 2nd line chemoterapies after progression on a 1th line chemoterapy combined with trastuzumab in patients with Her2 positive breast cancer (treatment Beyond Progression, TBP) (2007)
2. A Phase III Randomized Clinical Trial to Evaluate the Efficacy and safety of Neukin (Filgastrim) in patients on adjuvant TAC chemotherapy for breast cancerProtocol code: kWi 300 105 (2008)
3. A Phase III, Randomized, 3 arm,multicentric ,Double-Blind, Placebo-Controlled Clinical Trial to Evaluate the Efficacy and Safety of TDM1 combined with Pertuzumab versus TDM1 combined with placebo versus Trastuzumab+Docetaxel in Previously Untreated Her2-Positive Metastatic Breast Cancer (2009)
4. A Phase 3,randomized, Double-Blind Placebo-Controlled Trial of Neratinib (HKI-272) After Trastuzumab in women with Early Stage Her2/neu Overexpressed/Amplified Breast cancer, Protocol#: 3144A2-3004-WW (2009).

***Приказ на докторската дисертација***

Елективна конформална радиотерапија надополнета со сегментни полиња наспроти конформална радиотерапија со тангенцијални полиња кај пациенти со рак на дојка. Докторска дисертација, Медицински факултет - Скопје, УКИМ, февруари 2017.

Во докторската дисертација е опфатена тема од областа на радиотерапијата. Во неа проспективно се анализирани 100 пациентки со рак на дојка, третирани на Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија и Клиничката болница „Аџибадем систина“ во период од јануари 2011 до јуни 2016 г.

Основната цел на трудот е да се процени дали кај пациентите со рак на дојка по реализирана презервирачка хируршка интервенција или модифицирана радикална мастектомија, техниката на 3Д конформална постоперативна радиотерапија со тангенцијални полиња надополнета со сегментини полиња ќе обезбеди подобра дистрибуција на пропишаната доза во целниот волумен отколку стандардната техника со две тангенцијални полиња, без да се надмине дозата на толеранција во органите од ризик. За таа цел се направи споредбена анализа на повеќе зрачни параметри согласно со двете радиотераписки техники и тоа анализа на дозите во целниот волумен, дозите во органите од ризик (срце и бели дробови), индексот на хомогеност и конформалниот индекс.

Во склоп на секундарните цели на дисертацијата е направена анализа на:

- локалната рецидивност две години по завршениот зрачен третман со техниката со сегментни полиња;
- појава на акутната и доцна кожна токсичност при спроведување на зрачниот третман со користење на техника со сегменти полиња;
- појава на доцните несакани ефекти од спроведениот зрачна третман со користење на техника со сегментни полиња и тоа присуство на фиброза во дојката, присуство на телеангиектазии, хронична болка во зрачната регија и респираторни тешкотии (постирадијациона пулмонална фиброза).

Резултатите од оваа студија покажаа дека употребата на техниката со сегментни полиња во одредени случаи кај пациентки со радикално или конзервативно третиран рак на дојка споредени со стандардната техника со две тангенцијални полиња обезбедува подобра дозна покриеност во целниот волумен, без значајна промена на дозата во органите од ризик. Акутната кожна токсичност беше слабо изразена. Од доцните постирадијациони реакции присутна е постирадијационата фиброза во дојката.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Член е на Здружението на онколози и радиотерапевти на Македонија. Имала активна улога во организациски одбори на повеќе стручни состаноци од областа на онкологијата и радиотерапијата со меѓународно учество организирани во Клиничката болница „Аџибадем систина“. Член е на Европската асоцијација на онколози - ESMO и радиотерапевти - ESTRO. Учествува на повеќе настани организирани од страна на граѓански здруженија за борба против рак со цел подигнување на јавната свест и здравствената култура за важноста од раната дијагноза кај малигните болести.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупно наведената наставна, научноистражувачка и стручно-апликативна, како и организациско-развојна дејност на кандидатката **д-р Дева Петрова** детално е наведено дека кандидатката ги исполнува условите на Законот за високо образование, како и на Правилникот за еднинствените критериуми и постапка за избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за избор во насловно звање доцент по предметот Онкологија. Нејзината научноистражувачка работа е главно фокусирана на онкологијата и радиотерапијата, посебно на третманот на карциномот на дојка.

Д-р Дева Петрова има објавено повеќе трудови од областа на онкологијата и радиотерапијата во меѓународни списанија, учесник е во повеќе значајни научноистражувачки проекти.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и врз база на личното познавање на кандидатката, имаме чест на Наставно-научниот совет да му предложиме да ја избере д-р Дева Петрова во **насловно звање доцент по наставно-научната област онкологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Слаѓана Филиповиќ,** редовен професор во пензија, претседател, с.р.
**Д-р Стојан Радиќ,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Џингис Јашар,** доцент, член, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1202-80/41 од 7.6.2019 година донесена на 171. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 6.6.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Биљана Ангелова**, редовен професор на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
- **д-р Љиљана Конеска,** редовен професор на Економски факултет при Европски универзитет во Скопје (член);
- **д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 23.5.2019 година и во предвидениот рок се пријави единствено доц. д-р Благица Колева.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката доц. д-р Благица Колева, по основ на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи:

1. Пријава;
2. Диплома за завршено соодветно образование – за одбранет докторски труд и стекната квалификација доктор на економски науки од областа на сметководството (1 оригинал и 3 копии заверени кај нотар, веродостојни на оригиналот);
3. Уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – магистер на економски науки од областа на сметководството, со просечен успех 9,76;
4. Уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – дипломиран економист на департман сметководство, со просечен успех 8,59;
5. Кратка биографија – Curriculum Vitae (4 копии);
6. Список на објавени научни и стручни трудови, т.е. референтни научни публикации според ЗВО 2018 во последните 5 години пред објавување на огласот за избор;
7. По еден примерок од трудовите (вкупно 37 рецензирани трудови во референтни научни публикации согласно со ЗВО, достапни на е-репозиториум на УГД);
8. Потврда/сертификат дека се служи со еден странски јазик:
   - Потврда за познавање на странски (англиски) јазик;
   - Сертификат за познавање на странски (англиски) јазик;
9. Докторски труд (1 примерок во печатена форма);
10. Уверение за државјанство (1 оригинал);
11. Рецензирана скрипта од областа сметководство (1 примерок во печатена форма и достапна на е-библиотека на УГД);
12. Рецензиран практикум од областа сметководство (1 примерок во печатена форма и достапна на е-библиотека на УГД);
13. Дополнителни сертификати и потврди: Сертификат за поседување на компјутерски вештини; Сертификат за завршена обука за проценувач на вредноста на капиталот на трговски друштва, јавни претпријатија и други правни лица; Сертификати за предавач на обука од областа на сметководството – спроведување на обуки организирана во рамките на проект; Сертификати за учество на научни собири во земјава и во странство;

Потврда за учество на настан „Регионалната стратегија за иновации во Југоисточниот плански регион“; потврди за учество на настани организирани во рамките на проект; Потврда за стручно излагање на тркалезна маса на тема „Сметководствени аспекти на нематеријалните добра“; Потврда за учесник на обука од областа на материјално, финансиско и сметководствено работење; Потврда за учесник во организационен одбор на меѓународно списание во земјата; Потврда за член на редакцискиот одбор на годишен зборник на Економски факултет; Потврда за учесник во уредувачки и организационен одбор на меѓународна конференција во земјата;Потврда за рецензент на трудови во меѓународно списание во земјата; Потврда за учество во комисии во работата на Економски факултет при УГД (во 9 комисии); Потврда за ментор на студиски програми на Економски факултет при УГД; Потврда за член во експертска група за евалуација и акридитација во странство; Решение за акредитација на ментор на студенти на втор циклус студии; Администратор овластен за спроведување на активности во врска со доделување на вредносни ваучери на студенти врз основа на допис од страна на Министерство за информатичко општество; Уверение за овластен сметководител (издадено од Министерство за финансии); Уверение за положен испит за проценувач од област на трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица (издадено од Министерство за економија); Лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење (издадено од

Министерство за правда);

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Благица Колева** (Јованова) е родена на 5.10.1983 година во Струмица. Основно образование завршува во ОУ „Гоце Делчев“ во Василево. Средно образование завршува во 2002 година во ДСУ Гимназија „Јане Сандански“ во Струмица – насока економски техничар. Во учебната 2002/2003 година се запишува на Економски факултет при Стопанска академија „Димитар Апостолов Ценов“ во Свиштов, Р.Бугарија, на отсек Сметководство и ревизија, каде што и дипломира во јуни 2006 година со просек 8,59 со што се стекнува со стручен назив – дипломиран економист.

Во учебната 2006/2007 година се запишува на постдипломски студии на Економски факултет, Стопанска академија „Димитар Апостолов Ценов“ во Свиштов, Р.Бугарија, на отсек Сметководство и ревизија, каде што во октомври 2008 година се стекнува со научен степен магистер на економски науки од областа на сметководство и ревизија, со просечна оценка 9,76 по успешна одбрана на магистерскиот труд на тема „Финансиската анализа–инструмент на финансиската контрола“.

**Д-р Благица Колева** понатаму го продолжува високото образование со упис на трет циклус студии по менторски систем во јули 2011 год. на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на научната област сметководство и ревизија. Кандидатката успешно ја одбранила докторската дисертација од областа сметководство и ревизија со наслов „Ревизорска етика и одговорност во современата професионална практика на раководење со ревизијата“, на 15.8.2014 година и се стекнува со научниот степен доктор на економски науки од областа сметководство и ревизија.

Во својата работна и научна кариера, во областа на сметководството, кандидатката од 2007 до 2009 г. работи како стручен соработник во Одделот за сметководство на ДТУТ „Столе компани-М“ - Струмица. Со работа во високо образование продолжува како волонтер на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип од 2009 до 2011 година, сè до изборот во звање помлад асистент. Во периодот од 2011 до 2014 год. како помлад асистент избрана во областа сметководство, од 2014 год. до декември 2014 год. избрана како асистент на предмети од областа на сметководство, а од декември 2014 год. до денес - како доцент во областа сметководство.

За време на овој изборен период кандидатката има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност преку одржување на вежби и предавања, објавување на научни и стручни трудови во референтни научни публикации, т.е. домашни и меѓународни списанија, учество на меѓународни конференции и публикации од конференции, изработка на скрипти и практикуми, учество во проекти, престои во странство и слично.

Д-р Благица Колева поседува лиценца за овластен сметководител, лиценца за вештак од областа на сметководственото, материјално и финансиско работење и лиценца за овластен проценител на капитал на трговски друштва, јавни претпријатија и други субјекти. Како овластено вешто лице од областа на економијата учествува во изработка на повеќе стручни наоди. Покрај активното користење на англискиот, бугарскиот и српскиот јазик, кандидатката има одлично познавање и на работа со компјутери: Ms Office: Word, Excel, PowerPoint, Visio, Microsoft Outlook; Business in a Box; SPSS; Internet.

Член е и рецензент на уреднички одбори на меѓународни списанија, член на рецензенска комисија за оценка на монографија, член на повеќе комисии за јавна одбрана на дипломски и магистерски трудови,член на комисија за изготвување на елаборати за реакредитација; член во дисциплинска комисија на Економски факултет, член во комисија за разгледување на барања од студенти, како и член во експертска група за евалуација и акредитација на Американскиот универзитет во Благоевград, Р. Бугарија. Има учествувано на бројни домашни и меѓународни симпозиуми, научни расправи, стручни собири, конференции, средби, семинари, обуки и јавни дебати, во земјава и во странство (Италија, Чешка, Унгарија, Турција, Грција, Бугарија, Србија, Црна Гора, Хрватска и др.). Учествувала во повеќе научноистражувачки проекти од национален и меѓународен карактер и досега има објавено над 80 научни и стручни трудови, поглавја, делови од книги, истражувачки студии и есеи. Ментор е на сите студиски програми во Струмица и е ангажирана како професор-кординатор по практична настава на Економски факултет.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. **Има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира:**

Д-р Благица Колева е доктор на економски науки, при што јавно ја одбранила докторската дисертација на 15.8.2014 година.

Докторската дисертација е од областа сметководство со наслов „Ревизорска етика и одговорност во современата професионална практика на раководење со ревизијата“.

2. **Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (се наведува остварениот просек на студиите на прв и остварениот просек на студиите на втор циклус)**

Д-р Благица Колева на прв циклус студии, како дипломиран економист на департманот Сметководство, има остварен просечен успех од 8.59.

Д-р Благица Колева на втор циклус студии, како магистер на економски науки од областа сметководство, има остварен просечен успех од 9.76.

3. **Претходно избрана во наставно-научно звање доцент од научната област во која се избира**

Д-р Благица Колева со Одлука бр. 1702-368/5 од 3.12.2014 година на 89. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип е избрана во звање доцент за наставно научната област сметководство.

4. **Објавени најмалку пет рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор:**

Согласно со Законот за високо образование д-р Благица Колева има објавено повеќе научни трудови од соодветната научна област во референтни научни публикации кои се во

целост наведени во доставениот список на трудови и приложени со копија од секој труд, а овде ги издвојуваме следниве девет трудови како позначајни:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Научна публикација (Списание) | Година и линк |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Angelova, Biljana and Koleva, Blagica | The role of internal audit in risk management system of the companies. | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (3/2015). ISSN 1857-7741 | 2015, http://eprints.ugd.edu.mk/15879/ |
| 2 | Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Dimitrova, Janka | Effectiveness of Internal Audit in Banking sector in Macedonia. | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 23 (1). pp. 276-282. ISSN 2307-4531 | 2015, http://eprints.ugd.edu.mk/13384/ |
| 3 | Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna | Implementation possibilities for the concept of management accounting in the Republic of Macedonia. | Journal "Economic Outlook", 18 (1). pp. 85-99. ISSN 1450-7951 | 2016, http://eprints.ugd.edu.mk/16183/ |
| 4 | Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera | Accountancy planning and control-a necessity of management process. | Academic Journal „Management and Education" Burgas, 12 (1). pp. 10-15. ISSN 13126121 | 2016, http://eprints.ugd.edu.mk/16180/ |
| 5 | Dimitrova,Janka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Nachova, Aleksandra and Dimitrova, Eftimija | Corporate governance and financial reporting in Macedonia through the prism of independent auditors report. | Journal of the Institute of Economics - Skopje. ISSN 1409-7893, e-ISSN 1857-7741 | 2016, http://eprints.ugd.edu.mk/17396/ |
| 6 | Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Nikoloski, Krume and Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna | The role of corporate governance in transition economies: contribution and development. | Universitatea "Constantin Brâncuşi" din Târgu-Jiu (5). ISSN 1844 - 7007 | 2016, http://eprints.ugd.edu.mk/16666/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Dimitrova, Janka and Nikoloski, Krume and Georgieva Svrtinov, Vesna | Informative Perspective Of Financial Disclosure And Its Importance For Capital Market Efficiency. | Proceedings of International Academic Conference on Management, Economics, Business and Marketing-MEBM in Budapest 2016. ISSN 978-80-906231-4-9 Czech Technical | 2016, http://eprints.ugd.edu.mk/16753/ |
| 8 | Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Dimitrova, Janka and Nikoloski, Krume | Effects of IFRS adoption on capital market:Empirical evidence. | Proceedings of ISER 95 International conference, Rome, Italy. ISSN 978-93-87405-70-7 | 2017, http://eprints.ugd.edu.mk/19351/ |
| 9 | Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija | Cost accounting in function of quality management. | MAC- MME 2018 Multidisciplinary Academic Conference on Management, Marketing and Economics in Prague, Czech Republic.ISSN978-80-88085-22-5 | 2018, http://eprints.ugd.edu.mk/21128/ |

5. **Има способност за изведување на високообразовна дејност**

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Благица Колева со наставно-образовна и научноистражувачка дејност започнува во 2009 година како волонтер-асистент на Економски факултет при УГД-Штип, каде што била ангажирана на следниве предмети: Сметководствени информациони системи, Финансиско сметководство, Управувачко сметководство, Меѓународни сметководствени стандарди, Анализа на финансиски извештаи, Основи на финансии. Во тој период кандидатката одржува вежби по гореспоменатите предмети, подготвува материјали за вежби и помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор и преглед на тестовите на студентите.

Врз основа на јавен конкурс, кандидатката д-р Благица Колева во септември 2011 година е избрана во наставно-научно звање помлад асистен на Економски факултет при УГД-Штип, во областа сметководство. Д-р Колева како помлад асистент има одржувано вежби по следните предмети:Сметководствени информациони системи, Финансиско сметководство, Управувачко сметководство, Меѓународни сметководствени стандарди, Анализа на финансиски извештаи, Ревизија.Основни активности во тој период биле: одржување на вежби на студентите, подготовка на материјали за вежби и стручни практикуми, тестатор на колоквиуми и испити, преглед на тестовите на студентите, подготовка на студиски програми и елаборати, учество во издавање на годишни зборници на факултетот и други активности.

Како резултат на квалитетната и напорна работа, а врз основа на јавен Конкурс, кандидатката д-р Благица Колева во јуни 2014 година е избрана во наставно-научно звање асистент во областа сметководство на Економски факултет – Штип при УГД. Во рамки на

оваа работна позиција е ангажирана на следниве предмети: Сметководствени информациони системи, Финансиско сметководство, Управувачко сметководство, Меѓународни сметководствени стандарди,Анализа на финансиски извештаи, Ревизија. Основни работни активности се: одржување на вежби на студентите од прва до четврта студиска година, подготовка на материјали за вежби и стручни практикуми, спроведување на колоквиуми и испити, преглед на тестови на студентите, подготовка на студиски програми и елаборати, учество во издавање на годишни зборници на факултетот, организација на меѓународна конференција и др.

На 3.12.2014 година д-р Благица Колева на 89. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет е избрана во наставно-научното звање доцент во областа сметководство и почнува со реализација на предавања и вежбина прв циклус студии по предметите: Основи на сметководство, Управувачко сметководство, Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации, Сметководствени информациони системи, Споредбени сметководствени системи, додека на втор циклус студии кандидатката била ангажирана на предметот Управување со трошоци. Во времето на академскиот ангажман како доцент кандидатката има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност изразена преку:

- редовно одржување на предавања и вежби;
- објавенипреку 35 научни и стручни трудови;
- објавени скрипти и практикуми;
- учества на меѓународни конференции;
- менторства на дипломски и магистерски трудови;
- учество во настава на втор циклус на студии;
- член во комисии за оценка на магистерски трудови;
- учество во научни проекти и сл.

Освен преку редовното одржување на предавања и вежби, континуирана работа со студентите и издавање на скрипти, практикуми и научни трудови, учество на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови, кандидатката е ангажирана за член во експертска група за евалуација и акредитација на Американскиот универзитет во Благоевград, Р. Бугарија, има учество на неколку работилници, таа е професор-кординатор по практична настава, член во Дисциплинска комисија на Економски факултет, член во Комисија за разгледување на барања од студенти на Економски факултет, член во Редакцискиот одбор на Годишен зборник на Економски факултет, член во Комисија за проверка на студентско досие на Економски факултет, во моментот е класен раководител, согласно со Кредит-трансфер системот – ЕКТС на студентите од сите насоки на Економски факултет на наставниот кампус во Струмица, член на Рецензентска комисија за оценка на монографија, член во комисија за прием на документи и уписи на прв и втор циклус на студии. Наставно-образовната работа на кандидатката д-р Благица Колева се гледа и потврдува преку позитивната оценка од самоевалуацијата.

Кандидатката д-р Благица Колева има забележителни научноистражувачки апликативни активности. Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката доц. д-р Благица Колева ги достави следните трудови:

***I.Научни трудови објавени во референтни научни публикации***

1. Angelova, Biljana and Koleva, Blagica (2015) *The role of internal audit in risk management system of the companies.* Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje (3/2015). ISSN 1857-7741
2. Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Dimitrova, Janka (2015) *Effectiveness of Internal Audit in Banking sector in Macedonia*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 23 (1). pp. 276-282. ISSN 2307-4531

3.Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna (2016) *Implementation possibilities for the concept of management accounting in the Republic of Macedonia.* Journal “Economic Outlook“, 18 (1). pp. 85-99. ISSN 1450-7951

4.Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2016) *Accountancy planning and control-a necessity of management process.* Academic Journal „Management and Education“ Burgas, 12 (1). pp. 10-15. ISSN 13126121

5.Dimitrova, Janka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Nachova, Aleksandra and Dimitrova, Eftimija (2016) *Corporate governance and financial reporting in Macedonia through the prism of independent auditors report.* Journal of the Institute of Economics - Skopje. ISSN 1409-7893, e-ISSN 1857-7741

6.Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna and Nikoloski, Krume (2016) *Корпоративното управување во транзиционите економии.* International Journal Knowledge. ISSN 1857-92

7.Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Nikoloski, Krume and Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna (2016) *The role of corporate governance in transition economies: contribution and development.* Universitatea “Constantin Brâncuşi” din Târgu-Jiu (5). ISSN 1844 - 7007

8.Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Temjanovski, Riste and Koleva, Blagica (2016) *Fair value accounting – pros and cons.* “Journal of Economics”, Faculty of Economics, University Goce Delcev, Stip, Macedonia, 1 (2). ISSN 1857-9973

9.Fotov, Risto and Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2016) *Corporate Bonds and Their Bookeeping Records.* “Journal of Economics”, Faculty of Economics, University Goce Delcev, Stip, Macedonia, 1 (1). ISSN 1857-9973

10.Nikoloski, Krume and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2016) *Corporate Governance in Transition Economies, with Reference to Institutional Framework in Macedonia.* Journal of Economics, 1 (2). ISSN 1857-9973

11.Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2017) *The effect of Foreign Direct Investment in Western Balkan economies for the period 2005-2015.* Iliria International Review, 7 (1). pp. 9-20. ISSN 2192-7081

12.Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Koleva, Blagica (2017) *Анализа на трговските релации меѓу Република Македонија и Република Бугарија.* Knowledge - International journal, 20 (2). pp. 627-632. ISSN 2545-4439 1857-923X

13.Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna (2018) *Financial reporting in hyperinflationary economies.* Journal of Economics. ISSN 1857-9973

14.Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Nikoloski, Krume and Koleva, Blagica (2014) *External debt as a fundamental problem of developing countries.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 20-28. ISSN 2307-4531

15.Georgieva Svrtinov, Vesna and Dimitrova, Janka and Nikoloski, Krume and Koleva, Blagica (2014) *The Flow of Capital and the Eurozone Crisis.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 177-187. ISSN 2307 – 453

16.Nikoloski, Krume and Dimitrova, Janka and Koleva, Blagica and Miteva-Kacarski, Emilija (2014) *From Industrial Relations to Employment Relations with Focus on Employee Relations.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18 (2). pp. 112-124. ISSN 2307-4531

### *II. Научни трудови презентирани на меѓународни и домашни научни собири*

17.Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Dimitrova, Janka (2015) *World Bank Report on Macedonian Accounting and Auditing Dissemination Event, 17 December 2015, Skopje.* In: World Bank Report on Macedonian Accounting and Auditing Dissemination Event, 17 Dec 2015, Skopje, Macedonia.

18.Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija (2018) *Cost accounting in function of quality management.* MAC- MME 2018 Multidisciplinary

Academic Conference on Management, Marketing and Economics in Prague, Czech Republic. ISSN 978-80-88085-22-5

19. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Dimitrova, Janka and Nikoloski, Krume (2017) *Effects of IFRS adoption on capital market:Empirical evidence.* Proceedings of ISER 95 International conference, Rome, Italy. ISSN 978-93-87405-707
20. Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2017) *Does liquidity and bank capital affect commercial banks profitability? Evidence from countries of Southeast Europe.* Proceeding of 48th International Scientific Conference of Faculty of Economics, Nis, "Contemporary approaches in the analysis of economic performances", 2017. ISSN 978-86-6139-145-3
21. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Nikoloski, Krume (2017) *The importance of financial reporting for investment decision making.* International Journal Knowledge, 17 (1). ISSN 1857-923X
22. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Dimitrova, Janka and Nikoloski, Krume and Georgieva Svrtinov, Vesna (2016) *Informative Perspective Of Financial Disclosure And Its Importance For Capital Market Efficiency.* Proceedings of International Academic Conference on Management, Economics, Business and Marketing-MEBM in Budapest 2016. ISSN 978-80-906231-4-9 Czech Technical
23. Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna (2016) *Предизвици на менаџерското сметководство во услови на глобализација.* VI Меѓународна научна и практична конференција „Управување со развојот на економските регионални системи: евроазиска перспектива". ISSN 978-608-244-3744
24. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna (2016) *Влијанието на глобализацијата врз сметководството.* Зборник на трудови, Економски факултет, VI-та Маѓународна научна и практична конференција „Управување со развојот на економските регионални системи: Евроазиска перспектива". ISSN 978-608-244-374-4
25. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica and Georgieva Svrtinov, Vesna (2015) *Accounting treatment of intangible assets.* Proceeding of 11-th International Scientific Conference of Young Scientists, "The Economy of Bulgaria and European Union: Competitiveness and Innovations", UNWE Sofia, Faculty of Finance and Accountancy. pp. 238-246. ISSN 978-954-8590-35-8
26. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Georgieva Svrtinov, Vesna and Temjanovski, Riste and Koleva, Blagica (2014) *Effective financial reporting as a knowledge for boosting the economic growth.* Knowlwdge, International Journal-Scientific and applicative papers, Institute for knowledge management, Skopje, Macedonia. ISSN 978-608-65653-7-4

### III.Домашни списанија/зборници

27. Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija (2019) *Сметководствените информации – квалитетна алатка за ефективен перфоманс на претпријатијата.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Годишен зборник, 17. ISSN 1857-7628
28. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2018) *Управување со готовинските текови на компанијата.* Годишен зборник, Економски факултет. ISSN 1857-7628.
29. Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2018) *Улогата на сметководствениот информационен систем во работењето на претпријатието.* Годишен зборник, Економски факултет, 15. ISSN 1857-7628
30. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2018) *Гудвил-видови, пристапи и методи за вреднување.* Годишен зборник, Економски факултет. ISSN 1857-7628
31. Koleva, Blagica and Miteva-Kacarski, Emilija and Markova, Verica (2017) *Анализа на трошоците и нивното влијание врз ефикасноста на работењето на претпријатијата.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет, XIII. pp. 131-139. ISSN 1857-7628
32. Koleva, Blagica and Dimitrovska, Katerina (2016) *Изготвување на извештај за готовински текови.* Годишен зборник 2016, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, IX. ISSN 1857- 7628

33.Koleva, Blagica and Daneva, Anita (2016) _Методи на кредитна анализа за проценка на кредитната способност на правни лица._ Годишен зборник 2016, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, IX. ISSN 1857-76-28

34.Koleva, Blagica and Nehtenin, Martina (2016) _Извештај за сеопфатна добивка._ Годишен зборник 2016, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, IX. ISSN 1857- 7628

35.Dimitrova, Janka and Koleva, Blagica (2015) _Квалитетното управување со залихите предуслов за брза и ефикасна ревизија._ Годишен зборник, Економски факултет, 7 (8). pp. 49-61. ISSN 1857-76-28

36.Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2015) _Значењето на стратешкото менаџерско сметководство како позитивен индикатор во современото бизнис опкружување._ Годишен зборник 2015, Економски факултет, 7 (8). pp. 111-121. ISSN 1857- 76-28

37.Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2015) _Спроведување на кодекс на етика на интерните ревизори во ревизорската професија._ Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip. pp. 49-57. ISSN 1857- 7628

**IV.Учебни помагала (рецензирана скрипта и практуким)**

38.Koleva, Blagica (2017) _Сметководствени информациони системи - скрипта._ ISBN 978-608-244-466-6.

39.Koleva, Blagica (2018) _Сметководствени информациони системи - практикум._ ISBN 978-608-244-552-6.

**V.Книги**

40.Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2017) _Анализа на финансиски извештаи._ Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-382-9

41.Gorgieva-Trajkovska,Olivera and Koleva, Blagica (2019) _Финансиско сметководство._ Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-603-5.

### *VI. Докторска дисертација и магистерски труд*

Koleva, Blagica (2014) _Ревизорска етика и одговорност во современата професионална практика на раководење со ревизијата._ PhD thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Економски институт, Скопје.

Jovanova, Blagica (2008) _Финансовият анализ – инструмент на финансовия контрол._ Masters thesis, D. A. Tsenov Academy of Economics – Svishtov.

### *VII. Учество во проекти*

Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miceski, Trajko and Dimitrova, Janka and Gaber, Stevan and Koleva, Blagica and Atanasovski, Viktor (2018) _Креирање на можности за зголемување на вработеноста во РМ со избор на модели за финансирање на иновативни идеи, преку користење на информации од ревидираните финансиски извештаи на компаниите._ [Project]

Nikoloski, Krume and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Lazarov, Darko and Dimitrova, Janka and Miteva-Kacarski, Emilija and Georgieva Svrtinov, Vesna and Koleva, Blagica (2015) _Влијанието на квалитетното финансиско известување и корпоративно управување врз ефикасноста на инвестициите и пазарот на капитал во РМ._ [Project]

***Кратка евалуација на сите трудови во периодот од 2014 до 2019 г.***

**Евалуација на научен труд под реден број 1**

*The role of internal audit in risk management system of the companies*

Во овој труд е анализирана улогата на интерната ревизија во процесот на управување со ризици во претпријатијата. Земајќи ги предвид потребата и барањата на менаџментот, како и структурата и големината на претпријатието и неговата дејност, постојат разлики и во интерната ревизија. Покрај анализите на книговодствените податоци, проверката за усогласеност со законот, откривањето на грешки и нелегално работење, интерната ревизија сè повеќе се насочува кон процесот на управување со ризиците за да одговори на барањата на неизвесното работење и да му обезбеди на менаџментот донесување на соодветни деловни одлуки. Предмет на истражување во трудот е улогата на интерната ревизија при управувањето со ризиците на претпријатие, додека пак целта на истражување е да се испита и оцени придонесот на интерната ревизија во управувањето на ризиците во македонските претпријатија. За потребите на трудот е спроведено истражување на 30 македонски претпријатија, при што се анкетирани нивните менаџери/управители, како и на 48 интерни ревизори на територијата на Република Македонија. Од истражувањето дојдено е до сознание дека интерната ревизија има значајно влијание во подобрувањето на квалитетот во процесот на управување со ризиците.

**Евалуација на научен труд под реден број 2**

*Effectiveness of Internal Audit in Banking sector in Macedonia*

Авторите на овој труд во својот фокус на внимание ги стават карактеристиките и ефективноста на процесот на внатрешната ревизија во банкарскиот сектор во Република Македонија, како земја во економска транзиција. Внатрешната ревизија кака независно испитување на финансиските извештаи и финансиските информации поврзани со спецификите на работење на финансискиот субјект, без оглед на неговата големина и законска форма, е насочена кон испитување на нивото на функционалност и финансиско работење на истиот. Внатрешната ревизија во банкарскиот сектор во Македонија има ефективно нејасен концепт во контекст на нивното влијание врз работната средина. Овој заклучок сè уште немаат доволно време и ресурси за да се приспособат на задачите на внатрешната ревизија и целосно да ги разберат.

Според резултатите од спроведеното емпириско истражување, авторите даваат предлози за подобрување на функцијата на внатрешна ревизија во банкарскиот сектор во Република Македонија. Имено:

- во задачите на внатрешна ревизија треба да се вклучи испитување на планови, програми, политики и процедури, со цел да им се овозможи на внатрешните ревизори објективно да ги проценат нивните перформанси на сите нивоа;
- задачите на внатрешна ревизија треба да вклучуваат критичко следење на остварувањето на генерален план и индивидуалните планови, управување со информации за отстапувања од стандардите, како и процесот на воспоставување на главните цели, давање совети и препораки во рамки на можни корективни мерки, кои ќе додадат ефективна опсервација од можните ризици кои би можеле да се прикријат.

**Евалуација на научен труд под реден број 3**

*Implementation possibilities for the concept of management accounting in the Republic of Macedonia*

Во овој труд се анализирани актуелните услови на стопанисување коишто се карактеризираат со голем број промени во општествениот и политичкиот систем на Република Македонија, имајќи свое влијание во сите сфери на општествениот живот, вклучувајќи ја сметководствено-управувачката професија. Многу често се подвлекува фактот дека на „современ менаџмент не може да му одговара несовремено сметководство“. Сметководството на менаџментот по природата на нештата треба да се приспособува кон потребите на менаџментот.

Тргнувајќи од овие констатации, предмет на истражување на овој труд е процесот на имплементирање и ефективното функционирање на менаџерското сметководство во компаниите и организациите во Република Македонија, земајќи ги предвид и нивното влијание врз успешноста на компаниите и нивното функционирање. Додека пак, научно-емпириската цел, на основа на емпириски истражувања, се фокусира целосно кон начините на имплементирање на менаџерското сметководство како еден вид на современ пристап на раководителството во организациите преку високиот менаџмент, разоткривајќи ги целосно можностите во чии рамки може ефективно да се имплементира и применува концептот на менаџерско сметководство во македонските организации.

**Евалуација на научен труд под реден број 4**

*Accountancy planning and control-a necessity of management process*

Земајќи предвид исклучително динамичните промени на пазарот на капитал, сопствениците на капиталот и инвеститорите имаат потреба од сигурно и независно проценување на финансиските извештаи на претпријатијата кои се предмет на нивните интереси. Според тоа, во овој труд е анализирана потребата за организирање и менаџирање на внатрешните контроли на финансиско работење на поголемиот број компании наметнати од нестабилните услови на работење, секојдневните предизвици и непредвидени промени, растот и развојот на претпријатијата, како и ризиците на кои се изложуваат истите, дополнително ја истакнува својата важност во ефективното сметководствено планирање и контрола.Поради важноста на дадената тематика, основниот предмет на истражување е насочен кон реализација на емпириските цели насочени кон истакнување,објаснување ианализирањенаструктурираностаи имплементацијата на сметководствено планирање и контрола како неопходен дел од менаџмент процесите во работењето на една современа компанија.

**Евалуација на научен труд под реден број 5**

*Corporate governance and financial reporting in Macedonia through the prism of independent auditors report*

Во фокусот на овој труд е корпоративното управување и финансиско известување во Македонија низ призмата на независните ревизорски извештаи. Во компаниите со добро корпоративно управување одлуките се донесуваат не само за постигнување на економските цели, во строгото значење на овој концепт, туку и заради заштита на интересите на засегнатите страни. Една од најважните карактеристики на компаниите со добар корпоративен менаџмент е нивната заложба за одржување на висок степен на транспарентност, што се демонстрира со постојано известување за нивната состојба. Во терминологијата на корпоративното управување една од најважните форми на транспарентност е обелоденување на податоци и информации за компаниите. Преку транспарентно обелоденување на финансиските извештаи, компаниите ги информираат засегнатите страни за финансиската состојба и успешноста, промените во капиталот и паричните текови, како и сметководствените политики кои се користат во обелоденувањата на оперативните активности во известувачкиот период. Преку мислењето на независниот надворешен ревизор засегнатите страни се информираат дали финансиските извештаи се подготвени во согласност со општо прифатената рамка за финансиско известување и важечкото законодавство. Компаниите кои се посветени на квалитетно корпоративно управување воведуваат контролни и информативни системи, за одржување на високо ниво на квалитет на своите производи и услуги, како и квалитетно изготвени финансиски извештаи за кои надворешните ревизори даваат позитивно мислење. Од оваа причина во трудот се претставени истражувања за квалитетот на корпоративното управување во Република Македонија, преку призмата на извештаите на независните ревизори, со анализа на ревизорските извештаи на 100 компании кои котираат на Македонската берза.

**Евалуација на научен труд под реден број 6**

*Корпоративното управување во транзиционите економии*

Во трудот е анализиран процесот на глобализација на светскиот пазар, врз концептот на корпоративно управување каде што добива се поголемо значење. Глобалната економска криза во прв план ги истакнува проблемите во врска со корпоративното управување, како во развиените земји, така и во економиите во транзиција. Анализирајќи ги последиците од глобалната економска криза, како невидениот колапс на голем број фирми, огромниот раст на невработеноста, како и зголемениот број луѓе кои живеат на границата на сиромаштијата и под неа, можеше да се заклучи дека дел од овие проблеми потекнуваат од различните слабости и неуспеси на корпоративното управување. Дури и покрај воведувањето на бројни правила, кодекси и практики на корпоративно управување, глобалната економска криза покажа дека е неопходна поефикасна примена на принципите на корпоративното управување. Прашањата поврзани со корпоративното управување се особено значајни за транзиционите економии, од причина што тие не располагаат со воспоставена финансиска институционална инфраструктура неопходна за нивен развој. Пред 1989 г. воопшто и не се дискутираше за потребата од корпоративно управување, од едноставна причина што сите претпријатија беа државни и не постоеја акционери. Меѓутоа, оваа состојба се промени. Овој труд го обработува корпоративното управување, со посебен акцент на земјите во транзиција. Директорите, сопствениците и корпоративните менаџери сватија дека постојат многу придобивки од развиената структура на корпоративно управување во компаниите. Доброто корпоративно управување овозможува зголемување на цената на акциите и го олеснува обезбедувањето на капитал. Меѓународните инвеститори одбиваат да позајмуваат средства или да купуваат акции од компании кои немаат воспоставено принципи на добро корпоративно управување. Особено значајни во овој поглед се транспарентноста, независните директори и самостојниот ревизорски одбор во компаниите.

**Евалуација на научен труд под реден број 7**

*The role of corporate governance in transition economies: contribution and development*

Во овој труд се анализираат прашањата поврзани со корпоративното управување кои се особено значајни за транзиционите економии, од историски аспект, во трудот е дадена рамката на корпоративното управување и настани од 1600 година до 2004 година. Тразиционите економии не располагаат со воспоставена финансиска институционална инфраструктура неопходна за нивниот развој. Имено, глобалната економска криза во прв план ги истакна проблемите во врска со корпоративното управување, како во развиените земји, така и во економиите во транзиција. Анализирајќи ги последиците од глобалната економска криза, како невидениот колапс на голем број фирми, огромниот раст на невработеноста, како и зголемениот број луѓе кои живеат на границата на сиромаштијата и под неа, можеше да се заклучи дека дел од овие проблеми потекнуваат од различните слабости и неуспеси на корпоративното управување. Покрај воведувањето на бројни правила, кодекси и практики на корпоративно управување, глобалната економскакриза покажа дека е неопходна поефикасна примена на принципите на корпоративното управување. Труд го обработува корпоративното управување, со посебен акцент на земјите во транзиција. А што се однесува до корпоративното управување во Република Македонија, во трудот авторите презентираат прегледна рамка за актуелните состојби.

**Евалуација на научен труд под реден број 8**

*Fair value accounting – pros and cons*

Во овој труд е анализирана сметководствената објективната вредност како тема на значителен интерес и дебата меѓу подготвувачите и корисниците на финансиските информации. Фер вредноста продолжува да биде важна мерна основа во финансиското известување. Таа обезбедува информации за тоа што може да оствари ентитетот ако продаде имот или што може да плати за пренос на обврска. Во последниве години се зголемува употребата на објективната вредност како основа за мерење при финансиското известување и покрај тоа што се дебатира нејзината корисност за заинтересираните страни.

Определувањето на објективната вредност често бара различни претпоставки, како и значителна проценка. Затоа инвеститорите сакаат навремени и транспарентни информации за тоа како се мери фер вредноста, нејзиното влијание врз тековните финансиски извештаи и неговиот потенцијал да влијаат на идните периоди. Постојат бројни ставки за кои мерењата на објективната вредност се потребни или дозволени. ASC 820 и МСФИ 13 („стандардите за објективна вредност") обезбедуваат авторитативно упатство за мерење на објективната вредност. Сè поголемата употреба на објективната вредност бара од компаниите да ги освежат политиките и процедурите за мерење. Компаниите треба да анализираат како се утврдува објективната вредност кога не постои активен пазар и да се воспостават процедури за развивање на соодветни обелоденувања. Во почетокот на процесот можеби ќе треба да се вклучат експерти за проценка. Соодветни и цврсти обелоденувања во финансиските извештаи се неопходни за да се информираат инвеститорите за методите на мерење и неизвесноста. Сè поголемата потреба за обелоденување може да бара воспоставување на нови процеси и бази на податоци за снимање и пријавување на информации.

**Евалуација на научен труд под реден број 9**

_Corporate Bonds and Their Bookeeping Records_

Во фокусот на овој труд е функционирањето на Македонската берза на долгорочни хартии од вредност, која го поттикнува стопанскиот развој и финансиската либерализација на стопанството, ги штити интересите на инвеститорите и овозможува правилна алокација на средствата. Од основањето, па сè до денес, според законските прописи, Македонскта берза е единственото место кадешто се врши тргување со хартии од вредност во Р.Македонија, пред сè, поради фактот дека за толку мал пазар концентрацијата на понудата и побарувачката на хартии од вредност е клучен фактор за подобрување на финансиската состојба во економијата и зголемување на овој вид трансакции. Кога станува збор за пазарот на обврзниците, тогаш може да се нагласи дека како клучен лимитирачки фактор за негов развој е непостоењето широка понуда на обврзници. Покрај државните обврзници во Р. Македонија се и корпоративните обврзници кои се класифицираат во зависност од видот на претпријатието на обврзници на јавни претпријатија, транспортни и индустриски претпријатија, обврзници на банки итн. Овој вид на обврзници содржат реален ризик на неплаќање, како и истите се издаваат и без залог-колатерала. По однос на степенот на ликвидност се со помала ликвидност од државните обврзници, но затоа нудат значително повисоки стапки на принос од долгорочните државни, мунисипални и агенциски обврзници. На финансискиот пазар постои шаренило од облиците, карактеристиките и структурираноста на хартиите од вредност, но најважни се оние кои можат да се најдат во портфолиото на инвеститорите, без оглед на тоа дали се работи за портфолио менаџери или за поединечни инвеститори – физички лица. Всушност, портфолиото се структурира преку избор на хартии од вредност според рочноста, приносот, ликвидноста и инвестиционите преференции или познавања на секторот на интересот. Цените на овие хартии од вредност варираат под влијание на промените на преовладувачките каматни стапки и нивните специфични ризични фактори. Инвестирањето во хартии од вредност, како и секое друго инвестирање, носи ризик. Но, инвестирањето во обврзници е помалку ризична форма на инвестирање од инвестирањето во акции, особено ако се купуваат обврзници на државата и општините и обврзници на профитабилни компании со висок кредитен рејтинг.

**Евалуација на научен труд под реден број 10**

_Corporate Governance in Transition Economies, with Reference to Institutional Framework in Macedonia_

Овој труд ја анализира важноста на корпоративното управување, со посебен осврт на транзиционите економии. Доброто корпоративно управување вклучува збир на односи меѓу раководството на компанијата, неговиот одбор на директори, неговите акционери, ревизори и други засегнати страни. Овие односи, кои вклучуваат различни правила и стимуланси ја обезбедуваат структурата преку која се поставени целите на компанијата и се одредуваат начините за постигнување на овие цели, како и следењето на работата.

Така клучните аспекти на доброто корпоративно управување вклучуваат транспарентност на корпоративните структури и операции; одговорноста на менаџерите и одборите на акционерите; и корпоративна одговорност кон засегнатите страни. Директорите, сопствениците и корпоративните менаџери почнаа да согледуваат дека добра структура за корпоративно управување може да донесе многу бенефиции. Доброто корпоративно управување помага да се зголеми цената на акциите и олеснува добивањето на капитал. Меѓународните инвеститори се двоумат да позајмуваат пари или купуваат акции во корпорација која не применува добри принципи за корпоративно управување. Особено се важни транспарентноста, независните директори и посебниот одбор за ревизија.

**Евалуација на научен труд под реден број 11**

*The effect of foreign direct investment in Western Balkan economies for the period 2005-2015*

Овој труд ги истражува ефектите од надворешните странски директни инвестиции (СДИ) во земјите од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија) во периодот од 2005 до 2015 година. Во сите овие земји СДИ се добредојдени од страна на владините претставници, бидејќи тие очекуваат овие текови на капитал да имаат позитивно влијание врз извозот на домашна земја, БДП, стапката на вработеност, како и позитивни ефекти врз билансот на плаќања. Главните хипотези во трудот се тестираат економетриски, при што се идентификува слаба корелација помеѓу странските директни инвестиции од една страна и извозот, БДП и стапката на вработеност од друга страна. Во повеќето земји анализата потврдува статистички значајна корелација меѓу СДИ и дефицит на тековната сметка на платниот биланс.

**Евалуација на научен труд под реден број 12**

*Анализа на трговските релации меѓу Република Македонија и Република Бугарија*

Во овој труд се анализира Бугарија како важен трговски партнер на Република Македонија. Трговската размена меѓу Република Македонија и Република Бугарија е на завидно ниво. Имајќи го предвид тој факт, во овој труд е направена анализа на вредноста, динамиката и структурата на надворешнотрговската размена меѓу Република Македонија и Република Бугарија за временскиот период 2006-2015 година. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на бугарскиот пазар заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност преку користење на Балаша индексот и Стандардната меѓународна трговска класификација. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Македонија поседува компаративна предност во извозот на суровини (кои не се храна), освен гориво, хемиски и слични производи како и тутун и пијалаци.

**Евалуација на научен труд под реден број 13**

*Financial reporting in hyperinflationary economies*

Во трудот е анализитано финансиското известување во хиперинфлационите економии, хиперинфлацијата е екстремно брза или е инфлација која е надвор од контрола. Се случува кога зголемувањето на цените е толку нескротливо што концептот на инфлација е бесмислен. Кога е поврзана со депресии, често се случува хиперинфлација додека постои значително зголемување на паричната маса што не е поддржана од растот на бруто-домашниот производ (БДП), што резултира со нерамнотежа во понудата и побарувачката за парите. Отсуството на проверка предизвикува зголемување на цените, како и губење на вредноста навалутата. Сметководството, т.е финансиското известување што се применува за надворешно работење, фундаментално се менува кога економијата во која работи е детерминирана да биде хиперинфлаторна (високо инфлаторна). Ова заедно со сметководствените разлики помеѓу МСФИ и US GAAP значи дека идентификувањето на хиперинфлаторните економии е суштински чекор во процесот на финансиско известување на мултинационалниот двоен известувач.

**Евалуација на научен труд под реден број 14**

*External debt as a fundamental problem of developing countries*

Во трудот автрите ги анализираат детерминантите на долгорочниот надворешен долг, на примерок составен од повеќе земји во развој. Во истражувањето авторите дошле до заклучок дека покрај стандардните економски варијабли, клучни фактори во објаснување на нивото на надворешниот долг на земјите се одредени институционални и социополитички варијабли. Всушност и големата должничка криза, како што истакнуваат авторите, се случи кога голем број сиромашни земји не беа способни да ги платат каматите на нивните странски долгови. Преку еден стратегиски пристап, авторите во трудот обезбедуваат препораки и предлози за надминување и решавање на надворешната задолженост на земјите во развој, како едно од клучните прашања во глобалнбата економија денес.

**Евалуација на научен труд под реден број 15**

*The Flow of Capital and the Eurozone Crisis*

Во овој труд авторите го истакнуваат историскиот факт дека во светот на висока мобилност на капиталот може да се случи капиталните приливи одеднаш да запрат како резултат на финансиската криза. Во поткрепа на тоа гледиште е последната финансиска криза во еврозоната. Усвојувањето на еврото го олесни движењето на капиталот од земјите кои се дел од центарот на еврозоната, во земјите од периферијата на еврозоната, каде што беше можно да се добие подобар повраток на инвестициите како резултат на помалку развиените финансиски системи. Но проблемите при враќањето на долговите ја предизвикаа последната финансиска криза. Во овој труд, авторите прават анализа на улогата на големите приливи на капитал во генерирање на кризата во еврозоната и укажуваат на влијанието на капиталните текови во рамките на еврозоната на финансиска дерегулација и либерализација и дека усвојувањето на заедничката валута е критична во растечкиот јаз на конкурентноста помеѓу јадрото и периферните земји. Со тоа практично се објаснува еволуцијата на кризата. Заклучок на авторите е деке кризата во еврозоната не се случи само како резултат на фискална недисциплина, туку таа е резултат на надворешни, системски причини, како што се големите приливи на капитал. Прифаќањето на еврото не само што го отвори патот за кризата со поттикнување на движењето на капиталот кон периферијата на еврозоната, туку направи да биде невозможно за земјите од периферијата да се справат со ненадејното запирање на тековите на капиталот.

**Евалуација на научен труд под реден број 16**

*From Industrial Relations to Employment Relations with Focus on Employee Relations*

Во овој труд авторите терминолошки ја анализираат важноста на категориите „индустриски односи“ и „работни односи“, преку идентификување на нивните основни карактеристики. Според авторите, индустриските односи настануваат со појавата на индустриската револуција, со цел да се разберат релациите меѓу работодавачите и работниците. Авторите доаѓаат до констатацијата дека постои различна интерпретација на терминолошката важност на индустриските односи од страна на работниците и работодавачите. Од аспект на работниците, индустриските односи се асоцијација за повисоки плати, безбедност на работното место, како и можност за обуки и усовршување. Од аспект пак на работодавачите, индустриските односи се во корелација со продуктивноста, можноста за решавање конфликти и законот за работни односи. Од друга страна, терминот „работни односи“ е категорија која се однесува на проучување на односите меѓу вработените, како и меѓу работодавачите и вработените со цел наоѓање на начини на решавање на конфликтите, зголемување на мотивацијата и моралот на работниците и зголемување на продуктивноста на организацијата. Преку опсежна теоретска анализа, авторите доаѓаат до заклучокот дека „работните односи“ се поширока категорија од индустриските односи и нивната примена се рефлектира во повеќе сектори, вклучувајќи го и услужниот сектор.

**Евалуација на научен труд под реден број 17**

*World Bank Report on Macedonian Accounting and Auditing Dissemination Event*

Кандидатката има учество на настан организиран од Светска банка во кој е дискутирано и презентирана проценката на извештајот за предностите и слабостите на сметководствената и ревизорската професија во земјата- законските барања и фактичката практика кои влијаат на квалитетот на корпоративното финансиско известување, како поддршка на напорите за подобрување на бизнис климата и постигнување поголема усогласеност со барањата на ЕУ.

**Евалуација на научен труд под реден број 18**

*Cost accounting in function of quality management*

Главната цел на овој труд е да се истражи значењето на трошоците како економска-сметководствена категорија кои се присутни во сите сфери на општествен поредок. Историските податоци упатуваат на тоа дека тие се присутни уште во најраните облици на човековото постоење и работење. Трошоците претставуваат најзначаен и најдинамичен елемент на секоја економија.Во денешно време ниедна анализа за работењето на претпријатието не може да биде замислена, ако резултатите од работењето не бидат искажани преку трошоците на претпријатието. Квалитетот отсекогаш бил важен дел од максимата „успех на пазарот", особено денес на глобалниот високо конкурентски пазар каде што квалитетот и неговата ефикасна презентација на пазарот претставуваат основа за опстанок и проширување, односно успех на секој деловен субјект. Современиот начин на работа ја наметна потребата од управување со квалитетот и трошоците за квалитет, доколку деловните субјекти сакаат да бидат успешни на високо конкурентскиот пазар. Предмет на истражување во овој труд е значењето на управувањесо квалитетот и трошоците за квалитет за ефикасноста на работењето на претпријатијата и начините на кои претпријатието може да оствари што е можно повисок финансиски резултат.

**Евалуација на научен труд под реден број 19**

*Effects of IFRS adoption on capital market: Empirical evidence*

Овој труд претставува преглед на академските истражувања релевантни за ефектот од усвојувањето на Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) на пазарот на капитал. Кој има за цел да им помогне на сите заинтересирани страни во дебатата за иднината на МСФИ во ЕУ и во другите земји што го усвоија, преку преглед на заклучоците од релевантни академски истражувања за трошоците и придобивките од неговото спроведување до денес, како и нивното влијание врз ефикасноста на пазарот на капитал. Студиите покажуваат мешани резултати во однос на придобивките од усвојувањето на МСФИ, што може да се припише на политичките, економските, институционалните, правните и специфичните разлики меѓу фирмите од различни држави. Студијата е целосно базирана на десктоп истражувања и истражувања базирани на стручна литература. Избраните статии беа разгледани и нивните наоди презентирани во студијата за да помогнат да се синтетизира и да се разбере влијанието на МСФИ на пазарот на капитал.

**Евалуација на научен труд под реден број 20**

*Does liquidity and bank capital affect commercial banks profitability? Evidence from countries of Southeast Europe*

Комерцијалните банки секогаш се соочуваат со прашањето на компромис (t rade off) меѓу ликвидноста, безбедноста и профитабилноста, обидувајќи се да најдат рамнотежа меѓу нив, бидејќи овие цели меѓусебе се контрадикторни. Во трудот се прави економетриска анализира за да се утврди односот помеѓу профитабилноста од една страна и ликвидноста и банкарскиот капитал од другата страна во комерцијалните банки во неколку земји од Југоисточна Европа. Освен врската помеѓу променливите на интерес, се утврдува и јачината и насоката на таа врска. Резултатите покажуваат дека односот помеѓу профитабилноста од една страна и нивото на ликвидност и капиталот на банката од друга страна се разликува меѓу различните земји. Во некои земји односот е позитивен, во некои од нив е негативен.

Земјите, исто така, се разликуваат во однос силата на насоката и во статистичката важност на интерпретираните резултати. Сепак, односот помеѓу профитабилноста и ликвидноста е позитивен само во случај на Бугарија и Словенија, а во сите други земји е негативен. Односот помеѓу капиталот на банката и профитабилноста е негативен само во случај на Македонија, а во сите други земји е позитивен. Во принцип, ова покажува дека зголемувањето на ликвидноста ќе резултира со намалување на профитабилноста, додека зголемувањето на капиталот на банката ќе резултира со зголемување на профитабилноста.

**Евалуација на научен труд под реден број 21**

*The importance of financial reporting for investment decision making*

Во овој труд авторите ја анализират важноста на финансиското известување за донесување на инвестициски одлуки. Процесот на донесување одлуки бара информации, како финансиски, така и нефинансиски информации. Најважните финансиски информации потребни во процесот на донесување на деловни и инвестициски одлуки доаѓаат од сметководството т.е финансиското известување во компанијата. Затоа, може да се каже дека сметководството е сервис функција на менаџментот во една компанија. Тоа во основа ги обработува или собира и проучува „сурови податоци" и ги претвара во соодветни информации потребни за процесот на донесување одлуки. Основните карактеристики на сметководството се: собирање, обработка и презентирање на сметководствени (финансиски) информации; информации за бизнисот на компанијата и оние насочени кон различни заинтересирани корисници. Сметководствениот процес содржи неколку фази и во основа, тоа е процес во кој влезните податоци се претвораат во излезни информации. Сите организации, јавни и приватни, треба да ги обелоденат финансиските информации поврзани со нивното работење, со цел да им помогнат на инвеститорите во донесувањето одлуки за инвестиции. Тие го прават тоа за да ги задоволат законските барања, да ги задржат постојните инвеститори и да ги привлечат потенцијалните преку објавувањето на нивните финансиски извештаи кога главниот фонд на организацијата е широко одржан и неговите работи се од интерес за општите односи со јавноста. Методите на финансиските извештаи во однос на шемата за откривање на информации, транспарентност, ревизија, стандарди за известување, регулаторна контрола и флексибилност, корпоративно управување и финансиски скандали кои имаат влијание врз одлуките за инвестирање во која било организација. Согледуваната релевантност на финансиските извештаи е да обезбеди информации за финансиската состојба, перформансите и промените во финансиската состојба на компанијата, што е корисно за широк опсег на корисници во донесувањето одлуки за управување и инвестициски одлуки. Овие корисници вклучуваат менаџери, директори, вработени, потенцијални инвеститори, финансиски институции, владини регулаторни агенции, медиуми, продавачи и јавноста. Точно и транспарентно бизнис и корпоративно известување се во центарот на вниманието денес, повеќе од кога било досега. Националните, а исто така меѓународните пазарни услови и честите неуспеси на компанијата ги истакнуваат потребите за транспарентност и ефикасност во процесот на генерирање и испраќање информации. Транспарентноста е неопходна за да се исполнат барањата на регулаторите и властите, додека ефикасноста е важна за да им овозможи на раководните лица на компанијата брзо да одговорат на променливите пазарни услови и да ги задоволат потребите на инвеститорите и аналитичарите. Придобивките од стандардизирано и висококвалитетно финансиско известување се: пониски трошоци за подготовка, поедноставен и меѓународен пристап до информации, стандардизирани информации препознаени и разбрани од сите корисници, висок степен на потребна транспарентност од страна на регулаторите, подобрени аналитички способности и најважно од сè: информирани и ефикасни инвестициски одлуки.

**Евалуација на научен труд под реден број 22**

*Informative perspective of financial disclosure and its importance for capital market efficiency*

Во трудот е анализирана информативната перспектива на финансиското обелоденување и неговото значење за ефикасноста на пазарот на капитал. Влијанието на различни фактори

врз формирањето на организациската структура на сметководствениот систем постои, бидејќи сметководствената структура под влијание на факторите на животната средина покажува атипично однесување. Може да се заклучи дека овие фактори првенствено влијаат на сметководствените мерења и практиките на објавување, што се рефлектира во подготовката и евалуација на позициите во финансиските извештаи на деловните субјекти. Во овој контекст, односот помеѓу пазарите на капитал и сметководствениот систем на вредности го регулира количината на откриени информации. Покрај дисхармонизацијата на сметководствените практики во различни национални економии, постоењето на асиметрични информации е неизбежен фактор кој го одредува нивото на обелоденување и транспарентност на информациите, односно одговорноста на деловните субјекти во подготовките и презентациите на финансиските извештаи. Овој документ, исто така, ја опишува разновидноста на извори на финансирање достапни и за индивидуалните потрошувачи и за бизнисите, како и она што потрошувачот или бизнисот го земаат предвид кога избираат конкретен извор на финансирање. Цврст, ефикасен и разновиден финансиски систем го олеснува економскиот раст. Истражувањата покажаа дека нивото на финансиски развој е силен индикатор за економски раст. Потоа се дискутира за тоа како оваа разновидност на извори на финансирање е корисна за економијата и како тие влијаат на практиката на финансиско известување.

**Евалуација на научен труд под реден број 23**

*Предизвици на менаџерското сметководство во услови на глобализација*

Во услови на глобалниот раст и развој, паралелно се развиваат и имплементираат и ефективните стандарди за сметководствено работење земајќи предвид практиката на финансиското управување со компаниите меѓу повеќето земји, вклучително и оние кои се однесуваат на сериозни проблеми во меѓународниот бизнис, особено мултинационалните компании и меѓународните инвеститори. Глобализацијата во бизнис активностите, особено во пазарот на капитал, ја условува уште толку потребата за глобализирање на стандардот за управување и менаџментот со сметководственото работење. Сето ова се реализира како процес на намалување на разликите меѓу националните системи и стандарди на повеќето земји. Предметот на истражување во овој труд претставува улогата и значењето на современиот, односно глобалниот концепт на согледување на финансиската положба на македонските компании во однос на втемелените Меѓународни сметководствени стандарди и предизвиците на менаџментот на сметководственото работење. Акцелераторски, сеприсутната појава, нарастувачките, манифестирани, лоши бизнис-финансиски состојби на македонските компании, ја наметнуваат уште толку потребата за изнаоѓање на оптимални решенија, со цел хармонизација на националните сметководствени стандарди со меѓународните. Генерално, целта на истражување во овој труд е процесот на глобализација на стандардизирањето на сметководствениот менаџмент. Конкретно во предвид се зема важноста на сметководственото ефективно работење воопшто и факторите кои ги условуваат разликите меѓу националните сетови на стандарди и интернационалните.

**Евалуација на научен труд под реден број 24**

*Влијанието на глобализацијата врз сметководството*

Како што истакнал и Џозеф Стиглиц, добитник на Нобеловата награда за економија во 2001 година, речиси преку ноќ „глобализацијата стана најважното прашање со кое се соочува светот”. Во овој труд е анализиран процесот на глобализација кој има огромно влијание врз сметководството. Живееме во време во кое се соочуваме со сериозни напори за развој на глобална регулација на финансиските информации презентирани во финансиските извештаи на компаниите. Најважната причина за појава и развој на глобалните Меѓународни стандарди за финансиско известување (МСФИ), кои се јавуваат како резултат на потребата од хармонизација на финансиското известување, е поддршката на слободното движење на ресурсите, поттикнато од глобализацијата на светскиот пазар на капитал. Со цел за ефикасно функционирање на пазарот, како и ефикасна алокација на капиталот, инвеститорите бараат транспарентност и доверливост од финансиските информации,

кои мораат веродостојно и објективно да ги рефлектираат економските перформанси на компаниите. Предмет на дискусија во овој труд претставува влијанието кое процесот на глобализација го има врз сметководството, од три перспективи, кои вклучуваат: анализа на влијанието на Меѓународните стандарди за финансиско известување, менаџерското сметководство и заканите и предизвиците за сметководителите.

**Евалуација на научен труд под реден број 25**

*Accounting treatment of intangible assets*

Во овој труд авторите го анализират сметководствениот третман на нематеријалните средства, сметководството за основни средства во многу случаи е едноставна активност, но тоа секогаш не е така кога станува збор за нематеријалните основни средства и признавањето на тие средства во билансот на состојба. МСС 38, Нематеријални средства ги прикажува сметководствените барања за нематеријални средства, кои се непарични средства кои се без физичка материја и можат да се идентификуваат (или да се одделат или да произлегуваат од договорните или други законски права). Нематеријални средства кои ги исполнуваат соодветните критериуми за признавање првично се мерат по набавна вредност, последователно се мерат по набавна вредност или користат модел на ревалоризација и се амортизираат на систематска основа во текот на нивниот корисен век (освен ако средството има неограничен век на употреба, во кој случај не се амортизира). Во денешната економија на знаење, дури и некои банки заклучиле дека „меките" средства (како компјутерско програмско знаење и информациска инфраструктура) можат да бидат подобар кредитен ризик од „тврдите" средства (како згради). Но, како треба да се вреднуваат „меките средства"? Се тврди дека билансите на состојба игнорираат одредени нематеријални средства, но според мене проблемот со нивното препознавање е несовладлив. Се чини дека средствата што навистина се важни се оние кои сметководителите можат да ги „пресметаат". Овој труд се фокусира на природата, препознавањето и третманот на нематеријалните средства, според барањата на Меѓународните стандарди за финансиско известување.

**Евалуација на научен труд под реден број 26**

*Effective financial reporting as a knowledge for boosting the economic growth*

Авторите во трудот ја анализираат важноста на ефиксаното финансиско известување за одржливиот економски развој на една земја. Висококвалитетното корпоративно известување игра витална улога во унапредување на транспарентноста, олеснување на мобилизацијата на домашни и странски инвестици, креирање на ефикасно инвестициско опкружување, зајакнување на довербата на инвеститорите, сето тоа во функција на промовирање на финансиската стабилност. Ефикасниот и меѓународно споредлив систем на финансиско известување го олеснува меѓународното движење на капиталот, во исто време намалувајќи ја корупцијата и недостатоците во управувањето со ресурсите.

**Евалуација на научен труд под реден број 27**

*Сметководствените информации – квалитетна алатка за ефективен перфоманс на претпријатијата*

Во фокусот на овој труд е сметководството како значаен извор на информации, а финансиските информации се важни за донесување одлуки од страна на корисниците на тие информации. Сметководствените информации не служат само кај донесување на деловни одлуки, нивната функција е повеќенасочена, комплексна, каде меѓу останатото се јавуваат и како поддршка за изработка на деловни планови на претпријатијата. Деловниот план на претпријатијата се темели на управувачки извештај на претпријатието кое го дефинира главниот менаџмент, а се изработува во управувачко сметководство на организацијата. Составните делови на успешното управувачко сметководство се темелат на планирање и контрола, сметковдствена евиденција и финансиското известување се однесуваат како примарен извор на податоци кои се користат во планирање, контрола и анализа на секое современо претпријатие денес. Значајноста на овие информации, односно

вредноста на самите информации е неопходно да се огледа токму во процесот на кој менаџментот ги спроведува корективните дејности при отстапување од планираното. За да се обезбеди ефективно функционирање на сметководствениот информациски систем и сигурните сметковдствени информации, во сметководствениот информациски систем денес се имплементираат ефективни техники и контролни постапки. Најважниот облик е ревизија, анализа на смектововдствените информации. Сепак, процесот на деловно одлучување е сложен процес кој започнува со основна фаза на собирање на релевантни инфромации, каде повеќе од јасно е дека неквалитетните и невалидни информации најчесто доведуваат до неефективно донесени одлуки и негативен перформанс на претпријатијата. Токму затоа, труд го насочува своето истражување кон разјаснување на значајноста на сметководствените инфромации, како и влијанието на истите врз финансискиот и воопшто деловниот перформанс на македонските претпријатија во турбулентното деловно опкружување денес.

**Евалуација на научен труд под реден број 28**

*Управување со готовинските текови на компанијата*

Трудот ја разработува проблематиката на управувањето со паричните текови како традиционална улога на финансискиот менаџмент на компанијата. Тоа е процес на менаџирање на паричните приливи и одливи на компанијата, како и интерните трансфери на средства во рамки на група. Со развојот на информациските системи оваа функција е најчесто автоматизирана. Како резултат на ова, финансискиот менаџмент на компанијата го дизајнира или избира моделот на управување со готовината, а потоа само врши надзор над секојдневните операции. Во трудот е анализиран основниот механизам на функцијата на управување со готовинските текови, за да се разбере релевантноста и влијанието на различните опции. Овој труд ги објаснува основните концепти за управување со готовинскиот тек, како и главните алатки кои ги користи. Овие фактори се заеднички за малите и за мултинационалните компании.

**Евалуација на научен труд под реден број 29**

*Улогата на сметководствениот информационен систем во работењето на претпријатието*

Во фокусот на овој труд е анализата наулогата на сметководстевениот информационен систем во работењето на претпријатието. Главната цел е да се утврди ефективното и продуктивно влијание од квалитетно воспоставување на сметководствен систем во работењето на претпријатието и можноста за компарирање на резултатите на претпријатието. Резултатите од истражувањето водат кон заклучоци, изнесени мислења и современи погледи за реализацијата на сметководствениот систем во Република Македонија, неопходно потребен при функционирањето во глобалното информациско општество, со единствена цел за пообјективно валоризирање и мерење на економските резултати и политиките на претпријатијата, односно компаниите.

**Евалуација на научен труд под реден број 30**

*Гудвил-видови, пристапи и методи за вреднување*

Во трудот се истражува значењето на различните видови на гудвил, вклучувајќи бизнис или институционален гудвил и личен или професионален гудвил. Во практиката често се јавува потреба за вреднување на овие различни видови на гудвил, за различни цели: при продажба на деловниот ентитет, за целите на оданочувањето, во финансиското сметководство, во судски постапки и за други цели. Овој труд ги обработува компонентите на гудвилот и различните пристапи, методи и процедури за негово вреднување, кои се применуваат во различни околности. Посебно се обработени пристапот на трошоци, пазарниот пристап и приходниот пристап на вреднување на гудвилот.

**Евалуација на научен труд под реден број 31**

*Анализа на трошоците и нивното влијание врз ефикасноста на работењето на претпријатијата*

Во трудот е анализирана основната цел на финансискиот менаџмент кој претставува максимизација на добивката. Поаѓајќи од тоа дека добивката е разлика меѓу прихдите и трошоците на работењето, за да се оствари оваа основна цел на финансискиот менаџмент, мора да се минимизираат, односно оптимизираат вкупните трошоци на работењето. За да може ефикасно да се управува со трошоците, мора да се познаваат нивните видови, карактеристики и фактори кои ја одредуваат нивната висина. Процесот на следење и контрола на трошоците е особено значаен, бидејќи од него зависи успешноста и ефикасноста во работењето на претпријатието. Предмет на истражување во овој труд е значењето на оптималното управување со трошоците за ефикасноста на работењето на претпријатијата и начините на кои претпријатието може да оствари што е можно повисок финансиски резултат.

**Евалуација на научен труд под реден број 32**

*Изготвување на извештај за готовински текови*

Трудот ја опишува постапката за изготвување на извештајот за парични текови (или извештај за готовински текови) кој ги прикажува паричните приливи и одливи на деловниот ентитет во текот на определен период и притоа ги класифицира како финансиски, инвестициски и оперативни парични текови. Со анализа на паричните текови се овозможува анализа на одделни компоненти на прилив и одлив на средствата и нивно движење во однос на трансформацијата на одделни облици на средства. Слично како Билансот на успех, овој извештај ги сумира активностите во текот на определен временски период за којшто се однесува. Имено, како и Билансот на успех, кој покажува детали во врска со тоа како оперативните активности произведуваат промени во задржаната добивка, Извештајот за паричните текови ги покажува деталите во врска со промените во една сметка од Билансот на состојба, а тоа е сметката парични средства.

**Евалуација на научен труд под реден број 33**

*Методи на кредитна анализа за проценка на кредитната способност на правни лица*

Основната цел на трудот е анализа на физичките и правни лица кои имаат недостиг на финансиски средства потребни за финансирање на тековни или основни средства, кој го користат традиционалниот начин за обезбедување на тој недостиг, преку поднесување на кредитни барања до комерцијалните банки. Кредитните барања се доставуваат заедно со дополнителна документација која содржи важни финансиски информации за кредитобарателот. Донесувањето на одлука за одобрување или одбивање на барања за кредити и кредитни продукти од страна на банките е резултат на кредината анализа. Кредитната анализа е првата фаза во процесот на кредитирање и е постапка со која се проценува кредитната способност на кредитобарателот. Од квалитетот на кредитната анализа зависи и успешноста на процесот на кредитирање.

**Евалуација на научен труд под реден број 34**

*Извештај за сеопфатна добивка*

Основна цел поради која постои едно претпријатие на пазарот е остварувањето на приход или добивка, но во текот на работењето тоа прави и одредени расходи. Затоа субјектите за да ги видат резултатите од своето работење изготвуваат извештај за сеопфатна добивка или извештај за сеопфатна добивка (согласно со Меѓународните стандарди за финансиско известување). Во овој труд е анализиран извештајот за сеопфатна добивка или извештајот за сеопфатна добивка е финансиски извештај кој покажува колкаво богатство остварил еден деловен субјект за одреден временски интервал (пресметковен период). Изготвувањето на овој финансиски извештај, со цел за презентација на остварениот финансиски резултат од работењето, добивка или загуба, претставува задолжителна обврска на деловните ентитети.

Во извештајот за сеопфатна добивка - извештајот за сеопфатна добивка се прикажани приходите кои ги остварува деловниот субјект од различни активности и расходите кои ги прави во текот на работењето. Со спротивставување на приходите и расходите се добива сознание за остварениот финансиски резултат на деловниот субјект, добивка или загуба.

**Евалуација на научен труд под реден број 35**

*Квалитетното управување со залихите предуслов за брза и ефикасна ревизија*

Со цел брзо и навремено да се одговори на барањата на купувачите или потребите на производниот процес и перманентниот стремеж кон што поголем обем на продажба се наметнува потребата од квалитетно управување со залихите, за да се минимилизира нивото на нагажирани средства во залихи, а сепак да се имаат на располагање во секое време и обем според барањата на бизнисот, сметаат авторите на овој труд. Организационата поставеност и користените методи и техники за управување на залихите од страна на менаџментот значително влијаат на ревизорските техники и постапки за потврдување на состојбата на залихите кај ентитетот кај кој се врши ревизија на финансиските извештаи, а со тоа и на ефикасноста на целокупната ревизија. Добрата евиденција и доброто менаџирање на залихите ја олеснуваат работата на ревизорот при спроведување на ревизорските тестови и постапки за потврдување на информациите за состојбата на залихите презентирани во финансиските извештаи.

**Евалуација на научен труд под реден број 36**

*Значењето на стратешкото менаџерско сметководство како позитивен индикатор во современото бизнис опкружување*

Во овој труд е анализирано управувањето со организацијата како универзален процес во модерниот индустриски свет, кој се однесувана сите преземени активности во рамките на работната организација. Во секоја организација е потребно да се донесуваат најразлични одлуки, да се координираат различни активности, да се поставува одреден позитивен однос со луѓето, како и да се комуницира со опкружувањето. Голем број на активности за управување имаат свои карактеристични приоди за решавање на специфични проблематики и предизвици. Како резултат на тоа, иако на ниво на организација се зборува за единствен менаџментски пристап, сепак контролата на системот на секоја компанија е составена од повеќе управувачки под системи, што има за цел потреба од стратешко делување. Менаџирањето со организацијата станува сè повеќе важно, а менаџирањето е особено корисно при различни активности во организацијата, како што е придонесот кон сметководствениот процес, финансиите, маркетингот и други процеси кои истовремено се случуваат во организацијата. Следствено, менаџерското сметководство има за цел, во рамките на организацијата да утврдикоја одлука е потребно да се донесе, притоа да се дефинира конкретниот проблем, да се обезбедат соодветните податоци во таа насока, да се изврши анализа на добиените резултати и податоци, како и да се извршат одредени прогнозирања на резултатот од донесената одлука.

**Евалуација на научен труд под реден број 37**

*Спроведување на кодекс на етика на интерните ревизори во ревизорската професија*

Трудот ја опишува постапката заспроведување на кодекс на етика на интерните ревизори во ревизорската професија. Аналогно на професионалната регулатива во доменот на стандардите за ревизија, специфичностите во ангажманот на интерните ревизори послужиле како сериозен повод за мотивирање на членовите на Институтот на интерните ревизори (ИИА) да изработат посебен кодекс за професионална етика којштo потесно ќе се фокусира на принципите и правилата својствени за интерната ревизорска професија.

**Евалуација на научен труд под реден број 38**

*Сметководствени информациони системи (скрипта)*

Скриптата од областа сметководство е насловена „Сметководствени информациони системи“ во која авторот се фокусира на употребата на сметководствените податоци во

рамките на целокупниот информациски систем во претпријатието, како и значењето на обработката на податоците, користењето и управувањето со информациите како ресурс на претпријатието. Основната ориентација во излагањето на содржината е презентација на една целосна анализа на функционирањето на компјутеризираните сметководствени информациски системи. Анализиран е информацискиот систем како електронска или графичка метода на комуникациски информации чија основа е делење и обработката на информации и идеи. Информацијата е сѐ поскапоцено и поважно добро кое е неопходно за организацијата ефикасно да функционира или, воопшто, за нејзино егзистирање. Затоа, важно е сметководството да се разбере како информациски систем за да можат да се задоволат потребите на организациите за добивање информации кои се важни за функционирање на истите. Се прави осврт кон поимот, целите и задачата на сметководствениот информациски систем, како и местото и улогата на сметководствениот информациски систем во рамките на целокупниот информациски систем во претпријатието. Материјалот цели кон обработени прашања во врска со поимот, видовите и целите на сметководствениот информациски систем, како дел од пошироката деловна анализа на работењето на претпријатијата. Утврдување на значењето на сметководствените информациски системи и нивното место во гранката во која работи, како и развојот на информациските системи кои претставуваат повеќегодишен процес кој подразбира повеќе фази и активности, од планирање на развојот до застарување на системот и негова замена и повлекување од употреба. Согледување на мерките за сигурност и заштита на податоците и на системот во целина, со цел да дојдат до израз предностите што ги овозможува информатичката технологија за унапредување на квалитетот на сметководството.

**Евалуација на научен труд под реден број 39**

<u>*Сметководствени информациони системи (практикум)*</u>

Практикумот од областа сметководство е насловен како и скриптата „Сметководствени информациони системи". Претставува дополнување на материјалот во скриптата, со клучната разлика што изобилува со бројни примери од праксата кои ги објаснуваат тезите претставени во скриптата. Учебното помагалоовозможува имплементација на модерни облици на сметководство, со оглед на фактот дека сметководствениот систем, особено во ерата на информациите, на бројните корисници на финансиските извештаи и донесители на деловните одлуки им нуди широк спектар на релевантни информации. Во струтурата на овој практикум е опфатена сметководствена програма концепирана по принцип на модули кои претставуваат логички целини и во зависност од тоа што сакаме да го сработиме, го одбираме соодветниот модул. Во днешниов свет на конкурентски пазар и побарувачка на висок квалитет, неопходно е да има сеопфатно решение за корисниците на сметководствените информации. Денешните професионални сметководители со адекватно и долгогодишно искуство се соочуваат со поголеми барања но со помалку време и помалку ресурси. Многу е важно да се постават на свое место сигурни решенија за да дадат ефикасност и перформанси – не само во финансискиот сектор туку и во целата компанија. Примерите од пракса се вклучени за да го олеснат разбирањето на специфичната проблематика со сметководствениот модул - сметководствен софтвер за одржување на ефикасна финансиска контрола и сигурност во клучните бизнис одлуки кои се базирани на сигурни и ажурирани информации. Ефикасноста и ефективноста на овој практикум секојдневно ги задоволува потребите на студентите во делот на сметководствениот информациски систем, и на претпријатија од повеќе области како што се: претпријатија кои се занимаваат со продажба на големо (магацини, складишта) и мало (продавници, супермаркети), книговодствени бироа, услужни претпријатија. Намената на оваа учебно помагало е пред сѐ да служи како дополнителна литература и централизирано решение кое овозможува правилно искористување на бизнис предностите и контрола и управување со сите ресурси и документации во компанијата, да помага во деловните одлуки и да обезбедува квалитет под постоечките стандарди, преку прилагодување на потребите и барањата на корисниците и оптимизација на бизнисот во секоја компанија.

**Евалуација на научен труд под реден број 40**

Учебникот „Финансиско сметководство“ претставува заокружена целина на материјалот поврзан со сметководствената евиденција на сите економски трансакции во профитно ориентираните деловни енитети (трговски друштва). Учебникот е наменет првенствено за изучување на предметот Финансиско сметководство од страна на студентите на Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, за сите насоки на прв циклус на студии, како и за предметот Финансиско известување, за студентите на втор циклус на студии. Учебникот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на знаење за целите, задачите и корисниците на финансиското сметководство, изготвувањето на основните финансиски извештаи, како и на начинот на евиденција на сите економски настани и трансакции кои се поврзани со средствата, изворите на средствата, приходите и расходите на деловните ентитети. Финансиското сметководство е процес на изготвување на основните финансиски извештаи кои деловните ентитети ги користат за да ја презентираат нивната финансиска состојба и успешност, а кои се наменети за сите корисници внатре и надвор од ентитетот, вклучувајќи ги: менаџерите и вработените, инвеститорите, доверителите, добавувачите, потрошувачите.Финансиското сметководство ова го постигнува преку процес на континуирано класифицирање, анализирање, сумирање и евидентирање на деловните трансакции на ентитетот. Сметаме дека учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика, т.е. кои се инволвирани во процесот на подготовка и презентација на финансиските извештаи на трговските друштва во Република Македонија. Содржински, трудот е конципиран во 7 поглавја, за кои следи кратка презентација на целите и содржината. Првата глава е посветена на основите на сметководството и сметководствената евиденција. Во неа се дефинира поимот сметководство и неговите составни делови; сметководствените информации, нивните квалитативни карактеристики и корисници, како и целите и задачите на сметководството. Во продолжение се обработени видовите на сметководствени документи, кои се основа за евиденција; чекорите на процесот на сметководствена евиденција и влијанието на економските промени врз финансиската состојба на деловниот ентитет. Втората глава од учебникот ги обработува начинот на подготовка и презентација на основните финансиски извештаи: Билансот на состојба, Билансот на успех, Извештајот за парични текови, Извештајот за промена на капиталот и Белешките кон финансиските извештаи, кои задолжително ги изготвува и презентира секој деловен ентитет, за сите корисници (стејкхолдери), кои врз основа на информациите од нив донесуваат рационални економски одлуки. Следните глави од трудот се посветени на конкретната сметководствена евиденција на одделните средства, извори на средства, расходи и приходи на претпријатијата, како составни елементи на финансиските извештаи. Така, третата глава ја обработува евиденцијата на постојаните средства, како долгорочен имот на деловните ентитети, нивниот поим и поделба, деловните книги во кои се евидентираат сите нивни промени, како и книговодствената евиденција, преку конкретни, практични примери. Четвртата глава се однесува на сметководствената евиденција на тековните средства. Овде посебно се обработени паричните средства и хартиите од вредност, побарувањата од купувачите, временските разграничувања и залихите. Петтата глава е посветена на евиденција на капиталот и обврските, како извори на средства на деловниот ентитет. Посебно се обработени (теоретски и од практичен аспект): капиталот и резервите, акционерската премија и акумулираната добивка (загуба). Во делот на обврските е разработен поимот и класификацијата на обврските (на тековни и нетековни), како и сметководствениот третман на нивните различни видови. Шестата глава е резервирана за евиденција на приходите и расходите, како елементи на Билансот на успех на деловните ентитети. Посебно внимание е посветено на трошоците, нивната класификација и системи на пресметка. Во последната, Седма глава, се обработува финансискиот резултат (добивка или загуба), неговата пресметка и распределба. На крајот од учебникот се дадени и вежби (со решенија), кои се наменети за студентите, кои истите можат да ги искористат за полесно совладување на материјалоти за подготовка за испит. Преку презентираниот начин на

обработка на сметководствената евиденција на сите елементи на финансиските извештаи на деловните ентитети, што е и основна задача на финансиското сметководство, сметаме дека е постигната главната цел – да им помогнеме на студентите да ги разберат целите и задачите на финансиското сметководство, начинот на сметководствена евиденција на сите средства, извори на средства, приходи и расходи, и она што е посебно важно, преку практичните примери за книжење содржани во материјалот да можат практично да ја осознаат постапката на сметководствена евиденција на економските трансакции, со цел составување на квалитетни финансиски извештаи од страна на деловните ентитети.

**Евалуација на научен труд под реден број 41**

Во учебникот „Анализа на финансиските извештаи“ авторите анализираа зошто е потребна анализата на финансиските извештаи? Одговорот се наоѓа во несовршеноста на системот на финансиско известување: несовпаѓање на деловните настани со нивното сметководствено признавање; различниот сметководствен третман на исти деловни трансакции во различни земји, дејности или компании; постоење на дополнителни информации надвор од финансиските извештаи на компаниите кои се значајни за формулирање на оценка за работењето и слично. Анализата на финансиските извештаи претставува употреба на сметководствените податоци во процесот на донесување деловни и инвестициони одлуки.Финансиските извештаи претставуваат прегледи кои го опфаќаат целокупното работење на компанијата. Процесот на анализа на финансиските извештаи е дизајниран за да им помогне на деловните луѓе, инвеститорите и кредиторите да научат како да ги читаат, интерпретираат и анализираат подготвените финансиски извештаи. Таа се фокусира пред се на финансиските показатели кои ги користат аналитичарите, инвеститорите, менаџерите и другите заинтересирани субјекти, со кои се врши евалуација на финансиската состојба, оперативните перформанси и готовинските текови на работењето на компаниите. Учебникот „Анализа на финансиските извештаи“ е наменета, пред сè, за студентите на додипломски и постдипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, кои го изучуваат истоимениот предмет, но можат да го користат и сите останати кои се заинтересирани за оваа проблематика. Основната ориентација во излагањето на содржината е презентација на една целосна анализа на работењето на компаниите, која опфаќа повеќе елементи: анализа на деловната стратегија, анализа на сметководствените политики и финансиска анализа. Во тој контекст, материјалот опфатен во учебникот е поделе на неколку делови: Глава I – Основи на анализата на работењето на претпријатијата; Глава II – Поим, видови и содржина на финансиските извештаи; Глава III – Анализа на деловната стратегија на компанијата; Глава IV – Примена на сметководствена анализа,политики и проценки во составување и презентирање на финансиските извештаи; Глава V – Методи на анализата на финансиските извештаи. Глава VI – Проспективна анализа.

Кандидаттака во последните пет години има работено на два проекта финансирани од Универзитетот „Гоце Делчев“ и тоа:

***<u>Влијанието на квалитетното финансиско известување и корпоративно управување врз ефикасноста на инвестициите и пазарот на капитал во РМ.</u>***

Развиеноста на пазарот на капитал и неговото ефикасно функционирање е детерминирана од довербата на инвеститорите во квалитетот на финансиското известување и корпоративното управување. Тргнувајќи од фактот дека информациите во финансиските извештаи се основа за инвестиционите одлуки на сите стејкхолдери, истите треба да бидат ослободени од секакви пропусти, пристрасности и манипулации. Токму ваквите информации, преку кои во периодот на транзиција се настојуваше да се презентира една многу пооптимистичка слика за работењето на компаниите во однос на нивната реална финансиска состојба и успешност, претставуваа и сеуште претставуваат сериозна пречка во градењето на довербата на инвеститорите во финансиското известване на компаниите, а како логична последица и една од поважните причини за ниското ниво на развиеност на пазарот на капитал во Република Македонија. Финансиското известување

ја остварува својата цел - креирање на веродостојни, транспарентни, објективни и споредливи финансиски извештаи, кои содржат информации релевантни за донесување на ефикасни инвестициски одлуки, само во услови на добро балансиран, функционален систем на корпоративно управување. Всушност, корпоративното управување претставува процес на водење, администрирање и насочување на работењето на компанијата, преку ефикасно искористување на расположивите ресурси за остварување на дефинираните цели. Фактот што пазарот на капитал во Република Македонија е доста неразвиен, а довербата на инвеститорите на ниско ниво, претставува мотив повеќе да го истражиме и анализирамезначењето на квалитетното финансиско известувањеи корпоративно управување врз ефикасноста на алокацијата на ограничените ресурси и врз процесот на активно учество на македонските компании на пазарот на капитал. Во тој контекст, главна цел на проектот е емпириска анализа на врската и односите помеѓу квалитетот на финансиското известување и корпоративно управување и ефикасноста на инвестициските одлуки на македонските компании, преку нивно активно вклучување на пазарот на капитал. Таквата цел ќе биде постигната со користење на повеќе економетриски модели и техники (МНК и панел регресиона анализа).Најпрво, ќе биде креиран композитен индекс, кој ќе го квантифицира квалитетот на финансиското изествување, преку користење на анкетна анализа и користење на принципал фактор анализа.

***Креирање на можности за зголемување на вработеноста во РМ со избор на модели за финансирање на иновативни идеи, преку користење на информации од ревидираните финансиски извештаи на компаниите***

Интерес за работењето на деловните субјекти имаат голем број на интерни и екстерни стејкхолдери.За донесување на квалитетни деловни одлуки потребни се информации. Финансиските извештаи се основен извор на информации за работењето на деловните субјекти. Информациите содржани во финансиските извештаи добиваат на тежина и веродостојност, односно го зголемуваат својот кредибилитет пред пошироката јавност со чинот на ревидирање на истите.Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните ревизорски стандарди, претставуваат општа регулативна рамка за подготвување на финансиските извештаи и вршењето на ревизија на истите, со што се обезбедува унифициран начин на финансиско известување и достапност на информациите за финансиската состојба и успешност на компаниите на глобално ниво. Информациите презентирани во финансиските извештаи, комбинирани, споредени, ставени во соодност, даваат показатели и коефициенти за оперативната активност, профитабилноста, рентабилноста, ефикасноста на користењето на средствата, финансиската стабилност и ликвидност, како и за политиките за исплата на дивиденди и заработувачката по акција. За да се овозможи пазарна трансформација на капиталот, како и ефикасна алокација на потребните слободни финансиски ресурси, потребно е да има организирани финансиски пазари и институции и регулативна рамка за нивно функционирање. Финансирањето на развојните планови и проекти на компаниите, кои ја зголемуваат можноста на компаниите за отворање на нови работни места (како во постоечките, така и во новите компании) може да биде од: сопствени извори (реинвестирање на остварената добивка), банкарски кредити, примарна и секундарна емисија на хартии од вредност (акции и корпоративни обврзници) и секако преку странски директни инвестиции. Избраниот модел на финансирање има директно влијание врз натамошниот тек на активностите и успешноста на компаниите, како и врз зголемување на човечкиот потенцијал.Токму затоа ова истражување ќе биде насочено кон дефинирање и идентификување на информативната функција на презентирањата во финансиските извештаи, кредибилитетот на презентирањата кој се постигнува со ревидирањето на финансиските извештаи при носењето одлуки за избор на модели за финансирање на развојните проекти на компаниите и поттикнување на вработивањето на млади, стручни кадри.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Кандидатката д-р Благица Колева, покрај реализираните наставно-образовни и научноистражувачки активности, има забележителни остварувања во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Во делот на стручно-апликативната дејност на кандидатката значајни се и нејзините стручни унапредувања, потврдени со поседување на:

- Лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење издадена одстрана на Министерство за правда на РМ. Врз основа на оваа лиценца, д-р Благица Колева има учествувано како носител или член во изработка и решавање на голем број вештачења и супер вештачења за потребите на Бирото за судски вештачења – Скопје и за основен суд во Струмица.
- Уверение за положен испит за проценувач од областа на трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица издадено од страна на Министерство за економија. Кандидатката учествувала во проценка на вредноста на капиталот на претпријатија со општествен капитал.
- Уверение за овластен сметководител издадено од страна на Министерство за финансии.
- Сертификат за обучувач на обука – спроведување на обука организирана во рамките на проектот „Јакнење на капацитетите на граѓанските организации заради постигнување повисоко ниво на одржливост и репрезентативна моќ“.
- Сертификат за учество на неколку работилници и стручно излагање
- Членство во организациски и меѓународни уредувачки одбори на меѓународни списанија во земјава и странство.
- Член на повеќе факултетски комисии (комисија за изработка на елаборати за прв и втор циклус студии; уписна комисија за прв и втор циклус студии; комисија за проверка на студентско досие; дисциплинска комисија; комисија за разгледување на барања од студенти; комисијаза плагијати од областа Сметководство и др.
- Потврда за учество и имплементација на проект.
- Потврда за член во експертска група за евалуација и акредитација на Американскиот универзитет во Благоевград, Р.Бугарија.

Кандидатката има објавено две книги, трудови во стручни и научно-популарни списанија, трудови во зборници, има учество на конференции со презентации, учество во проекти (наведени во текстот погоре).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, рецензентската комисија констатира дека кандидатката доц. д-р Благица Колева ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Комисијата цени дека кандидатката Благица Колева, д-р по економски науки од областа сметководство, покрај доставената комплетна документација по објавениот Конкурс, како и исполнување на законските услови за избор во звање вонреден професор, покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување.

Имено, кандидатката се истакнала со плодна педагошка активност, прикажувајќи висок корпус на знаење и стручност, како помлад асистент, а подоцна и во звањето асистент и доцент, на повеќе предмети од областа сметководство што ги изведува на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во изминатиот период.

Научноистражувачката работа на кандидатката е континуирана и ја потврдува нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област, како и стручноста со која владее во наставно- научната област Сметководство за којашто

кандидатот конкурира. Ова се потврдува со многуте објавени научни и стручни трудови, учество на меѓународни и домашни конференции и семинари со научна проблематика.

Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност исто така се дел од биографијата и работното искуство на кандидатот, утврдено преку публикуваните трудови во стручни научно-популарни списанија, презентации на стручни конференции, учеството во комисии, организациони и уредувачки одбори на меѓународни списанија, организација на конференции, изготвување на елаборати и проекти.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно- апликативната и севкупната активност во периодот од избор во доцент до денес, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатката доц. д-р Благица Колева преку остварени вкупно 261,5 поени (НО30+НИСУ142,5+САОР89).

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, доц. **д-р Благица Колева да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област сметководство.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Биљана Ангелова**, редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Љиљана Конеска,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска**, вонреден професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р.б. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | / | | 30 |
| | ВКУПНО | 30 | | | | |

| Р.б. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Монографија или научна книга (труд со реден.бр.40, 41) | 2 | 10*2 | / | / | 20 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв автор р.бр 2,3,4)<br>3x9поени= 27 поени<br><br>(втор автор р.бр. 1,6, 9, 13)<br>4x6 поени= 24 поени<br><br>(останати автори р.бр. 5,7,8,10,11,12,14,15,16,26)<br>10x3 поени= 30 поени<br><br>Вкупно=27+24+30= 78 поени | | | | 81 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (р.бр.20) | / | / | 1 | 3 | 3 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство<br>- во земјата (р.бр. 17,23,24)<br>- во странство (р.бр. 18,19,21,22,25,) | 3 | 1,5 | 5 | 2 | 14,5 |
| 10. | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | / | / | 8 |
| 11. | Одбранета магистерска работа | / | / | 1 | 4 | 4 |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекта) | 2 | 4 | / | / | 4 |
| 15. | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 1 | 1 | / | / | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Уредник на зборник на трудови | 1 | 2 | / | / | 2 |
| 17. | Уредник на зборник на трудови од научен собир | 1 | 1 | / | / | 1 |
| 19. | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 |
| 23. | Рецензент на научен труд(СЦИ/ ЦА/останати) | 1x1 поен = 1 | | | | 1 |
| | ВКУПНО | 142,5 | | | | |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно) списание (р.бр.27,28,29 ,30,31,32,33,34,35,36,37,) | 11 | 2 | / | / | 22 |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 5 | / | / | 5 |
| 15. | Техничко унапредување<br><br>-Уверение за овластен сметководител (издадено од Министерство за финансии);<br><br>-Лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење (издадено од Министерство за правда)<br><br>-Уверение за овластен проценител на капитал на трговски друштво, јавни претпријатија и други субјекти (издадено од Министерство за економија) | 3 | 2 | / | / | 6 |
| 17. | Елаборати и експертизи (елаборат за прв и втор циклус на студии на Економски факултет,стручни вештачења од областа на сметководствено и финансиско работење) | 17 | 2 | / | / | 34 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | 9 | 2 | / | / | 18 |
| 30. | Класен раководител, согласно со Кредит трансфер системот –ЕКТС (за четири години) | 1 | 4 | / | / | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | 89 | | | |
| | Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот | НО | НИ | САОР | |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | 30 | 142,5 | 89 | 261,5 |

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р.бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Избор во звање помлад асистент | 1<br>10 | | | | 10 |
| | Избор во звање асистент | 1 | 10 | | | 10 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | 20 |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Учесник во научноистражувачки проект<br><br>Кандидатката има 4 (четири) труда публикувани во меѓународни научни списанија - трудовите од 1 до 4 опишани во овој извештај<br><br>Кандидатката има вкупно 16 трудови објавени или презентирани на инетрнационални научни манифестации, трудовите со реден број 5-10. | <br><br><br>4 | <br><br><br>5 | 4<br><br><br><br><br><br><br>5 | 8<br><br><br><br><br><br><br>2 | 32<br><br><br>20<br><br><br><br>10 |
| | ВКУПНО | | | | | |
| | | | | | | 70 |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Член на стручно здружение | 1 | 2 | | | 2 |
| | Член на стручно здружение | | | 1 | 2 | 2 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | 4 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 94 |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1202-80/45 од 7.6.2019 година, донесена на 171. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 6.6.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Силвана Мојсовска**, редовен професор на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател);
- **д-р Весна Георгиева Свртинов**, вонреден професор на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член);
- **д-р Трајко Мицески**, редовен професор на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 23.5.2019 година и во предвидениот рок единствено се пријави **доц. д-р Емилија Митева-Кацарски.**

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатката **д-р Емилија Митева-Кацарски,** по основ на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во согласност со барањата во Конкурсот ги има доставено следниве документи:

1. Пријава;
2. Диплома за завршено соодветно образование – за одбранета докторска дисертација и стекната квалификација доктор на економски науки од областа меѓународна економија (1 оригинал и 3 копии заверени кај нотар, веродостојни на оригиналот);
3. Уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – магистер на економски науки од областа меѓународна економија, со просечен успех 9,85;
4. Уверение за положени испити и стекната високообразовна квалификација – дипломиран економист на студиската програма Меѓународна економија, со просечен успех 9,29;
5. Кратка биографија (4 примероци);
6. Список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите;
7. Потврда/сертификат дека се служи со еден странски јазик;
8. Докторски и магистерски труд (по 1 примерок во печатена форма);
9. Уверение за државјанство (1 оригинал);
10. Рецензирана скрипта од областа меѓународна економија (1 примерок во печатена форма и достапна на е-библиотека на УГД);
11. Рецензиран практикум од областа меѓународна економија (1 примерок во печатена форма и достапен на е-библиотека на УГД);
12. Дополнителни потврди и сертификати: сертификати за учество на научни собири во земјава и во странство, потврда за учесник во уредувачки одбор на меѓународно списание во странство, потврда за рецензент на трудови во меѓународно списание во странство, потврда за учество во комисии во работата на Економски факултет при УГД, потврда за ментор на студиски програми на Економски факултет при УГД како и потврда за координатор на пракса.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Емилија Митева-Кацарски е родена на 8.9.1982 година во Струмица. Основно образование завршува во ОУ „Гоце Делчев“ – Василево. Средно образование завршува во 2001 година во СОУ „Јане Сандански“ во Струмица – економска насока. Во учебната 2001/2002 година се запишува на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Прилеп на студиската програма Меѓународна економија и дипломира на истиот во 2005 година со просек 9,29. Во академската 2006/2007 година се запишува на постдипломски студии на насоката Меѓународна економија на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што во декември 2009 година со просечна оценка од положени испити 9,85 и со успешна одбрана на магистерскиот труд на тема „Каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација“ се стекнува со научен степен магистер на економски науки од обласа на меѓународната економија.

Д-р Емилија Митева-Кацарски понатаму го продолжува високото образование со упис на трет циклус студии по менторски систем, во мај 2011 година, на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Кандидатката успешно ја одбранува докторската дисертација од обласа меѓународна економија со наслов „Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови“ на 3.7.2014 година, со што се стекнува со звањето доктор на економски науки.

Во 2007 година, д-р Емилија Митева-Кацарски се вработува како помлад асистент во обласа меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2010 година таа е избрана за асистент, а потоа во 2013 година е реизбрана во истата област. Во тој временски период остварува забележителни научноистражувачки и наставно-образовни активности.

На 3.12.2014 година, д-р Емилија Митева-Кацарски е избрана за доцент при Економскиот факултет во наставно-научната област меѓународна економија. За време на овој изборен период кандидатката има забележителни наставно-образовни и научноистражувачки активности, како што се: наставно-образовен ангажман на предметите Меѓународна економија, Надворешна трговија, Меѓународен бизнис и Царинска политика на наставните кампуси во Штип, Струмица и Скопје, како и наставниот ангажман на предметите Меѓународни економски односи на Правниот факултет и Меѓународен бизнис на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип; учествува на повеќе меѓународни конференции; има објавени научни и стручни трудови во меѓународни списанија; автор е на скрипта и практикум во обласа меѓународна економија; член е во неколку научни и стручно-апликативни проекти и слично.

Кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски и денес работи на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип како доцент во наставно-научна област меѓународна економија.

**Законски услови согласно со чл. 166, ст. 1 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ 82/2018) што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:**

1. **Просечен успех од најмалку 8.00 (осум) на интегрираните студии од прв и втор циклус на студии:**

Остварен просечен успех на прв циклус на студии од 9.29 и остварен просечен успех на втор циклус на студии од 9.85.

2. **Доктор на науки од научната област во која се избира:**

Доктор на економски науки од научната област меѓународна економија на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје во 2014 година.

3. **Доцент од научната област во која се избира:**

На 3.12.2014 година д-р Емилија Митева-Кацарски е избрана за доцент во научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

4. **Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации**

Има објавено повеќе научни трудови од соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации кои се во целост наведени во доставениот список на трудови, како и објавени во репозиториумот на УГД, а овде ги издвојуваме следниве седум трудови како позначајни:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Lazarov, Darko and Lakovic, Tanja and Miteva-Kacarski, Emilija (2017) | The Quality of Financial Information and Stock Market Development: A Panel Data Study for the European Economies. | Contemporary Trends and Challenges in Finance”, Springer Proceedings in Business and Economics, 22. pp. 145-153. ISSN 2198-7254 | 2007 |
| 2 | Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija and Nikoloski, Krume (2016) | An empirical analysis of stock market development and economic growth: the case of Macedonia. | South East European Journal of Economics and Business, 11 (2). pp. 71-81. ISSN 2233-1999 (online) | 2013 |
| 3 | Miteva-Kacarski, Emilija (2018) | Revealed comparative advantage in trade between the Republic of Macedonia and CEFTA 2006. | Economic Review – Journal of Economics and Business, 16 (1). pp. 59-70. ISSN 1512-8962 | 2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Paceskoski, Vlatko (2018) | Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Czech Republic. | European Journal of Business, Economics and Accountancy, 6 (3). pp. 59-70. ISSN 2056-6018 | 2013 |
| 5 | Miteva-Kacarski, Emilija and Stanceva-Gigov, Iskra and Cabuleva, Kostadinka (2015) | Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Federal Republic of Germany. | Economic review: Journal of Economics and Business, 12 (3). pp. 37-43. ISSN 1512-8962 | 2011 |
| 6 | Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka and Paceskoski, Vlatko (2018) | Analyses of the trade relations between the Republic of Macedonia and Greece. | Knowledge – International Journal, 26.1 (1). pp. 221-226. ISSN 2545-4439 | 2009 |
| 7 | Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Janka (2016) | Trade implications of BREXIT | Knowledge – International Journal,15.2. pp. 605-610. ISSN 1857-92 | 2009 |

***Наставно-образовна дејност***

Наставно-образовниот ангажман на доц. д-р Емилија Митева-Кацарски започнува уште од 2007 година, кога е избрана за помлад асистент во наставно-научната област меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Во 2010 година таа е избрана за асистент, а потоа во 2013 година е реизбрана во истата научна област. Во тој временски период, кандидатката остварува забележителни научноистражувачки и наставно-образовни активности.

На 3.12.2014 година е избрана во доцент на Економскиот факултет во наставно-научната област меѓународна економија. Во временскиот период на избор во звање доцент е ангажирана на прв циклус студии на предметите Меѓународна економија, Надворешна трговија, Царинска политика и Меѓународен бизнис. Во истиот период, кандидатката е член на комисија за изработка на елаборати за прв, втор и трет циклус студии на Економски факултет.

Кандидатката била ментор и член на повеќе дипломски и магистерски трудови како дел од наставно-образовниот процес на студентите на прв и втор циклус студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Освен на матичниот, таа е ангажирана на Правниот факултет и на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип на предметите Меѓународни економски односи и Меѓународен бизнис.

Во наставно-образовната дејност, кандидатката е автор на рецензирана скрипта и практикум по предметот Надворешна трговија.

*Научноистражувачка дејност*

Кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски има забележителни научноистражувачки активности. Во продолжение е наведена листа на научни трудови објавени во референтни научни публикации (научни списанија и зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири), научни проекти и други научно-истражувачки референци:

**I. Трудови објавени во научно списание во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија што ќе ја утврди Националниот совет за високо образование, како и научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови:**

**Miteva-Kacarski, Emilija** (2018), *Revealed comparative advantage in trade between the Republic of Macedonia and CEFTA 2006.*Economic Review – Journal of Economics and Business, 16 (1). pp. 59-70. ISSN 1512-8962.

**Miteva-Kacarski, Emilija** and Cabuleva, Kostadinka and Paceskoski, Vlatko (2018), *Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Czech Republic.* European Journal of Business, Economics and Accountancy, 6 (3). pp. 59-70. ISSN 2056-6018.

**Miteva-Kacarski, Emilija** and Cabuleva, Kostadinka and Paceskoski, Vlatko (2018), *Analyses of the trade relations between the Republic of Macedonia and Greece.* Knowledge – International Journal, 26.1 (1). pp. 221-226. ISSN 2545-4439.

Paceskoski, Vlatko and Miteva-Kacarski, Emilija and Cabuleva, Kostadinka (2018), *Foreign direct investments and effects in development countries.* Journal of Economics, 3 (2). pp. 41-49. ISSN 1857-9973.

Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Koleva, Blagica (2017), *Анализа на трговските релации меѓу Република Македонија и Република Бугарија.* Knowledge - International journal, 20 (2). pp. 627-632. ISSN 2545 4439 1857-923X.

**Miteva-Kacarski, Emilija** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Dimitrova, Janka (2017), *Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Republic of Albania.* Journal of Economics, Vol 2 (1). ISSN 1857-9973.

**Dimitrova, Janka** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija (2017), *The capital market functioning in the countries of former Jugoslavija in the period 2007 - 2017.* Journal of Economics, 2 (2). pp. 14-27. ISSN 1857-9973.

**Bunjaku, Flamur** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija (2017), *Cryptocurrencies – advantages and disadvantages.* Journal of Economics, 2 (1). ISSN 1857-9973.

**Lazarov, Darko** and Miteva-Kacarski, Emilija and Nikoloski, Krume (2016), *An empirical analysis of stock market development and economic growth: the case of Macedonia.* South East European Journal of Economics and Business, 11 (2). pp. 71-81. ISSN 2233-1999.

**Miteva-Kacarski, Emilija** (2016), *Comparative advantage of the Macedonian export in the Croatian market.* Journal of Economics, 1 (2). ISSN 1857- 9973.

**Miteva-Kacarski, Emilija** (2016), *Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Republic of Kosovo.* Journal of Economics, 9. ISSN 1857-9973.

**Miteva-Kacarski, Emilija** and Stanceva-Gigov, Iskra and Cabuleva, Kostadinka (2015), *Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Federal Republic of Germany.* Economic review: Journal of Economics and Business, 12 (3). pp. 37-43. ISSN 1512-8962.

**II. Трудови објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:**

**Koleva, Blagica** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija (2018), *Cost accounting in function of quality management.* MAC- MME 2018 Multidisciplinary Academic Conference on Management, Marketing and Economics in Prague, Czech Republic. ISSN 978-80-88085-22-5.

**Lazarov, Darko** and Lakovic, Tanja and Miteva-Kacarski, Emilija (2017), *The Quality of Financial Information and Stock Market Development: A Panel Data Study for the European Economies.* "Contemporary Trends and Challenges in Finance", Springer Proceedings in Business and Economics , 22. pp. 145-153. ISSN 2198-7254.

**Paceskoski, Vlatko** and Nikoloski, Krume and Miteva-Kacarski, Emilija (2017), *International debt and developing countries.* In: Challenges of tourism and business logistics in the 21st century »ISCTBL 2017«, 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Republic of Macedonia.

**Paceskoski, Vlatko** and Nikoloski, Krume and Miteva-Kacarski, Emilija (2017), *Process of globalization in the world economy.* In: Challenges of tourism and business logistics in the 21st century »ISCTBL 2017«, 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Republic of Macedonia.

**Lazarov, Darko** and Lakovic, Tanja and Miteva-Kacarski, Emilija (2017), *Does Financial Information Transparency and Objectivity Matter for Stock Market Development? A Panel Regression Analysis for The Selected European Countries.* Research Papers of the Wroclaw University of Economics / Prace Naukowe Uniwersytetu Ekonomicznego we Wroclawiu (482). pp. 121-129. ISSN 1899-3192.

**Miteva-Kacarski, Emilija** (2016), *Анализа на трговските релации меѓу Република Македонија и Русија.* In: VI Меѓународна научна и практична конференција:Управување на развојот на економските и регионалните системи: евроазиски изгледи, 30-31 May 2016, Stip, Macedonia.

**Dimitrova, Janka** and Nikoloski, Krume and Miteva-Kacarski, Emilija (2016), *Поврзаноста на корпоративното управување и остварените финансиски резултати со изразените ревизорски мислења за финансиските извештаи.* Eleventh International Scientific Conference "Knowledge in practice", 16-18 Dec 2016 Bansko, Bulgaria, 15.1 (11). pp. 121-128. ISSN 1857-92.

**Miteva-Kacarski, Emilija** and Dimitrova, Janka (2016), *Трговските импликации на Брегзит.* Eleventh International Scientific Conference "Knowledge in practice", 15.2 (11). pp. 605-610. ISSN 1857-92.

**Miteva-Kacarski, Emilija** (2014), *Нецаринскиот протекционизам во одделни земји во развој.* The International Scientific Conference "Knowledge-Capital of the Future"(held in Bansko, 27-30 Nov 2014) Special Edition, 4. pp. 357-361. ISSN 2334-7449.

**III. Учебни помагала (скрипта и практикум):**

**Miteva-Kacarski, Emilija** (2019) *Надворешна трговија (скрипта).* ISBN 978-608-244-600-4.

**Miteva-Kacarski, Emilija** (2019), *Надворешна трговија (практикум).* ISBN 978-608-244-600-4.

**IV. Докторска дисертација и магистерски труд:**

**Miteva-Kacarski, Emilija** (2014), *Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови.* PhD thesis, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

**Miteva-Kacarski, Emilija** (2009), *Каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација.* Masters thesis, Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

**V. Научни проекти:**

**Temjanovski, Riste** and Lazarov, Darko and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko and Arsova, Monika (2018), *Transport infrastructure as well as a generic resource to boosting the economic growth of the Republic of Macedonia.*

**Nikoloski, Krume** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Lazarov, Darko and Dimitrova, Janka and Miteva-Kacarski, Emilija and Georgieva Svrtinov, Vesna and Koleva, Blagica (2015), *Влијанието на квалитетното финансиско известување и корпоративно управување врз ефикасноста на инвестициите и пазарот на капитал во РМ.*

**Кратка научна евалуација на некои поважни трудови**

***Евалуација на трудот:The Quality of Financial Information and Stock Market Development: A Panel Data Study for the European Economies (2017) "Contemporary Trends and Challenges in Finance", Springer Proceedings in Business and Economics , 22. pp. 145-153. ISSN 2198-7254.***

Главната цел на трудот е да се испита корелациската врска и каузалната поврзаност помеѓу квалитетот на финансиските информации и нивото на развиеност на пазарот на капитал. Истражувањето е базирано на примерок од 36 европски економии во периодот 2006-2012 преку примена на динамичен панел регресионен модел (систем GMM).

Резултатите од анализата покажуваат позитивна и значајна поврзаност помеѓу квалитетот на финансиските информации и развојот на пазарот на капитал. Ефектите од финансиското известување врз развојот на пазарот на капитал се многу позначајни во случајот на земјите кои не се членки на ЕУ. Дополнително, резултатите укажуваат на тоа дека стапката на раст, странските директни инвестиции, банкарскиот сектор и квалитетот на корпоративното управување се позитивно и значително поврзани со развојот на пазарот на капитал, додека стапката на инфлација и нестабилноста на цените на акциите негативно влијаат врз активностите на пазарот на капитал.

***Евалуација на трудот: An empirical analysis of stock market development and economic growth: the case of Macedonia (2016). South East European Journal of Economics and Business, 11 (2). pp. 71-81. ISSN 2233-1999.***

Овој труд има две цели. Првата цел е да се испита магнитутадата на корелациската врска помеѓу нивото на развиеност на финансискиот пазар и економскиот раст на група од 14 транзициски економии од регионот на Централна и Југоисточна Европа (ЦИЕ) во периодот 2002-2012 година, додека втората цел е детална анализа на специфичностите на финансискиот пазар во Република Македонија. Во рамките на истражувањето се користени панел регресионен модел (фиксни и случајни ефекти) и динамички панел модел (Генерализиран метод на моменти - ГММ), додека за анализа на финансискиот сектор во Република Македонија е користена компаративна бенчмарк анализа.

Добиените резултати покажуваат дека развојот на финансискиот пазар е позитивен и значително поврзан со економскиот раст во анализираните земји во периодот 2002-2012 година. Дополнително, компаративната анализа на финансискиот пазар во Република Македонија сугерира дека финансискиот пазар е сè уште недоволно развиен и се соочува со голем број предизвици. Овие предизвици вклучуваат регионална интеграција на пазарот на капитал и усогласување на правните и институционалните рамки, како што се стечајните постапки, стандардите за сметководство и известување, регулаторните тела во јавниот сектор, корпоративното управување и либерализираниот трговски режим.

***Евалуација на трудот: Revealed comparative advantage in trade between the Republic of Macedonia and CEFTA 2006. Economic Review – Journal of Economics and Business, 16 (1). pp. 59-70. ISSN 1512-8962.***

Целта на овој труд е да ги идентификува секторите во кои Република Македонија има компаративна предност при извозот во останатите земји членки на ЦЕФТА 2006. Стекнатата компаративна предност на Република Македонија во однос на останатите земји од ЦЕФТА 2006 е пресметана за временскиот период 2006-2014 година, преку користење

на Стандардната меѓународна трговска класификација, Ревизија 4. При истражувањето се користени следниве квантитативни методи: ITO (The index of trade openness), TBI (Trade Balance Index), Balassa's RCA (The export index of revealed comparative advantage), RSCA (The export index of revealed symmetric comparative advantage), како и CEP (The index of comparative export performance). Резултатите од истражувањето укажуваат на фактот дека во случајот со Република Македонија е регистриран висок индекс на трговска отвореност во споредба со останатите земји членки на ЦЕФТА 2006. TBI индексот покажува дека во анализираниот временски период Република Македонија во континуитет се јавува во својство на нето извозник на производи од категоријата тутун и пијалаци, RCA и RSCA индексите бележат позитивни вредности во категоријата суровини кои не се храна (освен гориво) и категоријата хемиски производи, додека CEP индексот кој е пресметан за категорија тутун и пијалаци покажува изразена компаративна предност на Република Македонија во однос на останатите земји членки на ЦЕФТА 2006.

***Евалуација на трудот: Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Czech Republic. European Journal of Business, Economics and Accountancy, 6 (3). pp. 59-70. ISSN 2056-6018.***

Тргнувајќи од фактот дека секоја земја поседува компаративна предност во производството на одредени стоки и услуги, целта на овој труд е да ги идентификува секторите во кои Република Македонија има компаративна предност во трговската размена со Република Чешка. Во емпириската анализа се користени индексите RCA и RSCA (Revealed Comparative advantage и Revealed Symmetric Comparative Advantage), за временскиот период 2006-2015 година. Анализата на вредноста, динамиката и структурата на трговската размена меѓу Република Македонија и Република Чешка укажува на фактот дека постои континуиран трговски дефицит на македонска страна во временскиот период 2006-2015 година. Од друга страна, пак, обемот на трговска размена меѓу двете земји бележи тенденција на раст. Преку применетата RCA и RSCA методологија се доаѓа до констатацијата дека во анализираниот временски период, компаративната предност на македонскиот извоз на чешкиот пазар континуирано е присутна кај категориите храна и тутун и пијалаци. Резултатите од анализата ја потврдуваат реалната состојба. Од 2010 година, компаративната предност е присутна и кај категоријата машини и транспортна опрема, што се должи на променетата извозна структура и извозот на делови и прибор за моторни возила. Според класификациите на Hinloopen and Marrewijk, пресметаната компаративна предност на македонскиот извоз на чешкиот пазар се движи во границите од слаба до умерена. Единствено, силна компаративна предност е евидентирана кај категоријата тутун и пијалаци во 2011 година.

***Евалуација на трудот: Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Federal Republic of Germany. Economic review: Journal of Economics and Business, 12 (3). pp. 37-43. ISSN 1512-8962.***

Имајќи го предвид фактот дека Сојузна Република Германија е најзначаен надворешнотрговски партнер на Република Македонија, во овој труд е направена анализа на вредноста, динамиката и структурата на размената меѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија за временскиот период 2001-2013 година. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на германскиот пазар заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност. Резулатите од анализата укажуваат на фактот дека во временскиот период од 2009 до 2013 година, Република Македонија остварува трговски суфицит во размената со СР Германија како резултат на извозот на катализатори на носачи на благородни метали и нивни соединенија, за која категорија на производи земјата поседува и компаративна предност во размената со СР Германија, што е резултат на работата на компанијата Џонсон Мети во слободната економска зона Бунарџик. Согласно со анализата, билатералната трговија меѓу двете земји е значајно интензивирана и трговските релации се позитивни и продуктивни. Трговскиот суфицит во размената со Германија во последните неколку години е реален доказ за позитивните ефекти од големите инвестиции кои ги спровеле германските фирми во Република Македонија.

***Евалуација на трудот: Analyses of the trade relations between the Republic of Macedonia and Greece. Knowledge – International Journal, 26.1 (1). pp. 221-226. ISSN 2545-4439***.

Емпириските анализи во овој труд укажуваат на трговски дефицит на македонска страна во трговската размена со Грција. Во анализираниот временски период (2006-2015), преку примена на Балаша индексот е дојдено до констатацијата дека Република Македонија има изразена компаративна предност во трговската размена со Грција во неколку категории и тоа: пијалаци и тутун, суровини кои не се храна, освен гориво и разни готови производи. Пресметаната компаративна предност се потврдува преку зголемениот извоз на тутун, неизжилен, плоснато валани производи од железо и нелегиран челик, женски блузи и кошули, метална руда и отпадоци од метал, семе од маслодајна репка, како и други производи од крзно. Во насока на зголемување на трговската размена меѓу двете земји, согласно со анализата неопходно е да се интензивираат деловните односи, да се обезбеди заеднички настап на трети пазари, како и заедничко реализирање на проекти од ЕУ фондовите.

***Евалуација на трудот: Trade implications of BREXIT. Knowledge – International Journal,15.2. pp. 605-610. ISSN 1857-92.***

Предмет на анализа во овој труд се импликациите од излегувањето на Велика Британија од ЕУ, со посебен акцент на економските и трговските импликации. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека наспроти тврдењата на многу аналитичари, постои веројатност дека влијанието на Брегзит врз трговијата ќе биде релативно мало. Исто така, постои веројатност дека напуштањето на ЕУ позитивно би се рефлектирало врз надворешниот сектор, доколку Велика Британија би ја искористила нејзината трговска слобода во креирање на сопствени трговски договори. Производствениот сектор во економијата би се соочил со поголема неизвесност во споредба со секторот на услугите, поради содржината на трговскиот договор кој би бил склучен со ЕУ. Согласно со анализата во трудот, можноста да се наметнат царини при извоз на добра во ЕУ ги намалува надежите, додека можноста да се зголеми трговијата со другите земји преку зголемена конкурентност или поефтини инпути ги зголемува надежите од Брегзит.

***Евалуација на трудот: Анализа на трговските релации меѓу Република Македонија и Република Бугарија, Knowledge - International journal, 20 (2). pp. 627-632. ISSN 2545-4439 1857-923X.***

Во овој труд е направена анализа на вредноста, динамиката и структурата на надворешнотрговската размена меѓу Република Македонија и Република Бугарија за временскиот период 2006-2015 година. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на бугарскиот пазар заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност преку користење на Балаша индексот и Стандардната меѓународна трговска класификација. Емпириските анализи укажуваат на континуиран трговски дефицит на македонска страна во трговската размена со Република Бугарија. Во анализираниот временски период (2006-2015), Република Македонија има изразена компаративна предност во трговската размена со Република Бугарија во неколку сектори и тоа: секторот суровини (кои не се храна), освен гориво (континуирана компаративна предност во анализираниот временски период), секторот пијалоци и тутун како и секторот хемиски и сродни производи. Пресметаната компаративна предност се потврдува со зголемениот извоз на руди на олово и концентрати, руди на цинк и концентрати и руди на бакар и концентрати, производи од железо и челик, лекови, тутун, како и вино од свежо грозје. Градежниот сектор, металната и електроиндустријата, хемиската и фармацевтската индустрија, текстилната индустрија, прехранбената и преработувачката индустрија, како и туризмот се круцијалните сектори преку кои би се интензивирала соработката и размената меѓу двете земји.

***Евалуација на трудот: Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Republic of Albania. Journal of Economics, Vol 2 (1). ISSN 1857-9973.***

Емпириските анализи во овој труд укажуваат на континуиран трговски суфицит

на македонска страна во трговската размена со Република Албанија. Во анализираниот временски период (2006-2015), преку примена на Балаша индексот е дојдено до констатацијата дека Република Македонија има изразена компаративна предност во трговската размена со Република Албанија во неколку сектори и тоа: секторот храна, животински и растителни масла, масти и восоци, производи класирани според материјалот, како и машини и транспортна опрема. Пресметаната компаративна предност се потврдува со зголемениот извоз на нафта и нафтени масла, производи од железо и челик, портланд цемент, лекови итн.

Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека земјоделството, туризмот, градежништвото, преработката на дрво и производството на мебел, се клучните сектори кои можат да го раздвижат недоволниот обем на трговска размена меѓу Македонија и Албанија. Исто така, подобрувањето на размена на информации за економските и трговските активности во двете земји, зајакнување на активностите за промоција на извозот на македонските производи на албанскиот пазар, заедничка туристичка понуда на прекуграничната област, развој на униформирана методологија за класификација на објектите поврзани со туризмот меѓу Македонија и Албанија, зајакнување на контролата на квалитетот и лабораториски испитувања, поддршка за подобрување на размената на информации меѓу националните статистички организации, како и поддршка за иновации во секторот на мали и средни претпријатија во Македонија и Албанија, се активности кои на краток и среден рок во одредена мера би овозможиле интензивирање на трговската размена меѓу двете земји.

***<u>Евалуација на трудот: Analysis of the trade relations between the Republic of Macedonia and the Republic of Kosovo. Journal of Economics, 9. ISSN 1857-9973.</u>***

Косово е една од ретките земји со кои Македонија има позитивно салдо во трговската размена и оттука во овој труд е направена анализа на вредноста, динамиката и структурата на размената меѓу Република Македонија и Република Косово за временскиот период 2009-2013 година. Според презентираните податоци во трудот, најизвезувани производи од Република Македонија во Република Косово се: нафтени деривати, цемент, производи од челик и железо, како и лекови и цигари, додека најмногу се увезуваат заварени цевки, минерална и газирана вода и безалкохолни пијалаци, остатоци од легиран челик и пластични маси. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на косовскиот пазар заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Македонија поседува компаративна предност во извозот на повеќе категории на производи согласно Стандардната меѓународна трговска класификација, од кои посебно се издвојуваат суровините, хемиските производи и производите класирани според материјалот.

***<u>Евалуација на трудот: Comparative advantage of the Macedonian export in the Croatian market. Journal of Economics, 1 (2). ISSN 1857- 9973.</u>***

Целта на овој труд е да се идентификуваат категориите на македонски производи кои имаат компаративна предност на хрватскиот пазар.  Анализата се однесува на временскиот период 2006-2013 година, при што е користена Стандардната меѓународна класификација на производите, ревизија 4 како и Балаша индексот за пресметка на компаративната предност. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Македонија поседува компаративна предност во извозот на повеќе категории на производи на хрватскиот пазар, од кои посебно се издвојуваат храната, тутунот и пијалаците како и производите класифицирани според материјалот. Согласно со презентираните податоци во трудот, намалената трговска размена меѓу двете земји во 2013 година се должи на преструктурирањето на Хрватска за влез во Европската Унија и излез од ЦЕФТА. По влезот на Хрватска во ЕУ, економската и трговската соработка продолжува согласно со Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) меѓу Република Македонија и ЕУ. Хрватска веќе ги нема привилегиите од ЦЕФТА договорот. За нивните производи има дополнителни давачки. Анализите на македонските институции покажале дека во просек хрватските производи ќе поскапат за 10%. Австриската Ерсте групација, пак, оценува дека отстапувањето на Хрватска од ЦЕФТА ќе ја намали конкурентноста, а со тоа и извозот

на нивните прозиводи во целиот регион. Проекциите во трудот укажуваат на фактот дека хрватските компании би правеле обиди да инвестираат директно во Македонија односно да отворат фирми во Република Македонија се со цел повеќе да не увезуваат туку директно од Република Македонија да ги искористат поволностите од ЦЕФТА и да извезуваат во земјите од Западен Балкан.

***Евалуација на трудот: Нецаринскиот протекционизам во одделни земји во развој. The International Scientific Conference "Knowledge-Capital of the Future"(held in Bansko, 27-30 Nov 2014) Special Edition, 4. pp. 357-361. ISSN 2334-7449 (Online).***

Во овој труд се анализираат резултатите од пилот проектот на УНКТАД за собирање и квантифицирање на нецаринските мерки во пет земји во развој: Бразил, Чиле, Индија, Филипини и Тајланд, кој на иницијатива на Меѓународниот трговски центар, во 2010 година е проширен со проектните активности на Тунис и Уганда. Истражувањето овозможува подобро да се разберат трговските мерки на главните извозни дестинации на земјите во развој, како што се САД, ЕУ, Јапонија и новите земји во развој, како и да се обезбеди увид во нивните трговски регулативи. Според презентираните податоци во трудот, активностите во врска со нецаринските бариери директно или индиректно имаат влијание врз конкурентноста и пазарниот пристап, посебно за земјите во развој. Преку агрегирање на податоците се олеснува процесот на идентификација на нецаринските мерки, што е од суштинска важност за земјите во развој целосно да се вклучат во процесот на регулирање на нецаринските мерки, особено на санитарните и фитосанитарните мерки и техничките бариери во трговијата. Од анализираните фирми, 51% од нецаринските мерки со кои се соочуваат се поврзани со техничките бариери во трговијата, додека 34% со санитарни и фитосанитарни мерки. Останатите мерки, како што се контрола на цените на стоките пред испорака, контрола на квантитетот на стоките, финансиските и други мерки опфаќаат само 10,5% од вкупните нецарински мерки со кои се соочуваат фирмите извознички. Слични резултати се констатирани и за фирмите кои увезуваат.

***Евалуација на трудот: Анализа на трговските релации меѓу Република Македонија и Русија. VI Меѓународна научна и практична конференција: Управување на развојот на економските и регионалните системи: евроазиски изгледи, 30-31 May 2016, Stip, Macedonia.***

Предмет на анализа во овој труд се вредноста, динамиката и структурата на надворешнотрговската размена меѓу Република Македонија и Русија за временскиот период 2006-2013 година. Пресметана е и компаративната предност на македонските производи на рускиот пазар со користење на Стандардната меѓународна трговска класификација и Балаша индексот. Резултатите од анализата ја потврдуваат реалната состојба. Имено, Република Македонија точно знае кои се нејзините компаративни предности на рускиот пазар. Произведува квалитетна храна за каква што има најмногу има потреба во Русија и тоа се производите на кои се става фокус во однос на извозот. За да се намали дефицитот потребно е да се искористат компаративните предности на македонските компании во однос на потребите на рускиот пазар. Русија е голем потрошувач на лекови, а истовремено и голем пазар за пласман на прехранбените производи. Македонската економија, од друга страна, има добар потенцијал во делот на хемиската индустрија, во производството на лекови и препарати, како и во производството и преработката на земјоделско-прехранбените производи, како што може да се види и од анализата. За да се поттикнат овие гранки, државата е подготвена да им помогне на фирмите за воспоставување соработка да формира дистрибутивни центри во Руската Федерација за македонските земјоделско-прехранбени производи, како и да помогне во нивната промоција преку саемски манифестации, изложби и слично. Во анализираниот временски период, компаративната предност на македонскиот извоз е континуирано присутна и во извозот на машини и транспортни уреди.

***Евалуација на трудот: Does Financial Information Transparency and Objectivity Matter for Stock Market Development? A Panel Regression Analysis for The Selected European Countries (2017).Research Papers of the Wroclaw University of Economics (482). pp. 121-129. ISSN 1899-3192***

Трудот се обидува да одговори на прашањето дали финансиската транспарентност и објективноста во финансиското известување се важни за развојот на пазарот на капитал. Во тестирање на оваа хипотеза е користен примерок од 38 избрани европски економии за периодот 2006-2014 со примена на динамичка панел регресионен модел (генерализиран метод на моменти). Примената на стандардите за ревизија и известување (SARS) се користи како репрезентативна варијабла за мерење на финансиската транспарентност и објективност, додека капитализираноста на берзата во однос на БДП е најчесто користена варијабла за мерење на развиеноста на пазарот на капитал.

Добиените резултати покажуваат дека квалитетот на финансиските информации има позитивно и значајно влијание врз развојот на пазарот на капитал откако ќе се контролираат стандардните макроекономските и финансиските детерминанти кои влијаат врз пазарот на капитал. На овој начин емпириски ја потврдуваме првичната теза дека квалитетот на финансиското известување е една од најважните детерминанти на развојот на пазарот на капитал, при што таквото позитивно влијание на квалитетот на финансиското известување и ревизија врз развојот на пазарот на капитал е многу позначително во случај на земјите-членки на ЕУ.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката доц. д-р Емилија Митева-Кацарски, покрај реализираните наставно-образовни и научноистражувачки активности, има остварено и други активности од стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Дел од тие активности се публикација на трудови во стручни (научно-популарни) списанија и реализирани стручно-апликативни проекти:

**I. Трудови во стручно (научно-популарно) списание:**

Koleva, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija (2019), *Сметководствените информации – квалитетна алатка за ефективен перфоманс на претпријатијата.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Годишен зборник, 17. ISSN 1857-7628.

**Cabuleva, Kostadinka** and Miteva-Kacarski, Emilija and Paceskoski, Vlatko (2018), *Анализа на трговските релации меѓу Европската Унија и Кина.* Годишен зборник 2018, Економски факултет, 15. pp. 189-196. ISSN 1857-7628.

**Miteva-Kacarski, Emilija** (2017), *Учеството на малите и средните претпријатија во меѓународната трговија: можности и предизвици.* Годишен зборник на Економски факултет, УГД, 11. pp. 49-60. ISSN 1857-7296.

**Koleva, Blagica** and Miteva-Kacarski, Emilija and Markova, Verica (2017), *Анализа на трошоците и нивното влијание врз ефикасноста на работењето на претпријатијата.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет, XIII. pp. 131-139. ISSN 1857-7628.

**Miteva-Kacarski,Emilija** (2016),*Предизвиците и ефектите од спроведувањето на договорот за олеснување на трговијата во рамките на СТО.* Годишен зборник 2016, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 9. ISSN 1857-76-28.

**Miteva-Kacarski, Emilija** (2016), *Алтернативни извори на финансирање на трговијата.* Годишен зборник на Економски факултет, X. ISSN 1857-7296.

**Miteva-Kacarski, Emilija** and Cabuleva, Kostadinka (2015), *Меѓународната трговија пред и после глобалната економска криза.*Годишен Зборник 2015, Економски факултет, УГД-Штип, 7. pp. 41-48. ISSN 1857- 7628.

**Miteva-Kacarski, Emilija** and Cabuleva, Kostadinka (2015), *Улогата на земјите во развој во меѓународната трговија.* Годишен зборник 2015, Економски факултет, 8. ISSN 1857-7628.

**Paceskoski, Vlatko** and Miteva-Kacarski, Emilija (2014), *Нерамномерната распределба на доходот во ера на глобализација.*Годишен зборник 2014, Економски факултет, УГД-Штип, 6. pp. 99-108. ISSN 1857- 7628.

**Miteva-Kacarski, Emilija** and Paceskoski, Vlatko (2014), *Последиците од мултилатералните трговски договори во рамките на СТО за земјите во развој.* Годишен зборник 2014, Економски факултет, УГД-Штип, 6. pp. 117-124. ISSN 1857- 7628.

**I. Стручно-апликативни проекти и експертизи:**

1. **Dimitrova, Janka** and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Miteva-Kacarski, Emilija and Dimitrova, Eftimija (2018), *Shared Entrepreneurship Environment for Creative Youth.*

Во однос на организациско-развојна дејност, кандидатката ги реализира следниве активности:

- Членство во меѓународен уредувачки одбор на меѓународно списание во странство: Asian Journal of Economics, Business and Accounting http://www.journalajeba.com/index.php/AJEBA/about/editorialTeam;
- Членство во LSEE-CEFTA Academic Network: http://www.lse.ac.uk/LSEE-Research-on-South-Eastern-Europe/Research/CEFTA-LSEE-RN/People/People;
- Членство во издавачки совет на Годишен зборник на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев"-Штип https://e-lib.ugd.edu.mk/resursi/zbornici/ekonomski/Zbornik_ekonomski_2018-vol-16.pdf;
- Членство во факултетски комисии: (комисија одговорна за прием на документи и уписи на студенти, комисија за изготвување на елаборати за прв и втор циклус на студии, комисија за разгледување на барања од студенти, ментор на студиски програми, координатор за пракса);
- Организатор на стручна дебата и гостувања на експерти од релевантни институции, пред сè, претставници од Царинската управа на Република Северна Македонија, како и претставници од бизнис секторот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на наставник за сите звања за научна област Меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип единствено се пријавила само кандидатката д-р Емилија Митева-Кацарски.

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката доц. д-р Емилија Митева-Кацарски ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно- апликативната и севкупната активност во периодот од избор во доцент до денес, Комисијата го верификува академскиот развој (наставно-образовен, научно-истражувачки, стручно-апликативен и организациско-развоен) на кандидатката доц. д-р Емилија Митева-Кацарски преку остварени вкупно 206,5 поени (НО30+НИ133,5+САОР43).

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип доц. д-р Емилија Митева-Кацарски да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област меѓународна економија.

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Д-р Силвана Мојсовска,** редовен професор на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, претседател, с.р.

**Д-р Весна Георгиева-Свртинов,** вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член, с.р.

**Д-р Трајко Мицески,** редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р.б. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | ВКУПНО | | | | | 30 |
| Р.б. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 3. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание со импакт фактор (прв автор, втор автор, останати автори) | (втор автор,реден број 9)<br>1x10 =10 | | | | 10 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв автор,реден број 1,2,3,5,6,10,11,12)<br>8x9 =72<br>(втор автор,реден број 4)<br>1x6 =6<br>(останати автори, реден број 7,8)<br>2x3=6 | | | | 84 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (реден број 15 и 16 во земјата, реден број 13,14,17,19,20,21 во странство) | 2 | 2 | 6 | 3 | 22 |
| 6. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство (реден број 18) | 1 | 1,5 | | | 1,5 |
| 7. | Одбранета докторска теза (реден број 30) | 1 | 8 | | | 8 |
| 8. | Одбранет магистерски труд (реден број 31) | 1 | 4 | | | 4 |
| 9 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) реден број 27 | 1 | 2 | | | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 2x1 =2 | | | | 2 |
| | ВКУПНО | | | | | 133,5 |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Труд во стручно (научно-популарно) списание (реден број 28,29,30, 31,32,33, 34,35,36,37) | 10 | 2 | | | 20 |
| 3. | Учесник во научен проект (реден број 38) | 1 | 5 | | | 5 |
| 5. | Член на факултетски орган, комисија | 9 | 2 | | | 18 |
| | ВКУПНО | | | | | 43 |
| | Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот | НО | НИ | САОР | | |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | 30 | 133.5 | 43 | | 206,5 |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МАКЕДОНИСТИКА И МОРФОЛОГИЈА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-90/6 од 29.5.2019 година донесена на 192. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип, одржана на 29.5.2019 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Виолета Јанушева**, вонреден професор на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола – претседател;
- **д-р Марина Спасовска,** доцент на Филолошки факултет при Универзитет во Тетово – член;
- **д-р Ранко Младеноски**, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 4.2.2019 година и во предвидениот рок се пријавија четворица кандидати: д-р Игор Станојоски, м-р Македонка Додевска, д-р Марија Соколова и д-р Марија Гркова. Врз основа на деталното разгледување на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. Кандидат д-р Игор Станојоски:** При деталното разгледување на пријавата и документацијата од кандидатот д-р Игор Станојоски доставена во предвидениот рок, Комисијата констатираше дека кандидатот има поднесено несоодветна и некомплетна документација врз основа на пропишаните услови во Конкурсот за избор на еден соработник во звање асистент од научната област македонистика и морфологија објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 4 февруари 2019 година (во натамошниот текст: Конкурсот) и во член 170 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82 од 8 мај 2018 година, стр. 46): а) Несоодветно, невалидно уверение за положени испити од прв циклус на студии, т.е. копија од уверение за положени испити од прв циклус на студии што не е заверена на нотар, односно кандидатот нема поднесено соодветен валиден документ (ниту диплома или копија од диплома заверена на нотар од прв циклус на студии ниту оригинално уверение или копија од уверение за положени испити на прв циклус студии заверена на нотар) со кој ќе се докаже дека го исполнува условот за избор на соработник во звање асистент од член 170, став 1, алинеја 3 од Законот за високото образование („има остварено просечен успех од најмалку 8,00 на првиот циклус на академски студии“), а тоа е наведено како услов и во објавениот Конкурс; б) Несоодветна, невалидна потврда дека се служи со еден странски јазик, т.е. копија од решение за постојан судски преведувач од македонски на руски јазик и обратно којашто не е заверена на нотар, односно кандидатот нема поднесено соодветен валиден документ со кој ќе се докаже дека го исполнува условот за избор на соработник во звање асистент од член 170, став 1, алинеја 4 од Законот за високото образование („има познавање на најмалку еден странски јазик“), што е, исто така, наведено како услов и во објавениот Конкурс; в) Несоодветно, невалидно уверение за државјанство, т.е. копија од уверение за државјанство којашто не е заверена на нотар. Поради некомплетноста,

односно несоодветноста и невалидноста на дел од документацијата, а имајќи ги предвид условите за пријавување на кандидатите наведени во објавениот Конкурс, комисијата не ја зеде предвид пријавата на д-р Игор Станојоски за Конкурсот и не ги разгледуваше натаму поднесените документи од овој кандидат. Притоа, треба да се нагласи дека во врска со ваквиот заклучок членовите на рецензентската комисија се придржуваа до одредбите од член 173, став 8 и став 10 од Законот за високото образование каде што децидно е наведено дека Рецензентската комисија го подготвува рефератот врз основа на доставената, односно поднесената документација која е од важност за изборот.

**II. Кандидатка м-р Македонка Додевска:** При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатката м-р Македонка Додевска, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека кандидатката м-р Македонка Додевска доставила комплетна, соодветна и валидна документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа сите документи од кандидатката.

***Биографски податоци за кандидатката м-р Македонка Додевска***

Кандидатката м-р Македонка Додевска е родена на 2.3.1989 година во Свети Николе. Во 2011 година дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се здобила со стручниот назив дипломиран професор по македонски јазик и литература. Во периодот од 21.11.2012 година до 21.5.2013 година работи како волонтер во Одделението за дијалектологија при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје со цел стекнување на работно искуство и стручно знаење од областа дијалектологија. Во 2013 година е активна, исто така, како волонтер на Студиската програма Јужнословенски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана во Словенија, а во исто време ги надградува знаењата од областа на словенечкиот јазик, литература и култура, но и спроведува научноистражувачка работа од дијалектолошки карактер за пишување на магистерскиот труд. Во 2014 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје Македонка Додевска го одбранила магистерскиот труд со наслов „Овчеполскиот и словенечкогоришкиот (горичански) дијалект – две паралели во јужнословенскиот јазичен свет“ од областите дијалектологија, македонистика и словенистика и се стекнала со научен назив магистер по филолошки науки. Во периодот од 19.2. до 29.5.2015 година волонтира на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип. Во ноември 2016 година се запишува на трет циклус студии на Македонски јазик и лингвистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а во 2018 година ја пријавува компаративната тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Терминологијата низ процесот на зборообразувањето во македонскиот и во словенечкиот јазик (со акцент на дел од медицинската терминологија)“. Од приложената документација (копија од уверение за познавање на англиски јазик заверена на нотар, оригинална потврда и оригинален сертификат за познавање на германски јазик) може да се констатира дека кандидатката има познавање на англискиот и на германскиот јазик како странски јазици.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност на м-р Македонка Додевска***

Кандидатката м-р Македонка Додевска има волонтерско искуство во наставата со нејзиното волонтирање на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип, како и на Студиската програма Јужнословенски студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана во Словенија.

Во својата досегашна научноистражувачка работа, освен изработениот и одбранет магистерски труд, кандидатката м-р Македонка Додевска има објавено вкупно 6 трудови од кои 5 се коавторски и еден авторски труд. Во 4 од коавторските трудови кандидатката

м-р Македонка Додевска фигурира како втор автор, а во еден како прв автор. Објавените 5 коавторски трудови и еден авторски труд се однесуваат доминантно на областите дијалектологија и лексикологија, што може да се види од приложениот преглед на трудовите и од дадената евалуација за секој труд одделно.

*Преглед и евалуација на објавените трудови од кандидатката м-р Македонка Додевска*

***Аризанковска Лидија, Додевска Македонка (2013)****. Влијанието на стандардниот македонски јазик врз североисточните дијалекти (со посебен осврт на говорот во регионот на Овче Поле.* Зборник на трудови „Македонскиот јазик како средство за комуникација и како извор на културата", стр. 139–147. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков".

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд е да се претстави влијанието на македонскиот стандарден јазик врз североисточните македонски дијалекти, при што авторките се задржуваат, пред сè, на дијалектот во регионот на Овче Поле. Двете авторки се задржуваат особено на разликите меѓу селскиот и градскиот говор на конкретниот дијалект при што се елаборира прашањето за тоа во која мера тие говори, на јазичен план, претрпеле промени под влијание на македонскиот стандарден јазик. Со овој труд се дава придонес во современите дијалектолошки истражувања.

***Додевска Македонка (2015). Овчеполскиот и словенечкогоришкиот (горичански) дијалект – две паралели во јужнословенскиот јазичен свет. Филолошки студии, Год. XIII, Том 2, стр. 313–326.***

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд, којшто со својата тема гравитира кон магистерскиот труд на кандидатката со идентичен наслов е да се претстават паралелите меѓу еден североисточен македонски дијалект (овчеполскиот) и еден североисточен словенечки дијалект (словенечкогоришкиот, т.н. горичански). Авторката се задржува на промените коишто настануваат на сите нивоа на јазикот во овчеполскиот дијалект, т.е. во говорот на Црнилиште и на Ѓуѓанце, а на лексички и на зборообразувачки план во словенечкогоришкиот (горичанскиот) дијалект. Авторката заклучува дека богатиот дијалектолошки материјал собран на терен укажува на тоа дека овие два дијалекта се сродни, но и различни, иако и двата припаѓаат во јужнословенскиот јазичен свет. Овој труд на авторката е од областите македонистика, словенистика, славистика и дијалектологија.

***Додевска Македонка, Лаброска Веселинка (2015). Преглед на лексиката на овчеполскиот дијалект и на словенечкогоришкиот (горичански) дијалект според потеклото. Годишен зборник на Филолошкиот факултет во Штип, Год. 6, Бр. 6, стр. 47–51. Штип: Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет.***

**Евалуација на трудот:** Во овој труд е даден преглед на лексичкиот состав на овчеполскиот дијалект и на словенечкогоришкиот (горичански) дијалект според потеклото. Авторките на трудот заклучуваат дека собраниот материјал (според Прашалникот за собирање материјал за македонскиот дијалектен атлас), научните истражувања направени на терен, снимените и транскрибирани текстови покажуваат еден мал, но важен дел од лексичкото богатство на два сродни, но и различни дијалекти. Очигледно е дека овој труд се однесува доминантно на областите дијалектологија и лексикологија.

***Аризанковска Лидија, Додевска Македонка (2016). Дел од лексиката со ист корен во македонскиот и во словенечкиот литературен јазик според сферата на употреба. Зборник на трудови „Јазикот наш денешен – јазикот наш насушен", стр. 137–149. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков".***

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд, од доминантно компаративно-лексиколошки карактер, е да се прикаже дел од лексемите коишто се образувани со ист корен во македонскиот и во словенечкиот јазик кои се јавуваат со исто значење и во современиот македонски и во современиот словенечки јазик. Оттаму, авторките

заклучуваат дека двата јазика (македонскиот и словенечкиот) му припаѓаат генетски на словенскиот јазичен свет независно од влијанијата од несловенско јазично опкружување.

***Аризанковска Лидија, Додевска Македонка (2017). Нов труд од областа на зборообразувањето. Литературен збор, Скопје, Год. LXIV, Бр. 1–6, стр. 129–132.***

**Евалуација на трудот:** Трудот на двете авторки претставува осврт кон книгата со наслов „Очерки о языке современных славянских СМИ (семантико-словообразовательный и лингвокультурологический аспекты)“ од авторката Елена И. Корјаковцева. Во трудот се даваат структурните сегменти на книгата, почнувајќи од воведот па сè до единаесеттата статија и заклучокот. На крајот од освртот авторките заклучуваат дека оваа монографија „е дел од повеќедецениско научно истражување на авторката, посветено на теми од областа на зборообразувањето и лексикологијата, при што ги следи современите лингвистички текови и претставува голем придонес кон славистичката лингвистичка наука“.

***Николовска Виолета, Додевска Македонка (2018). Лексиката при производство на млечни продукти во говорот на с. Црнилиште и на с. Ѓуѓанце – Светиниколско. Во: Јазикот како запис на културата во етнолошката и лингвистичката анализа на релација Србија – Македонија“, стр. 39–58. Белград: Српска академија на науките и уметностите; Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.***

**Евалуација на трудот:** Овој труд е посветен на анализа на еден дел од лексиката која се употребува при производство на основните млечни производи во светиниколските села Црнилиште и Ѓуѓанце. Авторките заклучуваат дека лексиката со која се означуваат садовите и начинот на производство на млечни производи, главно, е од словенско потекло, но и дека се јавуваат лексеми од несловенско потекло, односно заемки од турскиот и од грчкиот јазик, како и арапски и персиски заемки, но и мал дел на заемки од германскиот јазик. Туѓата лексика, тврдат авторките, е усвојувана заедно со појавата на нови предмети па затоа, главно, се среќава кај именувањето на садовите. Трудот е значаен во рамките на истражувањата во областа на лексикологијата и дијалектологијата.

***Приказ на магистерскиот труд од кандидатката м-р Македонка Додевска***

Магистерскиот труд на кандидатката м-р Македонка Додевска со наслов „Овчеполскиот и словенечкогоришкиот (горичански) дијалект – две паралели во јужнословенскиот јазичен свет“ е одбранет во март 2014 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. И од самиот наслов на темата за магистерскиот труд може да се забележи дека трудот опфаќа неколку научни области и тоа дијалектологија, Македонистика, Словенистика и поопштите области славистика и компаративна лингвистика, но на прв план станува збор за магистерски труд од областа дијалектологија. Станува збор за компаративни дијалектолошки истражувања на еден македонски и на еден словенечки дијалект при што се назначуваат сличностите, но и разликите меѓу двата дијалекти. Целта на трудот, како што нагласува и самата кандидатка, е да се претстават паралелите на еден североисточен македонски дијалект (овчеполскиот) и на еден североисточен словенечки дијалект (словенечкогоришкиот, т.н. горичански дијалект). Најпрво кандидатката ги наведува класификациите на дијалектите во македонското и во словенечкото јазично подрачје, по што следуваат компаративните анализи на двата дијалекта од аспект на неколку јазични нивоа како што се, на пример, гласовните и зборовните особености, но и промените во нив. Ваквите анализи се вршат со помош на контрастивниот метод, а појдовна точка се лексемите и снимените текстови што се собрани од терен. Во посебни табели се изделуваат лексеми карактеристични за македонскиот стандарден јазик и за овчеполскиот дијалект, лексеми карактеристични за словенечкиот стандарден јазик и за словенечкогоришкиот дијалект со цел да се прикажат паралели на лексеми со исти корени во македонскиот и во словенечкиот јазичен стандард, лексеми со исти корени во говорот на Црнилиште, Ѓуѓанце и во словенечкогоришкиот дијалект, но и лексеми со различни корени во говорот на Црнилиште, Ѓуѓанце и во словенечкогоришкиот (горичанскиот) дијалект.

Материјалот за македонските говори што бил неопходен за изработка на магистерскиот труд кандидатката го собирала според Прашалникот за собирање материјал за македонскиот дијалектолошки атлас, а при истражувањето е собран и дијалектолошки материјал од терен (во селата Црнилиште и Ѓуѓанце), снимени се текстови (приказни, цитати од песни, обичаи за славење на христијанските празници и раскажувања од секојдневниот живот), транскрибирани се снимените текстови со фонетска транскрипција, водени се разговори со информатори, изработени се анкети и слично, а се наведуваат и општи податоци за информаторите. Дијалектолошкиот материјал, пак, за анализираниот словенечки дијалект е црпен од повеќе постоечки дијалектолошки извори, а делот за лексиката и за зборообразувањето на словенечкогоришкиот дијалект е изработен според соодветен дијалектолошки прашалник, односно според Vprašalnica po številkah, Dialektološka sekcija – ponovne objave člankov s kartami za SLA (Slovenski lingvistični atlas, 2008). На крајот од магистерскиот труд се приложени текстови со фонетска транскрипција од село Црнилиште и од село Ѓуѓанце, но и транскрибирани текстови од околните села на Општина Свети Николе што, секако, претставува значаен дијалектолошки материјал, но кој, за жал, како што наведува и самата кандидатка, не е обработен од поширок аспект.

Во заклучокот од магистерскиот труд се нагласува дека врз основа на собраниот дијалектолошки материјал на терен преку информатори, а истовремено претставен на сите јазични рамништа, е забележано дека овчеполскиот дијалект е „преоден говор“, односно говор во кој се вкрстуваат дијалектни особености од соседните говори со кои граничи. Во селата близу до Куманово е забележано влијание од кумановскиот и од кривопаланечкиот говор, селата во близина на Штип имаат влијание од штипскиот говор, селата близу до Велес имаат влијание од велешкиот говор, а селата кои граничат со Скопје се со влијание од скопскиот говор. Со богатиот материјал за овчеполскиот дијалект собран на терен и со извршените истражувања на лексички и на зборообразувачки план на словенечкогоришкиот дијалект во Словенија, се доаѓа до заклучок дека овие два дијалекта се сродни, но и различни, а на тоа укажуваат заедничките и разликувачките особености. Сето ова, се разбира, е поткрепено и во заклучокот од трудот со соодветни примери. Во врска со значењето на магистерскиот труд на кандидатката м-р Македонка Додевска може да се каже дека тој е значаен и за македонските и за словенечките дијалектолошки истражувања.

***Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката м-р Македонка Додевска***

Кандидатката м-р Македонка Додевска, според приложената документација, има искуство во наставно-образовната дејност во високото образование и тоа во кратки периоди како волонтер на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (во период од три месеци) и на Филозофскиот факултет при Љубљанскиот универзитет (во ноември 2013 година).

Во однос на нејзината научноистражувачка работа може да се рече дека има постигнато резултати со неколку научни и стручни трудови (пет коавторски и еден авторски труд), а особено со нејзиниот магистерски труд (кој не е објавен), во областите македонистика, словенистика, дијалектологија и лексикологија. Објавените трудови на м-р Македонка Додевска, во основа, се коавторски трудови во коишто доминантно се обработуваат и се истражуваат теми од областите дијалектологија и лексикологија. Во таа смисла, може да се заклучи дека кандидатката м-р Македонка Додевска ги насочила своите досегашни научноистражувачки активности во компаративната лингвистика, а доминираат теми од двете веќе посочени научни области – дијалектологија и лексикологија – при што треба да се нагласи и фактот дека нејзиниот најтесен научен интерес, сепак, е во областа дијалектологија.

Од аспект, пак, на стручно-апликативната дејност, според доставената документација, кандидатката учествувала на еден домашен научен собир, односно на XX научен собир „Денови на Благоја Корубин“ одржан на 14 и 15 април 2016 година, но во документацијата не го приложила своето излагање на научниот собир така што комисијата не беше во

можност да изврши негова евалуација. Освен тоа, кандидатката учествувала на Втората Еразмус+ меѓународна недела „Мобилност, мрежно поврзување и меѓународна размена на најдобрите практики во рамките на Еразмус+“ одржана на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во март 2015 година, а тука може да се земе предвид и нејзиниот шестмесечен ангажман од ноември 2012 до мај 2013 година како волонтер во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје на Одделението за дијалектологија за што кандидатката приложила и Договор во кој, меѓу другото, е наведено дека „ЈНУ Институт за македонски јазик ‘Крсте Мисирков’ се обврзува за периодот додека трае овој договор на Македонка Додевска да ѝ обезбеди стекнување работно искуство и стручно знаење од областа на дијалектологијата“.

**III. Кандидатка д-р Марија Соколова:** При деталното разгледување на пријавата и документацијата од кандидатката д-р Марија Соколова (моминско презиме Димитрова), доставена во предвидениот рок што беше определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека кандидатката д-р Марија Соколова доставила комплетна, соодветна и валидна документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа сите поднесени документи од кандидатката.

***Биографски податоци за кандидатката д-р Марија Соколова***

Кандидатката д-р Марија Соколова е родена на 28.2.1980 година во Кочани. Основно образование завршила во ПУ „Гоце Делчев“ во Кочани, а општа гимназија во СОУ „Љупчо Сантов“, исто така, во Кочани. Во 2004 година дипломирала на додипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје при што се стекнала со стручниот назив дипломиран професор по македонски јазик со македонска книжевност и јужнословенски книжевности. Во 2005 година се запишала на постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје каде што во 2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема „Култура на писменото изразување на учениците во основното образование“ од областите методика на јазик и македонистика, со што се стекнала со научен степен магистер на филолошки науки. Во 2011 година кандидатката Марија Соколова се запишала на трет циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Докторската дисертација со наслов „Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик“ од областите лексикологија и македонистика ја одбранила во април 2018 година на истиот Факултет, со што се стекнала со научен степен доктор по филолошки науки. Освен тоа, во 2004 година Марија Соколова го положила испитот за лектор со што станала овластен лектор по македонски јазик. Работното искуство на д-р Марија Соколова во основното и во средното образование започнува во 2006 година кога е ангажирана во ПСУ „Јахја Кемал“ во Скопје. Од 2007 до 2009 година работи во ПСУ „САБА“ во Скопје, а во периодот од 2012 до 2014 година работи како наставник по Македонски јазик во ОУ „Раде Кратовче“ во Кочани. Од септември 2014 година до денес д-р Марија Соколова работи како наставник по предметот Македонски јазик и литература во СОУ „Гошо Викентиев“ во Кочани. Во високото образование била ангажирана како демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во периодот од октомври 2007 до декември 2009 година. Од 2010 до 2016 година е ангажирана како предавач по македонски јазик за странски студенти на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од октомври 2018 година е ангажирана како стручњак од практиката по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Штип за предметите Лексикологија и Споредбена граматика на словенските јазици на Катедрата за македонски јазик и книжевност, како и за предметот Македонски јазик за студентите од другите катедри во студиската 2018/2019 година. Како овластен лектор по македонски јазик кандидатката д-р Марија Соколова лекторирала научни и стручни трудови од разни научни области. Од приложената документација (копија од потврда за познавање на англиски јазик заверена на нотар, оригинална диплома за завршен курс по албански јазик, оригинален сертификат за познавање на грчкиот јазик) може да се констатира дека кандидатката има познавање на англискиот јазик, како и на грчкиот и

албанскиот јазик. Комисијата не го зеде предвид уверението од кандидатката за познавање на рускиот јазик затоа што станува збор за копија од уверението што не е заверена на нотар и без соодветен, валиден документ не можеше да се констатира дека кандидатката има познавање и на рускиот јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност на д-р Марија Соколова***

Од биографските податоци на д-р Марија Соколова може да се забележи дека кандидатката има работно искуство во основното, средното и високото образование. Работела како наставник во неколку основни и средни училишта по предметите Македонски јазик (во основно образование) и Македонски јазик и литература (во средно образование), а била ангажирана како демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје за предметите Современ македонски јазик 1 и Современ македонски јазик 2, како предавач по Македонски јазик за странски студенти на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип и како стручњак од практиката по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Штип за предметите Лексикологија на СМЈ, Споредбена граматика на словенските јазици, Македонски јазик 3 и Македонски јазик 4.

Во однос на научноистражувачката работа на кандидатката д-р Марија Соколова, од приложената документација може да се констатира дека има изработено магистерски труд на тема „Култура на писменото изразување на учениците во основното образование" (необјавен) од научните области методика на јазик и македонистика, како и докторска дисертација на тема „Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик" (необјавена) од научните области лексикологија и македонистика. Освен тоа, кандидатката има објавено вкупно 8 авторски трудови (еден научен и седум стручни трудови) во домашни списанија и публикации, а еден труд во публикација со меѓународен научен карактер. Доминантните научни области на кои се однесуваат објавените трудови на д-р Марија Соколова се методика на јазик, лексикологија и македонистика, што може да се види и од деталниот преглед и евалуацијата на објавените трудови од кандидатката.

***Преглед и евалуација на објавените трудови од кандидатката д-р Марија Соколова***

***Димитрова Марија (2006). Стразбуршка лекција за Грција и за Бугарија. Литературен збор, Скопје, Год. LIII, Бр. 1–3, стр. 188–190.***

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува јазична или јазично-стилска анализа на еден новинарски текст со наслов „Стразбуршка лекција за Грција и за Бугарија" објавен во 2005 година во еден македонски дневен весник (иако авторката Марија Соколова тоа не го наведува во трудот). Во трудот се дадени јазични карактеристики на споменатиот новинарски текст.

***Димитрова Марија (2008). Содржинско-јазична анализа на учебниците по македонски јазик како немајчин за реформираното гимназиско образование. Во: Зборник „Петти научен собир на млади македонисти", стр. 47–58. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици.***

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува панорамска елаборација за содржинско-јазичните елементи на учебниците по предметот Македонски јазик и литература во гимназиското образование во Македонија за паралелките со албански и турски наставен јазик. На почетокот од трудот се наведуваат општи податоци за историјатот на гимназиското образование во Република Македонија и за неговото враќање во средното образование во учебната 1991/1992 година. Авторката ги наведува причините за промена на наставниот план, како и основните карактеристики на новиот наставен план. Во трудот се врши и анализа (содржинско-јазична) на неколку конкретни учебници по предметот Македонски јазик и литература за паралелките со албански и турски наставен јазик со посебен осврт на наставното подрачје јазик и наставното подрачје литература. Во заклучокот од трудот авторката зборува за извесна нерамномерност во претставувањето на одделни методски

единици, па нагласува дека авторите на учебниците некаде премногу опширно ги претставиле наставните единици, а некаде многу скудно, но, според авторката, најважно е учениците да добијат повеќе информации од страна на нивниот професор кој, покрај учебниците, треба да користи и научни помагала за да може подобро да ја презентира наставната единица. Овој труд на Марија Соколова се однесува доминантно на областа методика на јазик.

***Соколова Марија (2010). Содржините по морфологија во наставните програми по предметот Македонски јазик во основното образование (предметна настава). Во: Зборник „Шести научен собир на млади македонисти", стр. 263–267. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески".***

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува осврт кон проблематиката поврзана со учебниците по предметот Македонски јазик во основното образование во Македонија. Иако во насловот се најавува дека ќе се зборува за „содржините по морфологија", сепак авторката само во еден мал сегмент од трудот зборува за морфолошките содржини во учебниците (за видови зборови што не се застапени во учебниците и за начинот на претставување само на една глаголска форма во учебниците), а во голема мера се обрнува внимание на општата состојба во основното образование во Македонија со недостигот од учебници, па дури и во одделни негови сегменти овој стручен труд на авторката е и новинарско-публицистички текст: „Програма има, а нов учебник сè уште нема... Одговор побаравме од Бирото за развој на образованието. Но, во разговор со претставниците од Бирото за развој на образованието добивме сосема поинаков одговор. Имено, тие го потврдуваат фактот дека нов учебник сè уште нема, но го негираат податокот дека на наставниците им е отежната работата во реализирањето на Програмата, бидејќи постојат постари изданија на учебници...". Овој труд доминантно се однесува на научната област методика на јазик.

***Соколова Марија (2010). Улогата на наставниците во градењето култура на писменото изразување на учениците во основното образование. Литературен збор, Скопје, Год. LVII, Бр. 4–6, стр. 167–171.***

**Евалуација на трудот:** Овој труд е поврзан со работата на кандидатката врз нејзиниот магистерски труд, односно темата на трудот кореспондира со темата на магистерскиот труд на кандидатката д-р Марија Соколова. Целта на трудот, како што наведува и самата авторка, е да се дознае ставот и улогата на наставниците во градењето култура на писменото изразување на учениците. За да се постигне таа цел извршено е анкетирање на наставниците по Македонски јазик, а реализиран е и непосреден контакт со нив. Авторката на трудот детално и системски ги презентира резултатите од анкетата и од непосредниот контакт со наставниците при што доаѓа до податоци за проблематиката на писменото изразување на учениците од што ќе произлезат и суштински ефективни предлози од наставниците за подобрување на писменото изразување на учениците: „да се зголеми фондот на часови по македонски јазик; учениците да ги читаат лектирите, да читаат слободна литература и слично; да им се даваат повеќе домашни задачи на учениците; сите наставници да водат грижа за писменото изразување на учениците, а не само наставниците по Македонски јазик; уште во одделенска настава наставниците да водат сметка за писменото изразување на учениците; средба со поети и писатели и читање литературни дела; посета на литературни катчиња; да се вметнат часови за краснопис". Станува збор, имено, за системско истражување на авторката презентирано во овој труд, а во таа смисла трудот носи со себе научен придонес за проблематиките поврзани со научната област методика на јазик.

***Соколова Марија (2016). Јазичната структура на СМС-пораките. Во: Зборник „Седми научен собир на млади македонисти", стр. 215–219. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески".***

**Евалуација на трудот:** И во овој труд авторката се задржува на проблематиката поврзана со културата на писменото изразување на учениците во основното образование во Македонија. Предмет на истражување, како што може да се види и од самиот наслов на трудот, се СМС-пораките на учениците од петто до осмо одделение од неколку града од Македонија. Авторката констатира дека учениците најчесто ги пишуваат пораките

на латиница, дека не внимаваат на користењето на мали и големи букви, дека учениците употребуваат и некои симболи со цел да се скрати времето на пишување, дека употребуваат скратеници и емотикони и слично. Во трудот се наведуваат и аномалиите во комуникацијата со ваквите пораки, односно потешкотиите при автентичното семантичко декодирање на кратките СМС-пораки, но и јазичните грешки што притоа се прават, па авторката ќе заклучи: „Колку и да се придржуваме до тоа дека пораките можеме да ги пишуваме како што сакаме, бидејќи нив ги читаат само испраќачот и примачот, а не и многу други, сепак и СМС-пораките се една форма на писменото изразување. И преку нив може да се види колку умее ученикот правилно да се изразува, колку умее правилно да ги применува правилата на стандардниот македонски јазик“. Затоа може да се констатира дека и овој труд на кандидатката има значење за научните области методика на јазик и македонистика.

***Соколова Марија (2017/2018). Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик (експозе на одбранет докторски труд). Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, книга 43–44, стр. 305–317. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“.***

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува приказ на докторската дисертација на кандидатката д-р Марија Соколова што е одбранета на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во април 2018 година. Во трудот се нагласува дека докторската дисертација на Соколова опфаќа две главни теми: паронимите, разработени во 11 поттеми, и асоцијативите, разработени во 16 поттеми, секоја со соодветни наслови и поднаслови, што овозможува прегледно следење на материјалот што се обработува. На крајот од трудот како прилози се претставени клучните придобивки од докторската дисертација: Краток речник на паронимите, првиот Асоцијативен речник на македонскиот јазик и првиот Обратно асоцијативен речник на македонскиот јазик. Во резимето кон овој труд се наведуваат мотивите и поттиците за изработка на докторска дисертација на ваква тема: паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик досега не биле предмет на посебни истражувања. Во светската лексикологија веќе се менува мислењето за тоа што се паронимите преку воведување на построги критериуми. Асоцијативите, од друга страна, се солидна основа за психолошки, лингвокултуролошки, лексикографски и други истражувања, и како начин на прикажување на националниот поглед на свет. Проучувањето на паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик е полезно не само за оние кои се занимаваат со лексикологија туку и за психолозите, културолозите, лингвистите, новинарите, странците кои го изучуваат македонскиот јазик, во маркетинг-агенциите итн. Може да се констатира дека и ова експозе, но и самата докторска дисертација на кандидатката д-р Марија Соколова имаат придонес во развојот на научната област лексикологија.

***Соколова Марија (2018). Асоцијативното поле на стимулусот глуп во асоцијативните речници на македонскиот, српскиот, бугарскиот и рускиот јазик. Годишен зборник на Филолошкиот факултет во Штип, Год. 9, Бр. 12, стр. 17–22. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет.***

**Евалуација на трудот:** И овој труд на д-р Марија Соколова е поврзан со нејзините истражувања за докторската дисертација на тема „Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик“. Станува збор за компаративно-лингвистичка студија од научните области лексикологија и славистика. Имено, како што пишува и самата авторка во трудот, асоцијативните речници помагаат во разграничување на основното од типичното значење на лексемите. За да се дојде до основното значење на некои зборови, потребно е да се разоткрие типичната вонјазична ситуација која е во врска со дадениот збор. Описните придавки најчесто ги опишуваат особините на луѓето, но и на предметите и на појавите. Откривањето на нивното основно значење, значи откривање на типичните ситуации за тие особини, како и типичните учесници за нив. Може да се констатира дека овој труд на Соколова претставува придонес во истражувањата во научните области лексикологија и славистика, дотолку повеќе што трудот е објавен во меѓународна научна публикација во која трудовите се рецензираат.

*Соколова Марија (2018). Асоцијативниот речник како основа за истражување на асоцијативите. Македонистика, Бр. 17, стр. 133–168. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“.*

**Евалуација на трудот:** Овој труд, како и претходните два труда, е поврзан со истражувањата на д-р Марија Соколова на темата од нејзината докторска дисертација. Станува збор за обемен труд во кој се елаборираат голем број прашања поврзани со темата, како што се појавата, развојот и карактеристиките на асоцијативите, асоцијативите во менталниот лексикон, синтагматските и парадигматските односи кај асоцијациите, историскиот развој на асоцијативните речници, асоцијациите во македонскиот јазик, изработката на првиот Асоцијативен речник на македонскиот јазик од 50 зборови итн. Во заклучокот од трудот се нагласува дека семантички поврзаните лексеми се асоцијативно поврзани и така може да се определи нивната врска во менталниот лексикон. Асоцијациите ја претставуваат не само јазичната туку и вонјазичната врска со стимулусот. Од друга страна, како придобивка од изработката на Асоцијативниот речник на македонскиот јазик и Обратно асоцијативниот речник на македонскиот јазик се наведува тоа што тие овозможуваат да се формира јадрото на јазичното сознание во македонскиот јазик и да се спореди со јадрата на другите словенски јазици. Овој труд на кандидатката д-р Марија Соколова има придонес во истражувањата од научните области лексикологија и славистика.

***Приказ на магистерскиот труд од кандидатката д-р Марија Соколова***

Магистерскиот труд на кандидатката д-р Марија Соколова на тема „Култура на писменото изразување на учениците во основното образование“ е одбранет во 2010 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Излагањето на материјата во трудот е конципирано во три посебни поглавја: „1. Писменото изразување како средство за комуникација“; „2. Непочитување на нормата во писменото изразување“; „3. Учениците и наставниците за важноста на писменото изразување“. Покрај тоа, во магистерскиот труд има и еден пригоден вовед, заклучок, прилози и библиографија. Уште во самиот вовед кандидатката ги наведува целите и задачите на изработката на трудот при што нагласува дека за да се одговори на прашањето дали кај учениците постои изградена култура на писменото изразување, треба да се земат предвид неколку показатели: дали учениците го владеат правописот; дали ја владеат граматиката; дали ја владеат лексиката; дали имаат изградено стил; дали имаат критички однос кон својот и кон туѓиот текст; дали имаат способност за брзо забележување на грешки во текстовите; постои ли способност и желба за усовршување на текстот. Проблемот на писменото изразување на учениците е лоциран преку непосреден увид во писмените работи на учениците при што е забележано дека значителен број на ученици, особено во пониските одделенија од основното образование, имаат потешкотии во јасно и прецизно изразување на своите мисли. Оттаму доаѓа и идејата за изработка на еден ваков магистерски труд од областа методика на јазик со кој ќе се сугерираат идеи за стратегијата, моделите и начините како учениците да се оспособат да развијат способност за убаво писмено изразување. При изработката на магистерскиот труд кандидатката користи неколку видови материјали: писмени работи од ученици од основни училишта од Скопје и од други градови од Македонија; писмени вежби, тестови, домашни работи, есеи од учениците од истите училишта; секојдневните пораки што ги праќаат учениците преку СМС-пораки или пораки преку интернет.

Во првото поглавје од магистерскиот труд кандидатката ги елаборира теориските аспекти на писменото изразување како средство за комуникација, започнувајќи со појаснување на сличностите и разликите меѓу писменото и усното изразување при што ќе нагласи дека и психолозите и методичарите на наставата се согласни во тоа дека писменото изразување е потешко од усното изразување. Причините за тоа се согледуваат, пред сè, во фактот дека прво се јавува усниот говор кој се креира во претшколска возраст, а за разлика од него писменото изразување започнува подоцна, односно во пониските одделенија од основното образование. Покрај ова, писменото изразување, за разлика од усното, е побавно во однос на создавањето, статично, поформално, посилно, попрецизно,

дистанцирано од говорната ситуација, додека усниот говор ретко се планира однапред и лесно се прилагодува на текот на комуникацијата. И, сосема логично, кандидатката веднаш го поставува суштинското прашање кое гласи „како се постигнува добра писменост“ при што ќе се повика на умесната забелешка на методичарот на наставата Радмило Димитријевиќ кој вели дека постојат три правила: првото правило гласи да се чита, второто правило гласи да се чита и третото правило гласи пак да се чита. Освен тоа, во првиот дел од трудот детално се разгледуваат и писмените состави на учениците и нивната улога како посебен вид училишна форма на работа којашто се состои во неколку придобивки: стекнување способност за убаво читливо пишување, пред сè, на кирилица, како и надворешен убав и чист облик на напишаното; утврдување на правописот и на интерпункцијата до целосно и сигурно владеење со нив; вежбање и правилна употреба на сите граматички облици и синтаксички правилно оформување на реченици; збогатување на речникот; усовршување на стилот и композицијата на писмените состави. Натаму авторката ги разгледува писмените вежби со детален опис, а ги наведува и ги појаснува и формите на пишување за создавање правописни навики како што се препишување, диктат, прераскажување, слободни состави, опис, известување, расправа, писмени работи и слично, но ги нуди и основните компоненти при вреднувањето на писмената работа. На крајот од првиот дел на магистерскиот труд се анализираат и се објаснуваат современите форми на писменото изразување кај учениците како што се СМС-пораките, писменото изразување преку интернет, но и графитот како форма на писменото изразување.

Второто поглавје од магистерскиот труд на кандидатката д-р Марија Соколова се однесува на анализа на непочитувањето на нормата во писменото изразување, при што во прв план се даваат условите за добра писменост, а во тоа мошне значајно е прашањето за улогата на наставникот во културата на писменото изразување на учениците. Во таа смисла, авторката нагласува дека главна задача на наставникот по Македонски јазик е да ги увери учениците дека културата на писменото изразување е главна карактеристика на секој човек со што учениците ќе сфатат дека она што сега ќе го научат во училиштето понатаму лесно ќе го применат и надградат. Се разгледува потоа и писменото изразување како наставно подрачје во наставниот план и програма, а мошне значајно е во вториот дел од трудот и истражувањето од кандидатката во врска со недоследностите во писменото изразување кај учениците од основното образование со сосема јасни цели, задачи, методи и техники на истражувањето. Како предмет на ова истражување ќе се постави синтаксичкиот обем, структурата и нормативноста на писмениот израз на учениците од V до VIII одделение од основното образование. Анализирани се 135 писмени работи на ученици од училишта во Скопје и во Кочани при што се даваат и детални резултати од истражувањето илустрирани и со соодветни графикони. Еден од поопштите заклучоци на авторката од ова истражување, на пример, е дека учениците од основното образование ја немаат добро совладано граматиката. Ваквите грешки се почести кај учениците од помалите општини во државата кои се подложени на разни дијалектни влијанија. Истите грешки најчесто се јавуваат во писмените задачи на учениците од петто одделение и тоа со 33,89 %, а најретки се кај учениците од седмо одделение со 5,5 %. Кај учениците од шесто и осмо одделение има речиси иста застапеност на ваквите грешки со 16,66 %. Но, во трудот детално и прегледно се наведени и систематизирани во табели најчестите грешки во писменото изразување кај учениците од што може да се забележи дека најчести се грешките на фонолошко ниво и на правописно ниво.

Третото поглавје на трудот претставува конкретно теренско истражување за писменото изразување на учениците при што основната методска алатка е анкетирањето и на учениците и на наставниците. И самата авторка ќе нагласи дека оваа методска тема на магистерскиот труд ги анализира состојбите од нашиот сегашен образовен систем во поглед на писменоста на учениците и дека целта е да се добие реална слика за културата на писменото изразување на учениците во основното образование и да се дадат конструктивни насоки за нејзино подобрување. Поставени се јасни цели што треба да се постигнат со анкетите и со одговорите на учениците: дали учениците подеднакво го користат литературниот јазик во училиштето и надвор од него; дали внимаваат на своето

писмено изразување само додека трае часот по македонски јазик; дали пишуваат домашни задачи; дали се подготвуваат за писмените работи; дали сакаат повеќе писмено или усно одговарање; како гледаат на писмените задачи, грешките во нив и поправките; како пишуваат СМС-пораки и e-mail, дали употребуваат скратеници и дали се потпишуваат на крајот од пораката; дали читаат други книги освен лектирите; дали употребуваат интернационализми и што мислат за наставниците што употребуваат интернационализми и слично. Со ова истражување се опфатени 18 основни училишта од 13 општини во Македонија, а при анализата се користат, во основа, статистичкиот и дескриптивниот метод. Во продолжение од трудот се наведуваат резултатите од анкетата на учениците што е поткрепено и со соодветни графички прикази. На пример, еден од заклучоците е дека поголем број од учениците (72,1 % од испитаниците) учат од сопствените грешки направени во писмените задачи. Идентична анкета е извршена и со наставниците по македонски јазик од 23 основни училишта во врска со писменото изразување на учениците. И овде детално се наведени резултатите од анкетата дополнети со графички прикази. Така, на пример, во врска со домашните задачи се наведува резултатот дека кај 81,3 % од наставниците е вообичаено често да им даваат домашна задача на учениците, додека преостанатите наставници го прават тоа само во одредени ситуации, кога тие сметаат дека е неопходно, а ниту еден од наставниците не се изјаснил дека воопшто не задава домашни задачи.

Во заклучокот од магистерскиот труд кандидатката, меѓу другото, нагласува дека писмените вежби имаат за цел свесно усвоените знаења да добијат практична сила. За што подобри резултати, наставниците треба да користат најразлични наставни методи, содржини и форми на работа за да постигнат кај учениците што поголема мотивираност, интерес за работа, а со тоа да придонесат за што поефикасно остварување на целта на нашиот образовен систем.

Од деталниот приказ на магистерскиот труд на кандидатката д-р Марија Соколова може да се заклучи дека станува збор за значајна студија, поткрепена со теренски истражувања, која ги унапредува научните достигнувања во областите методика на јазик и македонистика.

***Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Марија Соколова***

Кандидатката д-р Марија Соколова има повеќегодишно искуство во наставата во основното и во средното образование како наставник по предметите Македонски јазик (во основното образование) и Македонски јазик и литература (во средното образование) и тоа во неколку основни и средни училишта во Македонија. Денес Соколова работи како наставник по предметот Македонски јазик и литература во СОУ „Гошо Викентиев“ во Кочани. Покрај тоа, таа има искуство и како демонстратор во високото образование (на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје), но и како предавач по Македонски јазик за странски студенти во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип, а во студиската 2018/2019 година е ангажирана и како стручњак од практиката по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Штип за предметите Лексикологија на СМЈ, Споредбена граматика на словенските јазици, Македонски јазик 3 и Македонски јазик 4.

Во однос на научноистражувачката дејност, кандидатката д-р Марија Соколова има изработено и одбранетo магистерски труд на тема „Култура на писменото изразување на учениците во основното образование“ од областите методика на јазик и македонистика, како и докторска дисертација на тема „Паронимите и асоцијативите во македонскиот современ јазик“ од областите Лексикологија и Македонистика. Магистерскиот труд и докторската дисертација на Соколова не се објавени. Покрај тоа, Соколова има објавено 8 научни и стручни трудови во домашни публикации. Од објавените трудови може да

се заклучи дека досегашниот научен интерес на Соколова е насочен доминантно кон областите методика на јазик и лексикологија. Треба да се истакне дека магистерскиот труд и докторската дисертација на кандидатката д-р Марија Соколова даваат значаен придонес во развојот на истражувањата од областите методика на јазик и лексикологија, а одделни нејзини објавени трудови гравитираат кон темите од магистерскиот труд и од докторската дисертација.

Во врска со стручно-апликативната дејност на д-р Марија Соколова, комисијата не можеше да констатира какви било активности затоа што кандидатката нема приложена никаква документација за ваквата дејност, иако во нејзината кратка биографија Соколова има наведено дека учествувала на одредени семинари и курсеви. Сепак, поради недостиг од соодветна документација рецензентската комисија не можеше ниту да ја потврди ниту да ја евалуира стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Марија Соколова.

**IV. Кандидат д-р Марија Гркова:** При деталното разгледување на пријавата и документацијата од кандидатката д-р Марија Гркова, доставена во предвидениот рок и во согласност со објавениот Конкурс, рецензентската комисија констатираше дека кандидатката д-р Марија Гркова има поднесено комплетна, соодветна и валидна документација што е предвидена со Конкурсот по што детално ги разгледа сите поднесени документи од кандидатката.

***Биографски податоци за кандидатката д-р Марија Гркова***

Кандидатката д-р Марија Гркова е родена во Штип на 14.11.1987 година. Основно и средно образование завршува во родниот град. Образованието го продолжува на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, наставна насока, на која дипломира во 2010 година и се стекнува со стручно звање дипломиран професор по одделенска настава. Истата година го продолжува своето образование и се запишува на постдипломски студии на групата Македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2011 година ја пријавува темата за магистерски труд под менторство на проф. д-р Лидија Тантуровска. Во 2014 година го брани магистерскиот труд на тема „Усвојување на граматичките категории кај именките во македонскиот јазик како странски“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје со што се стекнува со научен назив магистер по филолошки науки. Во студиската 2014/2015 година се запишува на трет циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на Студиската програма Македонистика, насока Научноистражувачки студии на македонскиот јазик, а во октомври 2018 година ја одбрани докторската дисертација со наслов „Јазичните грешки по морфологија кај учениците во основното образование во Штипско“ и се стекна со научен назив доктор по хуманистички науки – македонистика – научноистражувачки студии на македонскиот јазик. Работното искуство во високото образование кандидатката д-р Марија Гркова го започнува во 2010 година како волонтер на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во периодот од 2011 до 2013 година д-р Марија Гркова е ангажирана како предавач по Македонски јазик како странски за студентите од Турција во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а во 2013 година е и предавач по Македонски јазик на Летниот камп на Министерството за надворешни работи кој се одржа во Охрид под мотото „Ја сакам Македонија“. Во 2015 и 2016 година повторно работи како предавач по Македонски јазик како странски за студенти од Турција во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип, а во тој период истовремено е ангажирана како волонтер на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултрет во Штип сè до 2018 година. Од 2018 година до денес кандидатката д-р Марија Гркова работи како предавач по Македонски јазик како странски за студентите од Турција во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип, а во студиската 2018/2019 година ангажирана е и како демонстратор на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност на д-р Марија Гркова***

Кандидатката д-р Марија Гркова има повеќегодишно искуство во наставно-образовната дејност, односно во наставата во високото образование како волонтер, како предавач и како демонстратор. Во студиската 2010/2011 година како волонтер Гркова беше ангажирана на вежбите за предметот Современ македонски јазик 1 кај проф. д-р Симон Саздов на Филолошкиот факултет во Штип. При соработката со проф. д-р Толе Белчев на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип кандидатката д-р Марија Гркова како волонтер беше ангажирана за предметот Зборообразување на СМЈ во студиската 2015/2016 година, како и за предметот Лексикологија на СМЈ во студиската 2016/2017 година. Во студиската 2018/2019 година Гркова е ангажирана како демонстратор за предметите Македонски јазик 1 и Македонски јазик 2 на Катедрата за англиски јазик и книжевност и на Катедрата за италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип – дисперзирани студии во Струмица. Неколку години последователно кандидатката д-р Марија Гркова, преку Проектот „Надградување на студиските програми по македонски јазик како странски", се јавува и во функција на предавач по Македонски јазик како странски на странските студенти кои, главно, доаѓаат од Турција, но има работено и со студенти од Кина, па дури и од Гана, Африка. Кандидатката го дополни своето работно искуство и преку работењето со странски студенти кои доаѓаат на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип преку добропознатата „Еразмус програма" преку која има работено со студенти од Италија, Словенија, Полска и од други европски земји. Може да се заклучи дека кандидатката д-р Марија Гркова во текот на нејзиното безмалку десетгодишно ангажирање како волонтер, предавач и демонстратор на Филолошкиот факултет во Штип (во чии рамки е и Институтот за јазици) се стекнала со солидно работно искуство во високообразовната настава.

Што се однесува до научноистражувачката дејност на д-р Марија Гркова, врз основа на приложената документација може да се констатира дека кандидатката има изработено магистерски труд од научните области методика на наставата, македонистика и морфологија (необјавен), докторска дисертација од научните области методика на наставата, македонистика и морфологија (необјавена), има објавено 11 авторски научни и стручни трудови од кои 8 во меѓународни научни публикации и три во домашни научни и стручни публикации, а учествувала на 5 научни конференции и собири од кои 4 со меѓународен научен карактер и еден домашен научен собир. Од доставените објавени научни трудови и од излагањата на научните конференции, но и од необјавениот магистерски труд и од необјавената докторска дисертација, очигледно е дека научниот интерес на кандидатката д-р Марија Гркова е насочен кон три научни области и тоа македонистика, морфологија и методика на јазик, но може да се констатира дека во досегашната научна дејност на Гркова доминираат научните области македонистика и морфологија, што може да се согледа и од подеталниот преглед на објавените трудови и на излагањата од научните конференции што го приложуваме во продолжение, а за што кандидатката има поднесено уредна документација, како и од приложениот детален приказ на магистерскиот труд на кандидатката д-р Марија Гркова.

***Преглед и евалуација на објавените трудови од кандидатката д-р Марија Гркова***

***Гркова Марија (2011). Најчести проблеми при изучувањето на македонскиот јазик како странски. Годишен зборник на Филолошкиот факултет во Штип, Год. 2, Бр. 2, стр. 211–219. Штип: Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет.***

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува кратка анализа на начините на кои странците го совладуваат македонскиот јазик и со кои потешкотии се соочуваат при изучувањето на нашиот јазик. Истражувачките искуства, наведува авторката, покажуваат дека изучувањето на два или на повеќе јазици има само позитивни страни. Меѓутоа, за да се

совлада еден јазик потребно е да се прескокнат многу препреки. Поради својата структура, македонскиот јазик е интересен за лингвистите, како домашни, така и странски. Од друга страна, нашиот јазик високо котира во европската литература и се преведува на многу странски јазици и за таа цел се учи, се изучува и се усвојува. Откако ќе ги даде ваквите појдовни забелешки, авторката се осврнува накратко на прирачниците на македонски јазик за странци, а потоа подетално зборува за јазичните тестови и нивната структура опишувајќи ги, пред сè, сегментите од морфологијата и морфосинтаксата и анализирајќи од тој аспект конкретни тестови напишани од странци со детално појаснување на јазичните пропусти во нив. Од содржината на трудот може да се забележи дека авторката е склона кон морфолошките анализи и интерпретации, а тоа го потврдуваат и заклучните согледби во трудот во кои се констатира: „Врз основа на истражувањата е извршен еден општ обид за утврдување на најчестите грешки што ги прават странците при изучување на македонскиот јазик. Во рамките на морфосинтаксата, најтешка за усвојување им е граматичката категорија определеност, односно неопределеност, потоа категоријата род на именките, глаголските категории време, вид, лице, преодност... Во однос на придавките, чести грешки се среќаваат во рамките на членските морфеми и степенувањето“.

***Гркова Марија (2014). Усвојување на граматичките категории род, број и определеност кај именките во македонскиот јазик од страна на студентите – слависти. Филолошки студии, Год. XII, Том 2, стр. 643–668; www.philologicalstudies.org.***

**Евалуација на трудот:** Станува збор за значаен оригинален научен труд од областите македонистика и морфологија, што може да се констатира и од самиот наслов на трудот, објавен во меѓународно научно списание. Авторката д-р Марија Гркова уште на почетокот од трудот констатира дека при учењето македонски јазик како странски од голема важност е усвојувањето на граматичките категории кај именките. Во овој труд, имено, се анализирани одговорите од вежбите поврзани со граматичките категории кај именките дадени од страна на студентите од странство што го учат македонскиот јазик, а чиј мајчин јазик е еден од словенските јазици. Поставената цел во овој труд е да бидат земени предвид вежби за почетно рамниште од учебници по македонски јазик како странски кои веќе се искористени за подготвување контролни тестови, како и вежби за средно рамниште подготвени за потребите на ТЕМАК-тестовите. Во анализата се земени предвид следните критериуми: а) контролните тестови да бидат спроведени меѓу студенти што го учат македонскиот јазик како странски надвор од Република Македонија (во некои од лекторатите по македонски јазик); б) со контролните тестови да бидат опфатени студенти чиј мајчин јазик е еден од словенските јазици; в) во анализата да се вклучуваат и тестови сработени според европските стандарди, како што се ТЕМАК-тестовите. По анализата на одговорите, каде што ќе биде застапена и статистичка анализа, се очекува да се дојде до заклучоци каков вид вежби се потребни за усвојување на граматичките категории кај именките. Во заклучокот од трудот авторката дава детален опис на резултатите добиени од ТЕМАК-тестовите и од Контролниот тест 1 и Контролниот тест 2 по што се нудат и насоки за начините со чија помош полесно може да се усвојуваат граматичките категории род, број и определеност кај именките, што на трудот му дава особена научна важност.

***Гркова Марија (2016). Осврт кон усвојувањето на граматичките категории кај именките во македонскиот јазик како странски. Палимпсест, Год. 1, Бр. 1, стр. 53–63. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет.***

**Евалуација на трудот:** Станува збор за стручен труд од кандидатката д-р Марија Гркова објавен во меѓународно научно списание. Во воведот од трудот авторката ги наведува најпрво претходните морфолошки истражувања во врска со детерминирањето и дефинирањето на граматичките категории по што преминува на конкретна анализа на јазичните отстапувања поврзани со граматичките категории кај именките. Авторката нагласува дека Македонскиот јазик како странски е посебна област на македонистиката

којашто се занимава со учењето и со усвојувањето на македонскиот јазик од страна на сите оние на кои македонскиот јазик им е странски. Учењето и усвојувањето на македонскиот јазик како странски има петдецениска традиција. Лингвистите и македонистите прават напори што повеќе да ѝ понудат на Македонистиката преку истражувањата за македонскиот јазик како странски, а доказ за тоа се многубројните трудови коишто може да се сретнат во литературата од областа на македонистиката. Придонес за развојот во областа македонски јазик како странски се овозможува и преку изнаоѓање начини, односно пристапи преку кои полесно би се усвоиле граматичките категории кај именките. Затоа, пишува авторката, целта на овој труд е да се даде краток осврт кон анализата на усвојувањето на граматичките категории кај именките во македонскиот јазик како странски. Во таа смисла, во трудат се наведуваат детални морфолошки анализи за јазичните отстапки направени од страна на студенти чиј мајчин јазик е словенски јазик, како и за јазичните отстапки и пропусти направени од страна на студенти чиј мајчин јазик е турскиот, при што се зборува за множински форми кај именките од машки род, множински форми кај именките од женски род, определување на именките од машки и од женски род и така натаму со детален опис на јазичните пропусти и грешки од аспект на морфолошките специфики. Очигледно е дека и во овој труд интересот на авторката најмногу е насочен кон областа морфологија.

***Гркова Марија (2016). Нешто за резултатите од анонимниот тест спроведен кај учениците од VI одделение во Штипско. Филолошки студии, Год. XIV, Том 1, стр. 237–245; www.philologicalstudies.org.***

**Евалуација на трудот:** Овој труд е објавен во меѓународно научно списание и претставува приказ на морфолошките јазични грешки во однос на менливите зборови што ги прават учениците од шесто одделение. Во воведот авторката се осврнува на дефинициите за морфологијата и на класификацијата на видовите зборови според менливоста, по што ќе се определи и предметот на истражување, а тоа се менливите видови зборови: именки, придавки, заменки, броеви и глаголи. Со оглед на тоа што менливите зборови за првпат се усвојуваат во шесто одделение, нагласува авторката, тестирањето е спроведено кај овие ученици, сметајќи дека темата им е усвоена. За таа цел е подготвен наменски составен тест по македонски јазик што содржи вежби во кои се застапени морфолошките особености кај менливите зборови усвоени дотогаш. Во врска со резултатите од тестирањето, авторката заклучува: „Во однос на именките, забележавме дека глаголската именка трчање, поголемиот број ученици ја определија како глагол. Од друга страна, при барањето за образување глаголски именки од дадените глаголи, повеќе ученици одговорија позитивно на барањето. Во вежбите за проверка на знаењата за зборовната група придавки, се покажа дека најчесто има мешање на описните и на односните придавки...“. Како што може да се забележи, трудот се однесува на научните области методика на јазик, македонистика и морфологија, со тоа што истражувањата во трудот доминантно се насочени кон научните области македонистика и морфологија.

***Гркова Марија (2016). За чувањето на идентитетот на македонскиот јазик. Палимпсет, Год. 1, Бр. 2, стр. 193–196. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет.***

**Евалуација на трудот:** Станува збор за стручен труд објавен во меѓународно научно списание. Трудот, всушност, претставува приказ на книгата „За идентитетот на македонскиот јазик“ од Лидија Тантуровска што е објавена во 2014 година како издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје. Во апстрактот на трудот авторката Гркова ги наведува суштинските структурни сегменти на изданието: „Станува збор за дело кое содржи 220 страници, а материјата е поделена во четири глави: За идентитетот се работи, ’Во потрага‘ по идентитетот на македонскиот јазик, Македонскиот наспрема другите јазици и На патот кон Европа – европски. Во првата глава, авторката ’допира‘ до повеќе јазични прашања, почнувајќи од Македонскиот јазик и неговото приклучување во европското семејство, а завршувајќи со Грижата за македонскиот јазик

(давајќи свои размислувања). Втората глава, главно, ги опфаќа ставовите на Мисирков поврзани со македонското прашање, додека во третата глава авторката потсетува за промените во општеството кои директно или индиректно влијаат и врз јазикот, како врз македонскиот, така и врз други јазици. Во последната глава, авторката го претставува македонскиот јазик од поинаков агол, од правно-политичкиот“. Овој труд на кандидатката д-р Марија Гркова се однесува на научната област македонистика.

***Гркова Марија (2016). За вежбите поврзани со граматичките категории на именките од учебниците по Македонски јазик за странци – почетно рамниште. Во: Зборник од Осмиот научен собир на млади македонисти, стр. 73–86. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“.***

**Евалуација на трудот:** Овој труд се однесува на истражувањата на авторката поврзани со морфолошките грешки при тестирањето на ученици и студенти, а во овој текст конкретно станува збор за морфолошките грешки на студентите што го учат македонскиот јазик како странски во Република Македонија и на студенти што го учат македонскиот јазик како странски надвор од нашава држава, односно во два лекторати по македонски јазик. Авторката нагласува дека при учењето македонски јазик како странски од голема важност е усвојувањето на граматичките категории кај именките. За таа цел се анализирани одговорите од вежбите поврзани со граматичките категории на именките, направени од страна на студентите од странство што го учат македонскиот јазик. Поставената цел е да бидат земени предвид вежби за почетно рамниште од учебници по Македонски јазик како странски кои ќе бидат искористени за подготвување на контролни тестови. Врз основа на дадените одговори во тестовите, авторката дава детален приказ на најчестите грешки од морфолошки аспект во врска со граматичките категории кај именките, како на пример: неправилна употреба на множински форми, неправилно членувани именски форми и неправилно употребен член и така натаму. Може да се заклучи дека истражувањата во овој труд се однесуваат на научните области методика на јазик, македонистика и морфологија.

***Гркова Марија (2017). Полезен турско-македонски учебник од Марија Леонтиќ. Палимпсет, Год. 2, Бр. 3, стр. 273–277. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет.***

**Евалуација на трудот:** Овој труд е приказ (осврт, рецензија) за учебникот „Gel Türkçeyi ve Makedoncayı Sevelim, Gel Türkçeyi ve Makedoncayı Öğrenelim! Дојди да ги сакаме турскиот и македонскиот, Дојди да ги научиме турскиот и македонскиот!“ од професорката Марија Леонтиќ што беше објавен во 2015 година. Авторката на приказот нагласува дека станува збор за турско-македонски учебник кој ќе им послужи на сите оние што сакаат да го учат турскиот и/или македонскиот јазик на почетно рамниште кое одговара на А1 и на А2 рамништата одредени според Заедничката европска референтна рамка за јазиците. Делото составено од 241 страница е поделено во неколку целини. Така, покрај предговорот и информациите за учебникот, се среќаваат и: список на симболи користени во книгата; инструкции за корисниците на книгата и десет лекции во кои е застапен комуникативниот приод, а тоа значи дека содржините во лекциите се блиски до реалноста и се збогатени со мноштво илустрации. Авторката на приказот го наведува и податокот дека учебникот од професорката Марија Леонтиќ е дел од комплетот книги „Gel Türkçeyi ve Makedoncayı Sevelim, Gel Türkçeyi ve Makedoncayı Öğrenelim! Дојди да ги сакаме турскиот и македонскиот, Дојди да ги научиме турскиот и македонскиот!“ кој дополнително содржи работна тетратка, разговорник, речник и граматика. Во заклучокот од приказот се нагласува дека овој учебник „несомнено ќе стане значајно дело во областите турски јазик како странски и македонски јазик како странски на почетно рамниште, но и пошироко“.

***Гркова Марија (2017). Првиот Речник на синоними во македонскиот јазик. Палимпсест, Год. 2, Бр. 4, стр. 217–219. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет.***

**Евалуација на трудот:** И овој стручен труд на кандидатката д-р Марија Гркова претставува осврт (приказ, рецензија) објавен во меѓународно научно списание. Станува збор, имено, за Речник на синоними во македонскиот јазик од авторите Толе Белчев и Снежана Веновска-Антевска што беше објавен во 2017 година како издание на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Овој Речник, пишува авторката Гркова, го сочинуваат 583 страници речнички текст, предговор, список на скратеници и користена литература. Во клучниот дел од речничкиот текст се опфатени 19,365 заглавни зборови претставени по азбучен редослед. Важно е да се спомене дека во Речникот се јавуваат повеќе од 50 илјади зборови со оглед на тоа што повеќето заглавни зборови имаат повеќе од еден синоним. Покрај ова, авторката Гркова нагласува дека обработката на зборовите во Речникот најпрвин се движела во два правци: едниот – да се наведат архаизмите, а другиот – да се наведат неологизмите. Авторите посветиле внимание и да ги вклучат зборовите кои се употребуваат со преносно значење поврзано со заглавниот збор, но и да се прикаже лексемета што е во употреба во македонскиот јазик. Како синоними на заглавните зборови авторите ги наведуваат зборовите со исто значење, слично значење, но и зборовите што ја развиле синонимијата по асоцијативен пат, а сепак се длабоко вкоренети во јазикот на говорителите од македонското говорно подрачје. Овој стручен труд на канидатката д-р Марија Гркова се однесува на научните области лексикологија и македонистика.

***Гркова Марија (2018). Прагматичката компетенција видена низ очите на наставниците на странски јазици. Палимпсест, Год. 3, Бр. 5, стр. 331–335. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет.***

**Евалуација на трудот:** Станува збор за стручен труд на кандидатката д-р Марија Гркова објавен во меѓународно научно списание. Трудот, всушност, е приказ (осврт, рецензија) за делото „Прагматичка компетенција кај македонските изучувачи на англискиот и на германскиот јазик“ од авторките Марија Кусевска, Билјана Ивановска и Нина Даскаловска што беше објавено во 2017 година како резултат на првата фаза од научноистражувачкиот проект „Улогата на експлицитните инструкции за стекнување прагматичка компетенција при учењето англиски и германски јазик“. Како што истакнува авторката Гркова, книгата произлегува како производ од истражувањата остварени во рамките на споменатиот проект спроведен на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во периодот од речиси две години (јануари 2015 – декември 2016 година). Потоа во освртот се дава приказ на структурата на книгата при што се истакнува дека неа ја сочинуваат вкупно 161 страница поделени, главно, во два дела или, ако сакаме, во два наслови кои понатаму се поделени уште во неколку поднаслови. Авторките во првиот дел ги разгледуваат теориските гледишта врзани со прагматиката и со прагматичката компетенција, постапно навлегувајќи во прагматичката компетенција кај целната група (македонски изучувачи на споменатите два светски јазици). Во вториот дел се зборува за емпириските истражувања спроведени кај целната група – студентите, а врз основа на добиените резултати од нив произлезе и книгата што ја прикажуваме, вели авторката. Како што може да се забележи, овој труд на Гркова се однесува на областа методика на јазик.

***Гркова Марија (2018). Нешто за удвојувањето на индиректниот предмет кај учениците од IX одделение – припадници на турската заедница со наставен македонски јазик. Во: Зборник од Деветтиот научен собир на млади македонисти, стр. 29–41. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици.***

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката врши истражување во врска со морфолошката појава на удвојување на индиректниот предмет во македонскиот јазик

и степенот на нејзиното усвојување кај учениците од деветто одделение коишто се припадници на турската заедница од Штип. На почетокот од трудот се наведуваат суштинските особености на удвојувањето на индиректниот предмет како специфична појава во македонскиот јазик по што се приложени и анонимните тестови со чија помош ќе бидат проверени знаењата на учениците во врска со удвојувањето на индиректниот предмет во македонскиот јазик. Резултатите од тестовите се елаборирани системски и прикажани со табели и графикони, а во заклучокот од трудот авторката ги сумира резултатите од истражувањето: „Од анализата на резултатите во тестовите на учениците – припадници на турската заедница во IX одделение во Штип се покажа дека: Долгите заменски форми за индиректен предмет, наспроти оние за директен предмет, потешко ги препознаваат. Може да се каже дека станува збор за дијалектна особеност, според која, предлогот на се употребува и со долгите форми за директен предмет; Треба и да се нагласи дека во сите тестови каде што беше употребена кратката заменска форма ѝ за женски род, таа е напишана без надреден знак“. Според својата содржина, овој труд на авторката е значаен за научните области на кои тој се однесува, а тоа се методика на јазик, македонистика и морфологија.

***Гркова Марија (2018). Усвојувањето на перфектот во IX одделение во Штипско. Во: Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција „Филологија, култура, образование – ФИЛКО“, стр. 109–118. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет.***

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд од кандидатката д-р Марија Гркова е да се истражи колку учениците од IX одделение во Штипско го имаат усвоено минатото неопределено време во македонскиот јазик. Граматичката категорија време, нагласува авторката, е една од најкарактеристичните глаголски категории, а, пак, македонскиот јазик се одликува со најголем број глаголски времиња. Меѓу нив е и глаголското време минато неопределено време – перфект, кое може да биде свршено и несвршено. Целна група на истражувањето се учениците од IX одделение во Штипско, одделението во кое се учи и се усвојува перфектот. Притоа, треба да се спомене дека вежбите што се цел на анализа, а кои се однесуваат на минато неопределено време, се издвоени од наменски составен тест по Македонски јазик. При подготовката на тестот, пишува авторката, е внимавано вежбите да бидат директно поврзани со истражувачката тема, од една страна, а од друга, да бидат земени вежби во кои нема да се прават големи измени и да бидат прилагодени кон возраста и кон нивото на способноста на тестираната група ученици. На крајот од трудот детално се претставени резултатите од анонимниот тест коишто се системски анализирани. Може да се констатира дека трудот дава значајни истражувачки резултати во научните области методика на наставата, македонистика и морфологија.

***Преглед и евалуација на учеството на научни конференции и собири на д-р Марија Гркова***

***Гркова Марија (2013). VIII научен собир на млади македонисти. Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, од 16 до 18 мај.***

**Евалуација на излагањето:** На овој научен собир кандидатката д-р Марија Гркова учествувала со излагање на тема „За вежбите поврзани со граматичките категории на именките од учебниците по македонски јазик за странци – почетно рамниште“. Во текот на излагањето кандидатката дискутирала за застапеноста на вежбите поврзани со граматичките категории кај именките во македонскиот јазик како странски од учебниците наменети за овој тип настава. Целта на истражувањето е да се анализираат решенијата на вежбите од два контролни теста спроведени меѓу студенти што го учат македонскиот јазик како странски во Република Македонија и меѓу студенти што го учат македонскиот јазик како странски надвор од нашата држава, односно во два лекторати по македонски јазик. Во текот на излагањето се претставени резултатите од анализите, но дадени се и предлози (сугестии) за полесно усвојување на граматичките категории кај именките во

македонскиот јазик: „Кога станува збор за граматичката категорија род, особено треба да се посвети внимание на завршокот на именките, со оглед на фактот што нема по еден одделен завршок за секој род одделно. Потоа, треба да им се посвети поголемо внимание на студентите чиј мајчин јазик не познава граматички род (како што е турскиот) за кои треба да има поголем број вежби за усвојување на родот кај именките; За полесно усвојување на граматичката категорија број, најпрвин е потребно да има вежби во кои ќе се бара менување на граматичките форми на именките од еднина во обична множина, но и обратно, од обичната множина во еднина. Секако треба да бидат застапени и вежби со избројана и со збирна множина во поголем број, така што тоа би довело до помал степен на мешање на наставките; Со оглед на фактот што постпозитивниот член во македонскиот јазик е една од најважните негови специфичности, а членските наставки (за определност) се врзуваат и со родот на именките, треба особено да се посвети внимание за кои студенти се подготвуваат вежбите. Се разбира дека посебно внимание треба да им се посвети и на членските наставки со кои се изразува просторност (-ов, -ва, - во, -ве, -ве, -ва; односно: -он, -на, -но, -не, -не, -на)“. Може да се констатира дека во ова излагање кандидатката д-р Марија Гркова го насочува својот научен интерес кон областите методика на јазик, македонистика и морфологија.

***Гркова Марија (2016). Деветти научен собир на млади македонисти. Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 12–13 мај.***

**Евалуација на излагањето:** На Деветтиот научен собир на млади македонисти (конференција во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова) кандидатката д-р Марија Гркова учествувала со излагање на тема „Околу удвојувањето на индиректниот предмет кај учениците од IX одделение – припадници на турската заедница со наставен македонски јазик“. Во текот на излагањето е истакнато дека удвојувањето на предметите е една од најкарактеристичните особини на македонскиот јазик која оди во насока на граматикализација и со тоа го издвојува од другите јазици во балканскиот јазичен сојуз. Целна група на ова истражување се учениците од IX одделение – припадници на турската заедница со наставен македонски јазик во Штип, а со цел да бидат тестирани е подготвен анонимен тест по македонски јазик како немајчин што содржи вежби во кои е застапен и индиректниот предмет, поточно неговото удвојување. Покрај тоа, во текот на излагањето се претставени и резултатите од истражувањето, односно од анализите на резултатите од тестовите: „Долгите заменски форми за индиректен предмет, наспроти оние за директен предмет, учениците потешко ги препознаваат. Може да се каже дека станува збор за дијалектна особеност, според која, предлогот на се употребува и со долгите форми за директен предмет; Треба и да се нагласи дека во сите тестови каде што беше употребена кратката заменска форма ѝ за женски род, е напишана без надреден знак“. Од излагањето на кандидатката д-р Марија Гркова на Деветтиот научен собир на млади македонисти може да се забележи дека и овде истражувањето е поврзано со научните области македонистика, морфологија и методика на јазик.

***Гркова Марија (2016). Меѓународна научна конференција „Мисирков – предизвик за нови проучувања во науката“ во организација на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од Скопје. Струмица, 2–3 ноември.***

**Евалуација на излагањето:** На оваа меѓународна научна конференција кандидатката д-р Марија Гркова учествувала со излагање на тема „Крсте Мисирков во наставата по предметот македонски јазик“. Во текот на своето излагање кандидатката ги претставила наставните планови и програми по предметот Македонски јазик и посочила дека во нив е застапен Мисирков и во основното и во средното образование. Методичките единици за Крсте Мисирков, обично, се сместени во програмското подрачје „Јазик“. Во текот на излагањето се разгледани методичките единици поврзани со животот и со делото на Мисирков и нивната соодветна застапеност. Темата на ова излагање е од областите методика на јазик и македонистика.

***Гркова Марија (2018). Трета меѓународна научна конференција „Филологија, култура, образование – ФИЛКО“. Штип, Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет, 26–27 април.***

**Евалуација на излагањето:** На Третата меѓународна научна конференција „Филологија, култура, образование – ФИЛКО“ што беше одржана на 26 и 27 април 2018 година на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката д-р Марија Гркова учествуваше со излагање на тема „Усвојувањето на перфектот во IX одделение во Штипско“. Во текот на излагањето кандидатката го претстави перфектот како една од најкарактеристичните глаголски категории што е застапена и како методска единица во наставните програми по предметот Македонски јазик, а во согласност со нив и во актуелните учебници по предметот. Целна група на ова истражување се учениците од IX одделение во Штипско – одделението во кое се учи и се усвојува перфектот. Притоа, беше нагласено дека вежбите што се цел на анализа, а кои се однесуваат на минато неопределено време, се издвоени од наменски составен тест по Македонски јазик. Целта е преку анализата на добиените резултати од учениците од IX одделение во Штипско да се види колку го имаат усвоено перфектот. На крајот од излагањето се претставени и резултатите од тестирањето при што детално се анализираат и се објаснуваат најчестите грешки во врска со употребата на перфектот. Ова излагање на кандидатката д-р Марија Гркова се однесува на научните области македонистика, морфологија и методика на јазик.

***Гркова Марија (2018). X научен собир на млади македонисти (конференција во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова). Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, 10–11 мај.***

**Евалуација на излагањето:** На овој научен собир кандидатката д-р Марија Гркова учествуваше со излагање на тема „Усвојувањето на граматичката категорија начин (според резултати добиени од учениците од основното образование во Штипско)“. Во текот на излагањето кандидатката потсети дека глаголот е зборовна група која има најсложена структура во однос на сите преостанати зборовни групи. При излагањето беше извршена елаборација за глаголскиот начин кој е застапен и како методска единица во наставните програми по предметот Македонски јазик, а во согласност со нив и во актуелните учебници по предметот. Целна група на истражувањето се учениците од VI, VIII и од IX одделение од Штипско. Притоа, кандидатката потенцираше дека вежбите што се цел на анализа, а кои се однесуваат на глаголскиот начин, се издвоени од наменски составен тест по Македонски јазик. Целта на истражувањето е преку анализата на добиените резултати од учениците да се види колку тие го имаат усвоено глаголскиот начин. На крајот од излагањето беа презентираните резултатите и анализите при што беше заклучено: „Кај можниот начин често се среќаваат примерите со мош ќе (мош има функција на скратена верзија од модалниот збор можеби во штипскиот говор); Кај заповедниот начин, пак, се среќаваме со поголем број јазични грешки. Така, на пример, во одреден број тестови беа напишани формите стои, спои, освои кои треба да гласат стој, спој, освој. Сепак, најголем број грешки поврзани со заповедниот начин се однесуваат на мешање на формите за 2 лице еднина со формите за 3 лице еднина, па наместо нека/ да слуша, пишувале слушај“. Од предоченото може да се констатира дека ова истражување на кандидатката д-р Марија Гркова се однесува на научните области македонистика, морфологија и методика на јазик.

***Приказ на магистерскиот труд на кандидатката д-р Марија Гркова***

Магистерскиот труд на кандидатката д-р Марија Гркова со наслов „Усвојување на граматичките категории кај именките во македонскиот јазик како странски“ е одбранет во 2014 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистерскиот труд на Гркова се однесува на областите методика на јазик, македонистика и морфологија. Трудот е структуриран во 3 глави, вовед и заклучни белешки. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и

поднаслови со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Во воведниот дел кандидатката накусо дава преглед за предметот и за целите на истражувањето, теоретската рамка, како и методите на истражувањето. Во овој дел се нагласува дека една од целите на истражувањето на оваа тема е преку статистичка анализа на ексцерпираниот материјал да се дојде до заклучоци – каков вид вежби се потребни за усвојување на граматичките категории кај именките во македонскиот јазик како странски.

Во првата глава со наслов „Дефиниции за граматичките категории" кандидатката нуди кус преглед на дефинирањата поврзани со деловите на говорот, денес познати како зборовни групи, притоа надоврзувајќи се кон својата морфолошка тема – граматичките категории на зборовната група именки. Грков во овој дел од трудот, посветен на морфолошка проблематика, најпрвин се осврнува кон лингвистичката литература од каде што ги прикажува дефинирањата за категориите од втор ред и каде што се наведува дека зборовите меѓу себе, во секоја зборовна група, се обединуваат со некои општи, граматички значења и со нивните формални показатели кои ги препознаваме во морфологијата како граматички категории. Потоа кандидатката врши преглед на дефинирањата на граматичките категории од лингвистичко-морфолошката литература во македонистиката потпирајќи се, пред сè, врз ставовите на Блаже Конески, Лилјана Минова-Ѓуркова, групата автори на Општата граматика на македонскиот јазик (Стојка Бојковска, Лилјана Минова-Ѓуркова, Димитар Пандев, Живко Цветковски) и други.

Втората глава кандидатката ја насловила „Македонскиот јазик како странски", а во неа се дава преглед на терминологијата поврзана со потесната област и јазикот како странски, при што наведува дека македонистиката за првпат посветува внимание на учењето и на усвојувањето на македонскиот јазик како странски по основањето на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, преку чии напори се отвораат првите лекторати за македонски јазик во светот каде што се започнало со испраќање на лектори по македонски јазик, се започнало со наставата за изучување, учење и усвојување на македонскиот јазик како странски, а секако и со излегување од печат на првите учебници и учебни помагала за предавање на македонскиот јазик за странци. Во овој дел од трудот кандидатката детално ги прикажува и тестовите со кои се служи за истражувањето како што се: ТЕМАК-тестови чии вежби се оформени во согласност со стандардите на Заедничката европска референтна рамка на јазиците; наменски составени тестови чии вежби се преземени од учебниците по македонски јазик како странски за почетно рамниште (Контролен тест I и Контролен тест II); тестови чии вежби се со изменета содржина на вежбите од учебниците по македонски јазик како странски за почетно рамниште (испит по предметот Македонски јазик за странци, А1 и А2 ниво). Според наведеното во трудот, Гркова ексцерпирала повеќе од 400 тестови на студенти и на кандидати за учење на македонскиот јазик како странски во врска со морфолошката проблематика за граматичките категории кај именките, а преку добиените одговори од нив донесува заклучни белешки кои ги прикажува во третата глава.

Последната глава од магистерскиот труд на кандидатката д-р Марија Гркова е со наслов „Анализа на решенијата и на јазичните отстапки во тестовите". Во оваа глава, кандидатката ги дели добиените одговори во четири главни групи и тоа според мајчиниот јазик на тестираните студенти. Тие групи се: 1) Анализа на решенијата и на заедничките морфолошки јазични отстапки што се среќаваат при учењето македонски јазик како странски, независно од мајчиниот јазик на студентите; 2) Анализа на решенијата и на морфолошките јазични отстапки што се среќаваат при учењето македонски јазик како странски, од страна на студенти чиј мајчин јазик е словенски јазик; 3) Анализа на решенијата и на морфолошките јазични отстапки што се среќаваат при учењето македонски јазик како странски, од страна на студенти чиј мајчин јазик е несловенски јазик; 4) Анализа на решенијата и на морфолошките јазични отстапки што се среќаваат при учењето на македонски јазик како странски од страна на студентите од Турција. Четвртата наведена анализа, нагласува Гркова, не е случајна, а студентите од турското говорно подрачје се издвоени од две причини: а) Првата причина е поседувањето голем број тестови на студентите

од турското говорно подрачје; б) Втората причина се однесува на јазичниот систем на турскиот јазик, односно на фактот дека за морфологијата на овој јазик не е својствена граматичката категорија род. Во рамките на секоја наведена поделба Гркова понатаму ги дели добиените решенија и морфолошките јазични отстапки според граматичките категории кај именките – род, број и определеност – кои се, всушност, и предмет на анализа, цел на истражување и тежиште во магистерскиот труд. Од обемното истражување и анализирање на одговорите кандидатката го заклучува следново: Во Заедничката европска референтна рамка за јазиците е наведено дека грешките се јавуваат поради еден „меѓујазик“, една поедноставена или искривена претстава за целната компетенција. Кога ученикот прави грешки, неговата изведба е навистина во согласност со неговата компетенција во која се развиени карактеристики различни од нормите на странскиот јазик. Од друга страна, пропусти во изведбата се јавуваат кога еден корисник/ученик (а тоа може да му се случи и на роден говорител) не ги активира своите компетенции на правилен начин. Во Рамката уште се наведува дека грешките и пропустите треба да бидат регистрирани, анализирани и да бидат објаснети, со цел да се утврди причинителот за нивната појава, но сето тоа да не ја попречува комуникацијата. Не смее ниту да се дозволи грешките да бидат тие што ја попречуваат комуникацијата, што значи дека треба да се искоренат.

Во магистерскиот труд е извршено и детално регистрирање, анализирање и објаснување на морфолошките јазични отстапки (грешки) коишто се појавиле во рамките на граматичките категории кај именките. Преку нивното анализирање е даден полесен пристап за нивното усвојување. Анализата во оваа теза е поделена на четири дела, а поделбата е правена врз основа на мајчиниот јазик на тестираните студенти коишто го учат македонскиот јазик како странски. Ваквата поделба на анализата не е случајна. Така, на студентите од словенско говорно подрачје, а кои го учат македонскиот како странски, би им било полесно да ги усвојат морфолошките правила во однос на граматичките категории род и број. Токму овој став, потенцира Гркова, наведува да мислиме дека поголемо внимание треба да се посвети при учењето на граматичката категорија определеност од страна на студенти за чиј мајчин јазик не е својствена оваа морфолошка категорија. Сепак, ваквите ставови не може да важат и за студенти чиј мајчин јазик не е словенски. Во ваквите случаи треба да се посвети еднакво внимание при учењето на сите граматички категории на именките (особено онаму каде што се појавила тешкотија), тргнувајќи од фактот дека јазичниот систем на македонскиот јазик и на некој друг несловенски јазик значително се разликуваат. По аналогија на наведеното, студентите чиј мајчин јазик е несловенски, треба да посветат повеќе време и труд со цел да се здобијат и со компетенции за граматичките категории на именките во македонскиот јазик. Овде треба да се нагласи дека голема улога во наставата по странски јазик ја имаат вежбите што се применуваат за проверка на познавањата на јазикот.

Во заклучокот од магистерскиот труд кандидатката д-р Марија Гркова наведува неколку клучни изводи: а) Кога станува збор за граматичката категорија род, особено треба да се посвети внимание на завршетокот на именките, со оглед на фактот што нема по еден одделен завршеток за секој род одделно; б) За полесно усвојување на граматичката категорија број, најпрвин е потребно да има вежби во кои ќе се бара менување на граматичките форми на именките од еднина во обична множина, но и обратно, од обичната множина во еднина. Секако, треба да бидат застапени и вежби со избројана и со збирна множина, во поголем број, така што тоа би довело до помал степен на мешање на наставките; в) Со оглед на фактот што постпозитивниот член во македонскиот јазик е една од најважните негови специфичности, а членските наставки (за определеност) се врзуваат и со родот на именките, треба особено да се посвети внимание за кои студенти се подготвуваат вежбите. Се разбира дека при усвојувањето на граматичката категорија определеност треба да се усвојат и членските наставки со кои се изразува просторност (-ов, -ва, -во, -ве, -он, -на, -но, -не).

Од изложениот детален приказ на магистерскиот труд на кандидатката д-р Марија Гркова може да се заклучи дека ова истражување и резултатите од него се значаен прилог кон унапредувањето на сознанијата од научните области методика на јазик, македонистика

и морфологија, при што треба да се истакне дека во голем дел од трудот доминантни се истражувањата и анализите токму од научните области македонистика и морфологија.

***Стручно-апликативна дејност на кандидатката д-р Марија Гркова***

Кандидатката д-р Марија Гркова има искуство и во рамките на стручно-апликативната дејност, за што говори и приложената документација. Во 2010 година Гркова учествува на Семинарот за содржините и методите на комуникативното учење на јазикот во организација на Мировниот корпус во Македонија. Во 2011 и 2012 година е ангажирана како соработник во подготовката на Македонско-германскиот и Германско-македонскиот речник од авторите проф. д-р Билјана Ивановска и проф. д-р Толе Белчев од Филолошкиот факултет во Штип. Овој Речник е објавен во Е-библиотеката на веб-порталот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во 2012 година. Кандидатката д-р Марија Гркова учествува и како предавач по македонски јазик на Летниот камп по македонски јазик „Ја сакам Македонија“ во Охрид во 2013 година во организација на Министерството за надворешни работи на Република Македонија. Исто така, во текот на докторските студии учествува на неколку работилници и на годишни научни конференции во периодот од 2015 до 2017 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Освен тоа, кандидатката д-р Марија Гркова учествува како млад истражувач и како соработник во два научноистражувачки проекти од 2018 година што се реализираат на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип: а) „Развивање на меѓукултурните прагматички истражувања и истражувањата на прагматиката на меѓујазикот и нивно поврзување со практиката“ чиј главен истражувач е проф. д-р Марија Кусевска од Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип; б) „Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование“ на Филолошкиот факултет во Штип, а главен истражувач на овој проект е проф. д-р Виолета Димова од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип.

***Преглед и евалуација на учеството во научноистражувачки проекти на д-р Марија Гркова***

***Гркова Марија – соработник, млад истражувач (2018).***

Научноистражувачки проект „Развивање на меѓукултурните прагматички истражувања и истражувањата на прагматиката на меѓујазикот и нивно поврзување со практиката“. Раководител на проектот и главен истражувач е проф. д-р Марија Кусевска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Евалуација на проектот:** Проектот има неколку основни научноистражувачки цели: зголемување на базата на меѓукултурни и интеркултурни прагматички проучувања и проучувања на прагматиката на меѓујазикот на изучувачите на странски јазици кои ќе ги споредуваат прагматичките норми во македонската јазична заедница со другите јазични заедници, како и начините на кои македонските говорители воопшто, како и македонските изучувачи на странските јазици посебно, се справуваат со предизвиците на меѓукултурната и интеркултурната прагматика; развивање на современи методи за собирање и анализирање на говорен јазичен материјал кои ќе придонесат за добивање валидни резултати; поврзување на прагматичките истражувања со практичните потреби во општеството. Во текот на реализацијата на проектот ќе се истражуваат неколку значајни сегменти: а) говорни чинови, прагматички и дискурсни маркери и други јазични средства кои говорителите ги користат за пренесување на пораката и постигнување на својата комуникациска цел. Јазичните средства кои се предмет на истражување ќе се разгледуваат во рамките на целосен говорен дискурс со цел да се испита организацијата на конверзацијата и начините на преговарање и постигнување на целите; б) на кој начин изразувањето на македонските говорители на странскиот јазик се разликува од изразувањето на родените говорители на тој јазик и кои се причините за прагматичкиот неуспех, т.е. зошто македонските говорители понекогаш не успеваат да ги пренесат своите ставови, мислења и цели во меѓукултурната и интеркултурната комуникација; в) кои

психолошки процеси учествуваат во формулирањето на пораката на странскиот јазик; г) кои методи се соодветни за собирање на јазичниот корпус за анализа на говорниот јазик и како овие методи влијаат врз добиените резултати. За таа цел ќе се користат повеќе методи за собирање на јазичниот материјал и ќе се споредуваат резултатите добиени со нив.

***Гркова Марија – соработник, млад истражувач (2018).***

Научноистражувачки проект „Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование". Раководител и главен истражувач на проектот е проф. д-р Виолета Димова, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Евалуација на проектот:** Предмет на истражување на овој проект се можностите за евалуација на наставниот процес во високото образование, во наставата по јазик и книжевност. Ќе се истражуваат различни видови евалуациски постапки со цел да се утврди остварливоста на целите и задачите на наставата и учењето кои се трансформираат во квалитативни и квантитативни промени во развојот на студентите. Евалуацијата ќе се одвива и во самиот процес на учењето, како и на крајот, како завршна фаза во процесот на наставата, односно ќе се спроведе формативно и сумативно оценување на постигнувањата и на студентите и на нивните наставници. Наставниците го евалуираат наставниот процес за да го определат нивото на успешност на својата наставна пракса и да ги споредат своите наставнички вештини со вештините на своите колеги. Со евалуација на наставата се следи и процесот на реализација на новите курсеви по одделни студиски програми, а од студентите се добиваат непосредни информации за тоа што навистина мислат за самиот курс. Повратните информации за наставниот процес ќе се добиваат со собирање податоци од страна на студентите и колегите наставници, а евалуацијата ќе се спроведува со помош на евалуациски ливчиња, анкети, структурирана групна дебата или по пат на e-mail прашалник. Важен дел од евалуацијата на наставниот процес е критичкото пријателство, што е еден нов и провокативен начин за добивање информации. Предмет на овој проект се видовите евалуации и ќе бидат дадени примери на евалуациски постапки. Проектот се спроведува со студентите на Филолошкиот факултет од втора, трета и четврта година на студии, како и со дел од професорите што им предаваат на овие студенти, и тоа не само задолжителни, туку и изборни предмети и курсеви.

***Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Марија Гркова***

Од деталниот приказ и евалуацијата на резултатите што ги постигнала д-р Марија Гркова, очигледно е дека кандидатката има искуство и достигнувања во трите посебни дејности. Во наставно-образовната дејност Гркова стекнувала наставни вештини во високото образование како волонтер и соработник на искусни, познати и признати професори како што се проф. д-р Толе Белчев (од Филолошкиот факултет во Штип), проф. д-р Снежана Веновска-Антевска (од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје) и проф. д-р Симон Саздов (од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје). Одржувањето на вежбите за одредени предмети кај овие професори, како и предавањата по Македонски јазик што ги спроведувала со странските студенти преку Институтот за јазици на Филолошкиот факултет во Штип во текот на повеќе студиски години, претставуваат мошне солидна емпириска основа за натамошниот нејзин ангажман во високообразовниот процес. Секако, тоа е поврзано и со научноистражувачката дејност на кандидатката во чии рамки е активна безмалку една деценија. Изработените и одбранети магистерски труд и докторска дисертација од научните области методика на јазик, македонистика и морфологија, десетината научни и стручни трудови објавувани, пред сè, во меѓународни научни публикации, како и учеството на пет меѓународни научни конференции и научни собири се доволна потврда за резултатите што ги постигнала д-р Марија Гркова на полето на научноистражувачката работа. Истиот заклучок миоже да се наведе и за стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Марија Гркова, со оглед на нејзиното ангажирање, меѓу другите активности, и како соработник и млад истражувач во два крупни и значајни научноистражувачки проекти од Катедрата за англиски јазик и книжевност и од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на наведените факти во деталниот Извештај произлезени од доставената целосна и соодветна документација на пријавените кандидатки, може да се заклучи дека кандидатката м-р Македонка Додевска изработила и одбранила магистерски труд од научните области дијалектологија, македонистика и словенистика, кандидатката д-р Марија Соколова има изработено и одбрането магистерски труд од научните области методика на јазик и македонистика, додека кандидатката д-р Марија Гркова изработила и одбранила магистерски труд од научните области македонистика, морфологија и методика на јазик. Врз основа на тоа, како и врз основа на член 170, став 1, алинеја 2 од актуелниот Закон за високото образование каде што е децидно наведено дека кандидатот што се избира во соработничко звање асистент треба да биде магистер од соодветната научна област за која се избира, врз основа на досегашните постигнати и наведени резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатките, како и врз основа на условите што се пропишани со објавениот Конкурс за избор на соработник во звање асистент за научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, членовите на рецензентската комисија заклучија дека најсоодветен кандидат за соработник во звање асистент за научните области македонистика и морфологија е кандидатката д-р Марија Гркова. Кандидатката д-р Марија Гркова има изработено и одбрането магистерски труд на тема од научните области методика на јазик, македонистика и морфологија, има објавено најголем број научни и стручни трудови во меѓународни научни публикации во кои доминантни научноистражувачки области се македонистиката и морфологијата, има учествувано на пет меѓународни научни конференции и на научни собири, има искуство во наставата во високото образование како волонтер, предавач и демонстратор, а во досегашната нејзината работа постигнала резултати и на полето на стручно-апликативната дејност. Членовите на Комисијата, исто така, констатираа дека кандидатката д-р Марија Гркова ги исполнува сите суштински и законски критериуми за избор во соработничкото звање асистент.

Имајќи ги предвид сите предочени факти, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го усвои овој Извештај и кандидатката **д-р Марија Гркова да биде избрана во соработничкото звање асистент за наставно-научните области македонистика и морфологија на Филолошкиот факултет во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Виолета Јанушева**, вонреден професор, претседател, с.р.
**Д-р Марина Спасовска**, доцент, член, с.р.
**Д-р Ранко Младеноски**, вонреден професор, член. с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-101/6 од 19.6.2019 година донесена на 195. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на19.6.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање лектор за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **д-р Нина Даскаловска** (претседател), вонреден професор од наставно-научната област методика на наставата по англиски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **д-р Марија Кусевска** (член), вонреден професор од наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **м-р Снежана Кирова** (член), виш лектор од наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 7.6.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

1. Адријана Хаџи-Николова, лаборант за високо образование на Групата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р.Македонија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***1. М-р Адријана Хаџи-Николова***

***Биографски податоци***

1. Кандидатката м-р Адријана Хаџи-Николова е родена на 28 август 1986 година во Штип. Средно образование завршува во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип. Во 2009 година завршува додипломски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за преведување и толкување со просек 9.53 и се стекнува со стручен назив дипломиран преведувач по англиски и германски јазик на македонски јазик и обратно. Своето понатамошно усовршување го продолжува на едногодишните постдипломски студии со специјалност методика на наставата по англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. По положувањето на сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии, со просечна оценка 10.0, на 11 декември 2018 година успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „Употреба на стратегиите за читање кај учениците од основното и средното образование” и се стекнува со академски степен магистер по филолошки науки од областа на методика на наставата по англиски јазик. Од следната академска година планира да се запише на соодветни докторски студии.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање лектор***

1. М-р Адријана Хаџи-Николова има завршено прв и втор циклус студии во областа во која се бира - наставник во наставно-стручно звање лектор за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Ги завршила студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (просечна вредност - нејзиниот просек на оцените од прв циклус студии е 9.53, а од втор циклус студии 10.0).
3. Има објавено научни и стручни трудови во областа во која се избира (подолу следи нивна евалуација).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Хаџи-Николова, Адријана и Даскаловска, Нина и Тасевска, Марица | Стратегии за читање пред, за време и после читањето. | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 30 (5) | од 2019 |
| 2 | Даскаловска, Нина и Уланска, Татјана и Хаџи-Николова, Адријана | The Effects of Explicit Supplemental Instruction on Students’ Language Competence | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 30 (5) | од 2019 |
| 3 | Кузмановска, Драгана и Тасевска, Марица и Уланска, Татјана и Хаџи-Николова, Адријана | Explicit instruction as a tool for improving language competence | INTED -13th International Technology, Education and Development Conference | од 2019 |
| 4 | Хаџи-Николова, Адријана и Тасевска, Марица | Educational technology, threat or benefit to teachers. | Филко - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование | од 2019 |
| 5 | Тасевска, Марица и Хаџи-Николова Адријана и Донев, Драган | Мотивацијата како клучен фактор за изучување на германскиот јазик кај учениците од средно гимназиско образование. | Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (12) | од 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Хаџи-Николова, Адријана и Даскаловска, Нина | Reading Strategies in English Language Instruction | Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, III (5) | од 2018 |
| 7 | Тасевска, Марица и Хаџи-Николова, Адријана | Англицизмите во германскиот јазик врз примери од списанијата „JOY" и „WOMAN" | Филко - Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференцијаза филологија, култура и образование | од 2017 |
| 8 | Даскаловска, Нина и Димова, Виолета и Кузмановска, Драгана и Кирова, Снежана и Ивановска, Биљана и Уланска, Татјана и Тасевска Марица и Хаџи-Николова, Адријана | The role of supplemental instruction in improving students' language competence at the Faculty of Philology | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 19.3 (14) | од 2017 |

1. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатката м-р Адријана Хаџи-Николова има завршено втор циклус студии од научната област методика на наставата по англиски јазик и книжевност, има долгогодишно работно искуство во наставно-образовната дејност и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање лектор.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот од февруари до јуни 2009 г. работи како практикант – кореспондент по германски јазик во Logwin Solutions Macedonia. Од јули до октомври 2009 г. работи како кореспондент по германски јазик во „Нов Тренд" Дооел – Штип. Од ноември 2009 до септември 2012 г.работи како волонтер на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип каде што се занимава главно со преведување на веб-страницата www.ugd.edu.mk на англиски јазик. Од јуни 2011 г. работи како локален координатор на испити преку Британското катче во рамките на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со цел спроведување на полагање за здобивање на меѓународни сертификати за познавање на англиски јазик. Од септември 2012 г. до сега работи како кореспондент по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, со преименување на работното звање во лаборант за високо образование во согласност со новата систематизација.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатката се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката беше ангажирана на Групата за англиски јазик и книжевност за

реализација на вежбите по следните предмети:Современ аннглиски јазик 1 и Современ англиски јазик 2 на групата во Радовиш.

Кандидатката се покажа како солиден и исполнителен соработник и во изведувањето на вежби по предметите Англиски јазик А2.1, Англиски јазик А2.2, Англиски јазик Б1.1, Англиски јазик, Б2.2 на другите групи од Филолошки факултет како и Англиски јазик А2.1 и Англиски јазик А2.2. на нематичните факултети во рамките на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на Техничко-технолошки Факултет, Земјоделски факултет, Факултет за информатика, Машински факултет, Педагошки факултет и Ликовна академија и предметите Деловен англиски јазик 2,3,4,5,и 6 на Економски факултет при Универзиитет „Гоце Делчев – Штип. Во овој период м-р Адријана Хаџи-Николова одржува вежби по горенаведените предмети, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор.

Покрај обврските поврзани со вежбите по наведените предмети, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Групата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

М-р Адријана Хаџи-Николова важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за целиот период до изборот на кандидатката м-р Адријана Хаџи-Николова во наставно-стручно звање *лектор:*

1. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina and Tasevska, Marica (2019) *Стратегии за читање пред, за време и после читањето. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers*, 30 (5). pp. 1107-1112. ISSN 2545-4439

Овој труд ја разгледува проблематиката на постојаните промени што се случуваат во образовниот процес и нивното огромно влијание врз наставата по англиски како странски јазик. Притоа се објаснува дека денес усвојувањето на англискиот јазик настанува со развивање на комуникативната компетенција преку активирање на четирите јазични вештини. Во овој труд акцент се става на вештината читање и на важноста за креирање на стратешки читатели кои самостојно и успешно би се справиле со задачата читање. Акцент се става особено на стратегиите што се применуваат пред, за време и по читање на текстот кои наставниците треба успешно да ги пренесат на учениците. Се заклучува дека промените треба да настанат од наставниците, што на крај ќе резултира во подобри и поуспешни ученици.

2. Daskalovska, Nina and Ulanska, Tatjana and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2019). The Effects of Explicit Supplemental Instruction on Students’ Language Competence. Knowledge – International Journal, 30 (5). pp. 1151-1156. ISSN 2545 – 4439

Овој труд ги прикажува почетните резултати од реализација на проектот „Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет“ за групата по англиски јазик и книжевност. Проектот е започнат во 2017 година. Врз основа на првото тестирање, кандидатите се поделени во две групи, А и Б. Во првиот семестар група А посетуваше дополнителна настава, односно беше експериментална група со методот на експлицитна настава, а група Б беше контролна група. Резултатите од спроведеното второ тестирање покажуваат значителни разлики во подобрување на знаењата на експерименталната група, која посетуваше дополнителна настава, особено во делот пишување, наспрема контролната група која не посетуваше дополнителна настава.

3. Kuzmanovska, Dragana and Tasevska, Marica and Ulanska, Tatjana and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2019) Explicit instruction as a tool for improving language competence. 13th International Technology, Education and Development Conference, INTED, 11-13 March

2019, Valencia, Spain, 13 (13). pp. 3054-3057. ISSN 2340-1079

И овој труд ги прикажува резултатите од спроведување на проектот „Дополнителната настава во функција на подобрување назнаењата на студентите на Филолошкиот факултет“ за Катедрата по германски јазик и книжевност. Дополнителната настава се состои од два дополнителни часа во текот на наставата за двата семестри. Овде се става акцент на првиот дел од проектот а тоа е дополнителна настава во форма на експлицитна настава за учење на граматика и вокабулар како и разновидни вежби поврзани со комуникативниот пристап во изучување на германскиот јазик. Резултатите од второто тестирање покажуваат значително подобрување кај студентите од екперименталната група, кои ја следеле дополнителната настава и одговараат на прашањето дека дополнителната настава е потребна за подобрување на комуникативната јазична компетенција.

4. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Tasevska, Marica (2019) Educational technology, threat or benefit to teachers. *ФИЛКО - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование*, 3. pp. 715-725. ISSN 978-608-244-308-9

Во овој труд се прави паралела на изучувањето на англискиот јазик пред 50 години и сега, со заклучок дека повеќе ништо не е исто. Денешните генерации се неразделно сврзани со технологијата во сите делови од нивните животи, па и училиштето. Притоа се разгледуваат неколку теории во врска со употреба на технологијата во училницата. Особен акцент се става на имплементацијата на проектот „Компјутер за секое дете“ спроведен во Македонија и Ирска. И на крај се дава заклочок дека наставниците не треба да се плашат од технологијата и дека таа ќе им го заземе местото, туку да се навикнат на промената и да искористат што е можно повеќе од неа.

5. Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana and Donev, Dragan (2018) Мотивацијата како клучен фактор за изучување на германскиот јазик кај учениците од средно гимназиско образование. *Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет*, УГД - Штип, 9 (12). ISSN 1857-7059

Мотивацијата е клучен фактор во секоја област, па и во изучување на странските јазици, со посебен акцент на германскиот јазик. Зборот мотивација доаѓа од латинскиот збор „movere” – се движи, па таа е движечка сила на секоја наша активност. Немотивираноста го попречува остварувањето на конкретни цели, па оттука предмет на истражување е токму присуството на мотивацијата кај учениците од средното гимназиско образование за изучување на германскиот јазик. Истражувањето се врши преку претходно подготвен прашалник за учениците, а неговите резултати се пласираат токму во овој труд, со надеж дека истите ќе можат да се интегрираати во наставата со цел полесно усвојување на странските јазици.

6. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Daskalovska, Nina (2018) Reading Strategies in English Language Instruction. *Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research,* III (5). pp. 269-280. ISSN 2545-3998

Англискиот јазик е во основата на модерното живеење, па затоа е и многу значаен. Во фокусот на овој труд се промените што настануваат во наставните програми по англиски јазик во основните и средните училишта, за кои самите сме сведоци. Учениците веќе не се пасивни набљудувачи туку активни учесници во наставниот процес. Англискиот јазик се усвојува преку четирите јазични вештини, а ние акцент ставаме на читањето. Од особен интерес се стратегиите за читање, а во овој труд се става акцент на теориите и мислењата поврзани со тие стратегии како и на тоа кои стратегии учениците свесно ги применуваат, а кои ги занемаруваат. Оттука клучна улога имаат наставниците во креирање на успешни читатели со критичко размислување.

7. Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2017) Англицизмите во германскиот јазик врз примери од списанијата „JOY” и „WOMAN“. *Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование ФИЛКО*, 10-12 мај 2017, Воронеж, Русија. pp. 579-590. ISSN ISBN 978-608-244-469-7

Германскиот јазик низ својот историски развој под влијание на најразлични култури и технолошки достигнувања претрпува лексички промени. Постојано се препознава

употребата на странски зборови, пред сè англицизми. Во модерното време, време на брз информатички и комуникациски развој употребата на англицизмите претставува централна тема во германскиот јазик. За повеќето луѓе нивната секојдневна употреба е сосема прифатена, додека пак другите остануваат скептични по ова прашање. Сепак тешко е да се занемарат овие зборови, затоа што се јавуваат во сите сфери на општественото живеење. Од големо значење за истражување на англицизмите претставува јазикот кој го користат младите. Нивното користење и замена со германските зборови не сесведува само на трите позначајни зборовни групи како што се именките, придавките и глаголите, туку нивната употреба се проширува и кај честичките и извиците. Омилени се и поздравните форми како и слоганите на англиски јазик. Во овој труд се задржуваме на морфолошка анализа на англицизмите, застапени во германските списанија за жени „Joy“ и „Women“.

8. Daskalovska, Nina and Dimova, Violeta and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Ulanska, Tatjanaand Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2017) *The role of supplemental instruction in improving students' language competence at the Faculty of Philology. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers*, 19.3 (14). pp. 185-191. ISSN 1857-923X

Овој труд е всушност опис на проектот „Дополнителната настава во функција на подобрување назнаењата на студентите на Филолошкиот факултет“ . Проектот ги вклучува студентите од прва година и проблемите со кои се соочуваат по предметите Современ англиски јазик, Современ германски јазик и Современ македонски јазик. Секоја група на студенти според првично направени тестови се дели на група А и група Б. Во првиот семестар група А посетува дополнителна настава од 2 часа, со експлицитно учење на граматика и вокабулар и други вежби во согласност со комуникативниот пристап на изучување на јазикот. Група Б е контролна група и не следи дополнителна настава во првиот семестар. Сите студенти повторно се тестираат за да се види ефектот од дополнителната настава на екперименталната група во однос на контролната група. Во вториот семестар група Б е експериментална група што следи дополнителна настава од 2 часа неделно, со имплицитно учење на јазикот преку литературни текстови. На крај сите студенти ќе се тестираат да се донесе заклучок кој пристап од двата тестирани е подобар во подобрување на јазичните вештини на студентите.

Сите овие активности укажуваат на успешноста на кандидатката Адријана Хаџи-Николова во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај објавените стручни трудови, кандидатката има учествувано со усна презентација на меѓународни и стручни конференции во земјава и во странство, како и учество на проекти:

1. Hadzi-Nikolova,Adrijana and Daskalovska, Nina and Tasevska, Marica (2019) Стратегии за читање пред, за време и после читањето. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 30 (5), од 29 до 31 март 2019 год во Врњачка Бања, Србија.
2. Daskalovska, Nina and Ulanska, Tatjana and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2019) The Effects of Explicit Supplemental Instruction on Students' Language Competence. Knowledge – International Journal, 30 (5), од 29 до 31 март 2019 год во Врњачка Бања, Србија.
3. Hadzi-Nikolova, Adrijana and Tasevska, Marica (2019) Educational technology, threat or benefit to teachers. ФИЛКО - Зборник на трудови од Трета меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, од 26-27 април 2018 год. во Штип, Македонија.
4. Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2017) Англицизмите во германскиот јазик врз примери од списанијата „JOY” и „WOMAN“. ФИЛКО - Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, од 10 до 12 мај 2017 год. во Воронеж, Русија.
5. Учество во Проектот „Ментор“ (2016), кој заедно го спроведуваат Филолошкиот

факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Преведувачкото биро „ПСД“ од Словенија, во која претставници на словенечкото претпријатие ќе држат обуки за студентите од УГД за применување на најсовремените алатки за преведување, а истовремено преку тестови ќе бидат избрани и најдобрите преведувачи кои ќе можат да добијат можност и да работат за ПСД од Словенија;

6. Учество во проект: Даскаловска, Нина и Димова, Виолета и Кузмановска, Драгана и Веновска-Антевска, Снежана и Кирова, Снежана и Иванова, Биљана и Уланска, Татјана и Тасевска, Марица и Хаџи-Николова, Адријана (2018) Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет;
7. Членување во уписна комисија за изведување уписи на нови студенти на УГД;

Покрај овие активности, м-р Адријана Хаџи-Николова активно учествува и во организациските активности на Филолошкиот факултет:

- Учество во организационен одбор на Филко - Трета меѓународна конференција за филологија, култура и образование, 2018 год., Филолошки факултет, УГД, Штип.
- Учество во организација на Конкурс за најдобар есеј/цртеж, организиран од Филолошки факултет, февруари-април 2018;
- Учество во изработка на Монографија на Филолошки факултет, УГД- Штип, јуни-октомври 2018 год.
- Учество во организација и спроведување на полагање за меѓународни сертификати по англиски јазик во соработка со Британски совет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Адријана Хаџи-Николова поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката м-р Адријана Хаџи-Николова во звањето лектор за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Нина Даскаловска**, вонреден професор, претседател, с.р.
**Д-р Марија Кусевска,** вонреден професор, член, с.р.
**М-р Снежана Кирова**, виш лектор, член, с.р.